# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 26 декември 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 50-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Трифун Костовски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Али Ахмети, Ристо Пејоски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Ганка Самоилова-Цветановска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници.

На седницата присуствуваат 72 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се, претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет и претседателот на Судскиот буџетски совет.

Записниците од 41-та, 46-та, 47-та и 49-та седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека нема забелешки на записниците.

Констатирам дека записниците од 41-та, 46-та, 47-та и 49-та седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување на Законот за државните службеници.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка. Овој закон е од Министерството за правда. (Во истиот момент пристигна министерот за правда)

Министре, работното време како што важи за пратениците, важи и за министрите. (Аплауз)

Повелете да ја објасните итноста за законот што го предлагате, а тоа е законот за државните службеници.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Со оглед на тоа дека со новиот Предлог буџет за 2004 година не се создадени основи, за да може да функционира Главата ИВ на Законот за државни службеници, а бидејќи примената на сегашниот закон е од 1.01.2004 година, предлагаме Собранието на Република Македонија по итна постапка да го донесе овој закон, со кој предлагаме измена и продолжување на рокот на важење.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, за гласале 50 пратеници, воздржани 2 и против гласале 14 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Владата на Република Македонија е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за престанување на важноста на Законот за фондот за земјоделство.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Нема претставник на Владата и оваа итност ќе ја одложиме, се додека не го утврдиме дневниот ред. Ако до тогаш не се појави претставникот, овој закон нема да се стави на дневен ред. Тоа е законот за фондот за земјоделство.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната здравствена организација Психијатриска болница “Скопје” - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Го молам претседателот на Комисијата да ја образложи итната и неодложна потреба, предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Би требало господинот пратеник Ѓорѓи Оровчанец да даде образложение, бидејќи не е тука до заклучување на дневниот ред ќе почекаме.

Пратеникот Марјан Ѓорчев предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со информацијата за состојбите во Агроиндустрискиот комплекс во делот на индивидуалното земјоделско производство.

Информацијата ви е поделена.

Го молам пратеникот Марјан Ѓорчев да ја образложи итната и неодложна потреба, информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани господа министри, претставници на Владата на Република Македонија,

Како 5-та точка од предложениот дневен ред за разгледување на 50-тата седница на Собранието на Република Македонија, точката Предлог буџет за 2004 година, која што претставува финансиска рамка на севкупната јавна потрошувачка, која што ќе ја направи државата, оттука, вклучително и потрошувачката во делот на Агроиндустрискиот комплекс во она што претставува расходи на државата преку соодветното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за унапредување на земјоделството и Фондот за земјоделство, кој што, еве, слушнавме предлог и за негово укинување. Во секој случај целта на оваа информација за состојбите во Агроиндустрискиот комплекс во Република Македонија е да укаже на неодржливата состојба во земјоделството во целина, на неопходноста од поинаков стратегиски пристап, пред се, во делот на она што претставува системска поддршка на Република Македонија, согласно принципите на Европската унија, согласно она што претставува Уругвајската рунда на Светската трговска организација, севкупните движења во светот кога е во

прашање производството на храна во доменот на здравата животна средина и одржливиот развој на планетата Земја и сето она што ние како потенцијал како Република Македонија го имаме во доменот на организација на земјоделското производство, кое што претставува најживотворна, највитална гранка на реално економскиот сектор во Република Македонија. И, тоа со податоци, 13,5% просек во изминативе 10 години учество во бруто општествениот производ, директни учесници како земјоделски домаќинства 185.000 со 91.000 работоспособни лица, 225.000 граѓани на Република Македонија повеќе од 11% од целокупната популација кои живеат од земјоделство, над 20% учество на земјоделските и прехранбените продукти во извозот на Република Македонија, сето тоа укажува на податокот дека имам право што оваа информација барам да биде ставена на дневен ред како точка 4, пред точката на Предлог буџетот на Република Македонија за 2004 година. Сето тоа од причини кои сега ќе ги кажам.

Пренесените неразрешени проблеми во развојната 2002 - 2003 година, неисплатената и ненавремена исплата на пченицата, ненавремена исплата и на онака ниската откупна цена на тутунот, проблемите со измрзнување на овоштарството и сето она што значи отсуство на поддршка, системска поддршка како мерки во делот на зелените мерки, кои што значат директна помош преку регреси, преку надоместоци, преку дотации, преку рефундации, преку рефакции во делот на она што ни се признава како неограничена мерка на помагање на земјоделскиот сектор. Тоа го признаваат сите меѓународни институции, независно дали сме во преговори со една или друга меѓународна институција, како и потребата државата на соодветен начин да го регулира откупот на земјоделските производи во делот на стратешката димензија на одделни производи во Република Македонија.

Второ, крајно намалената потрошувачка во земјата, која што наспроти ниските увозни цени, кои што се атрактивни за увозниците, заради ефтиниот денар, а инаку пред се ценетиот денар во однос на еврото и корпата на странски валути, го доведуваат во прашање одржувањето на тековното производство во 2004 година, ги обесхрабруваат земјоделските индивидуални производители и на крајот сето тоа ќе придонесе за намалена од година во година продукција на земјоделски производи и зголемен увоз на овие производи, кои што во овој момент, веќе кажав учествуваат со над 20% во извозот на Република Македонија. Зголемените даночни оптоварувања, имено, за сите репроматеријали кои учествуваат во производство на земјоделски производи, пред се заштитните средства, ѓубрива, добиточна храна, ветеринарни

лекови, стапката на данок за додадена вредност, се зголеми од 5% на 18% без можност индивидуалниот земјоделец да си ги поврати средства од платениот данок.

Последно, отсуство на конкретен акционен план односно приоритетни програми за земјоделско производство поткрепени со системски мерки за поддршка, согласно принципите и ставовите во земјите од Европската унија и земјите во регионот. Во рамките на обезбеденото право што го доби Република Македонија за поддршка при зачленување во Светската трговска организација, како и непреземањето на заштитни мерки кои што ни се дозволени кога сме склучувале договори за слободна трговија кога ќе се нарушат пазарните текови во земјата, тоа се мерките за елиминирање на нелојалната конкуренција и мерката за елиминирање на она што претставува нарушување на пазарот во Република Македонија.

Состојбите по одделни култури се катастрофални. Во 2003 година како родна, производна година во сите домени на земјоделското производство имаме опаѓање на производството. Тоа значи дека и проекцијата за буџетот, која што беше предвидена кон крајот на 2002 година за пораст и учество на земјоделското производство со 5% зголемена вредносна димензија не се реализира, туку напротив, земјоделското производство во сите домени опаѓа. Најнапред, пролетната сеидба во 2003 година беше реализирана со намалување од 5% помалку од пролетната сеидба во 2002 година.

Понатаму, од жетвата во 2003 година ожнеано е помалку од 41.000 тон или за 16% помалку од 2002 година. Откупените количини на пченица како пазарен вишок во септември 2003 година изнесуваат 86.000 тони и во споредба со истиот период во минатата година помалку е откупено од 53.000 тони или 38% помалку. Ненавременото плаќање на тутунот имаше за последица тутунското производство на опадне во однос на 2002 година односно да биде помалку за стапката на таа површина за 34%. Да не заборавиме дека во овој буџет како проекција за 2004 година се планираат акцизи на тутунски добра во висина од 2,5 милијарди денари, а тоа можеме да го реализираме ако имаме производство. Ако имаме намалување од 34% тутунско производство, нема да ги реализираме предвидените акцизи.

Се предвидува да се откупи тутун во висина од 14.980 тони или за 27% помалку од минатата година кога беа откупени 20.444 тони.

Овоштарството во оваа година, само по основ на штети од измрзнувања бележи штети од цирка 9 милиони евра, а ако се вкалкулираат и индиректните трошоци, тогаш бројката е далеку поголема, а пробемот со над 30.000

тона јаболка и ден денеска е актуелен во Република Македонија. Не е обезбеден пласман на стратешките производи од овоштарството.

Во сточарството сведоци сме на многубројни проблеми, како увозот на свинско месо, нелојалната конкуренција со цените од земјите од Европската унија, кои што имаат извозни рефундации на сите видови на телешко месо, на свинско месо, на живинско месо, а годишниот извоз на јагнешкото месо покажа опаѓање и во овој домен за 12% помалку од 2002 година.

Состојбата со млекото и млечните производи е исто така драматична. Неодамна бевме сведоци дека најголемата млекара во Република Македонија навестува намалување на откуп на млекото во висина од 2 милиони литри.

На крај, ценовната политика, несоодветната подготовка, пред се, во делот на законската регулатива, ја ограничи заштитата од високо субвенционарното производство во земјите од Европската унија и земјите во регионот, а тоа услови нелојална конкуренција на домашното производство, кое што услови пак, цените на домашните земјоделски производи да бележат опаѓање за околу 15%. Тоа се рефлектира со намалување на понудената количина за откуп, со несигурност на сеидбените планови и во крајна линија неорганизирано индивидуално земјоделско производство и зголемен увоз на земјоделски прехранбени производи, за кои што ќе плаќаме скапи девизни средства.

Заклучок, предлогот оваа точка да се стави на дневен ред ќе овозможи, една од основните постулати во макроекономската рамка и во она што претставува целина на буџетската политика за 2004 година, а тоа е пристапување кон Европската унија, Република Македонија да ги почитува, ако не ги почитува оваа година, ќе има катастрофален биланс, ќе мора да ги почитува во 2005 или 2006 година, ама тогаш ќе биде доцна, за многу граѓани на Република Македонија ќе влезат во онаа група на сиромашни граѓани, која што е веќе 40%, што значи ќе мораме да разбереме дека еден од клучните моменти на пристапување на Република Македонија кон Европската унија е почитување на буџетот на Европската унија, каде што од 90 милијарди евра, 40 милијарди евра одат во делот на земјоделството. Ако така размислува Европската унија, со која што имаме потпишано Спогодба за стабилизација и асоцијација, така мора консеквентно да размислува и Република Македонија. Ако размислува така, како што размислуваме ние во буџетот за 2003 и 2004 година, тогаш проекцијата за буџетот нема да се реализира, како што нема да биде реализирана ни оваа проекција за економски

раст, невработеноста ќе расте, сиромаштијата ќе се зголемува и на крај на краиштата ќе имаме скапи производи, стандардот на населението ќе паѓа и ќе има незадоволство од актуелната извршна власт во Република Македонија. Од тие причини мораме да ги почитуваме стратегиите за развој на Република Македонија, стратегијата за развој на земјоделството, принципите на Европската унија, ставовите на Светската трговска организација и на таков начин во делот на директната поддршка на земјоделството, таканаречените зелени мерки, во делот на она што претставува прифаќање на индиректна поддршка мораме да го имплементираме во годинешниот буџет, ако сакаме прокциите кои што се дадени, да бидат респектабилни и да реализираме претпоставки, кои што ќе овозможат зголемен стандард на македонските граѓани, за кои земјоделските производи се од витална важност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорчев.

Повелете господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе,

Јас се извинувам, знам дека малку излегуваме од Деловникот, бидејќи оваа информација кога ја добивме од колегата Марјан Ѓорчев пишуваше дека бара точка на дневен ред за состојбите во Агроиндустрискиот комплекс без да каже која точка да биде од дневниот ред, ние ја поддржуваме оваа иницијатива, доколку се најде на дневниот ред по редот како ќе дојде и последна, бидејќи е последна предложена. Значи, ние ќе гласаме за да биде на дневен ред, доколку е последна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кога ќе го прочитам дневниот ред, тогаш можете да предложите.

Добро, бидејќи е дојдена на крај, таа е ставена последна од предлогот на дневниот ред, така што таа информација што ја имам можам да ја кажам.

Го ставам на гласање предлогот на пратеникот Марјан Ѓорчев да се разгледа на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вкупно гласале 93 пратеници, 90 за, нема воздржан и 3 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Марјан Ѓорчев е усвоен.

Бидејќи го гледам тука претставникот на Комисијата за здравство, се враќанме на итноста на точката.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлогот на одлука за даваеј согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на ЈЗО “Психијатриска болница Скопје” - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Го молам претседателот на Комисијата да ја образложи итната и неодложна потреба, Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за здравство г-динот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Статутарните промени кои се во склоп на оваа болничка установа не се предмет на предложените законски промени во Законот за здравствена заштита, а битни се за организационата поставеност на самата болничка установа која спаѓа во здравствените установи од секундарен карактер. Според тоа би било потребно да се донесе оваа ставка на промена, со една цел правилно да се постави организационата структура на болницата за нервни и душевни болести Бардовци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, 80 за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Процедурално за збор се јавува г-динот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам, г-дине претседателе,

Не сакам да бидам само актер за неколку феномени и затоа сакам заеднички да дискутираме.

Денес сме 26 декември. Се предлага една седница од 45 до 55 точки од дневниот ред. Се знае дека сме пред новогодишните празници. Сите луѓе имаат планови, и граѓаните. Доколку почувствувате да ни кажете до кој ден ќе работиме, со каква динамика и до колку часот, бидејќи луѓето имаат аранжмани, па коректно е да им се каже

Предлагам сите точки да се бришат и на оваа седница да се разгледува само Буџетот, и тоа има навистина смисла. Потоа можеме да продолжиме со точките. Но, ве молам, да ни кажете со каква динамика, до кој ден ќе работиме итн.,за да не бидеме само актери.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие формулирате предлог сите точки да се изземат осим буџетот. Тоа е вашиот процедурален предлог.

Ве молам, формулирајте го предлогот по кој треба да се произнесеме.

ЗАМИР ДИКА:

Претседателе, или не сакате да ме разберете. . .

Првото прашање е до кога ќе работиме, со каква динамика и граѓаните да го знаат тоа, а не да точекаат 31 декември, тука гледајќи не нас.

Мојот предлог беше конкретен.

Јас предлагам на оваа седница да останат само точки кои се однесуваат на буџетот, а останатите точки да се гледаат на една посебна идна седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Одговорот на првото прашање е, ќе работиме додека не се донесат законите кои треба да се завршат до 31 декември о.г. Тоа значи може да се работи и на самиот ден на Нова Година. Јас дополнително ќе ве известам.

Го ставам на гласање предлогот на г-динот Замир Дика сите точки осим буџетот да се одложат.

Ве молам да гласаме.

Гласале 90 пратеници, 31 за, 1 воздржан и 58 пратеници против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Бидејќи не е тука претставникот од Министрството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ние поминуваме на дненвиот ред кој сега ќе го предложам, така како што ќе дискутираме.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Утврдување на Предлогот на амандманот XIX на Уставот на Република Македонија;

2. Усвојување на амандманот XIX на Уставот на Република Македонија;

3. Прогласување на амандманот XIX на Уставот на Република Македонија;

4. Предлог на буџет на Република Македонија за 2004 година;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2004 година, со Предлог на закон;

8. Предлог на програма за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2004 година;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

10. Предлог на закон за водостопанства;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон;

14. Предлог на закон за изменување на Законот за државните службеници;

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон;

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита;

18. Предлог за донесување на закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа;

19. Предлог за донесување на закон за даноци на имот;

20. Предлог за донесување на закон за комуналните такси;

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси;

22. Предлог за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија;

23. Предлог за донесување на закон за Градот Скопје;

24. Предлог на закон за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување;

25. Предлог на закон за евиденциите во областа на трудот;

26. Предлог на закон за органско земјоделско производство;

27. Предлог на закон за трговија;

28. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, со Предлог на закон;

29. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за отпад, со Предлог на закон;

31. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, со Предлог на закон;

32. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

33. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за денационализација, со Предлог на закон;

34. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон;

35. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон;

36. Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на терористичките напади со експлозивни направи, со Предлог на закон;

37. Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирањето на тероризмот, со Предлог на закон;

38. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 12 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, со Предлог на закон;

39. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 13 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, во врска со укинувањето на смртната казна во сите околности, со Предлог на закон;

40. Нацрт на закон за финансирање на политичките партии;

41. Предлог за донесување на закон за вработување и работа на странци;

42. Предлог за донесување на закон за здравје на растенијата;

43. Избор на членови на Републичкиот судски совет;

44. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје И - Скопје;

45. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот парламент;

46. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

47. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

48. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател и членови на Координативното тело за спроведување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето;

49. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија;

50. Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната здравствена организација Психијатриска болница “Скопје” - Скопје;

51. Информација за состојбите во агро-индустрискиот комплекс во делот на индивидуалното земјоделско производство. Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор г-динот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам, г-дине претседателе,

Смислата на информацијата беше да се запознаат пратениците во Собранието на Република Македонија со состојбата во Агрокомплексот, особено на седница кога го донесуваме Буџетот за 2004 година, бидејќи вториот дел од информацијата има заклучоци во кои се укажува на каков начин треба да . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам кажете го предлогот.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Предлогот е да биде точка 4.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво да го утврдиме дневниот ред па после ќе дискутираме за измена на редоследот, бидејќи сеуште не сме го утврдиле дневниот ред.

Сега дојде пртставникот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Молам, претставникот да ја образложи итноста за Законот за Фондот за земјодели, тоа ќе биде последна точка.

Повелете г-дине Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прво се извинувам за задоцнувањето, со оглед на метежот во сообраќајот што ме попречи благовремено да дојдам кога се расправаше за тоа.

Покрај причините наведени во образложението на текстот и донесување на закон за укинување на Фондот за земјоделство, дополнувам и тоа дека пред нас е усвојувањето на буџетот и итноста од враќање на средствата дистрибуирани кон Фондот, како посебен правен субјект со самостојно водење на земјоделска политика и плаќање од Буџетот, што е определен за истиот, во Централниот буџет односно во буџетот на Министерството и за споделување на одговорноста на Министерството за распределбата на средствата наменети во Буџетот во 2004 година.

Состојбата досега карактеристична е со тоа што во 2002 година прв пат од донесувањето на Буџетот, надвор од Министерството формиран е фонд со својство на правно лице.

Итноста од потребата за донесување на закон за укинување на Фондот за земјоделство, покрај причините наведени во предлогот, го дополнувам со следното.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е министерство во состав на Владата на Република Македонија што во рамкит ена надлежностите утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа, ги троши средствата и ја сведува политиката во областа што ја покрива неговата надлежност.

Прв пат од постоењето на министерството, во 2002 година воспоставен е фонд спротивно на Законот за организација на органите на управата, донесен во 2000 година, со кој се одземени надлежностите од работата на Министерството во областите што таа ги покрива и формиран е посебен правен субјект со самостојни извори на приходи и буџетски средства кој треба да ја води политиката на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. На тој начин направено е двојство во програмата за финансирањето на земјоделието што се одвиваше само во 2002 и 2003 година, на начин што, преку Програмата за поттикнување на земјоделието се определуваат средства што минатата година беа во висина од околу 204 милиони, исто толку и за 2003 година, и истовремено се определилја посебни буџетски средства за водење на земјоделска политика на орган надвор од состав на Министерството со свој Управен одбор, со свој директор,

со своја програма и со надлежности предвидени во тој закон, што се спротивни на надлежностите на двотртинскиот закон со кој е воспоставена надлежноста на Министерството.

Имајќи предвид дека со Законто за фондот за земјоделство е воспоставена управна организација надвор од составот на Министерството спротивно на закон, со место, само стручни и администртивни надлежности и со управни надлежности, значи и со одлучување, се дојде до двојство во водењето на земјоделската политика во Секторот, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со министер и со 204 милиони буџетска поддршка за земјоделието и Фонд за земјоделство со Управен одбор и дирктор и со преку една милијарда денари приходи за трошење и водење на политика во земјоделството. Како познатите системи во светот, особено оние во ЕУ не признаваат поделеност во донесувањето на одлуките, туку напротив извршувањето и одлучувањето политичко треба да биде на едно место, или раздвоено едно од друга, а со нашиот закон согласно со Законот донесен во 2002 година е воспоставено двојство, во тој случај е симната одговорноста во Министерството, за земјоделската политика и е пренесена на орган кој тоа не може да го прави.

Тоа накратко е она што во текот на постапката го имавме во вид кога се одлучивме за донесување на ваков предлог.

Од друга страна, во договор со ММФ, за поттикнување на аранжманите со истиот една од клучните забелешки, покрај Законот за тутун односно финансирањето и откупот на тутутнот, беше и забелешката на сите фондови, вклучувајќи го и Фондот за земјоделство, особено во поглед на тоа што гој фонд го презеде одлужувањето, место политичкиот врв што е одговорен, според Устав и според закон за тоа.

Поаѓајќи од тоа, при подоготвките во буџетот за 2004 година и од фактот дека сугестиите на ММФ ги прифативме и решивме да ги вградиме во нашиот правен систем до 31.12.го предложивме овој закон, со итност за неговото донесување затоа што е потребно:

Прво, во буџетот да се внесат средствата од Фондот и да се вратат во Центарот за политичко однесување што ќе ја води земјоделската политика и ќе ја финансира истата со средствата од Буџетот и ќе се одземат ингеренции на орган што таквата политика можеше да ја води независно од Министерството и од

Владата и за тоа да одговара само тој, а не оние кои треба да носат политички одлуки.

Поаѓајќи од тоа, на кратко, а за останатите причини, кога ќе дојде на ред законот, се одлучивме и предложивме овој закон да оди по скратена постапка односно по итна постапка затоа што во Буџетот односно во проекцијата во Буџетот за 2004 година, средствата наменети за работа на Фондот треба да преминат во Министерството каде треба да се одлучува за трошењето на тие средства и целите за кои тие треба да се употребат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале 81 пратеник, 55 за нема возджани, 25 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Како предлог на Владата го ставам  дневниот ред како што го прочитав и како последна точка 52 ја ставам Предлог на законот за престанување на важност на Законот за фондот за земјоделие.

Сега ве повикувам да го утврдиме овој редослед на дневниот ред.

Ве повикувам да гласаме.

Значи гласале вкупно 74 пратеника, 61 за, воздржани пет и осум против.

Се г-динот Марјан Ѓорчев има на утврдениот дневен ред забелешки.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Господине претседателе, смислата на информацијата беше да се разгледуваат мерките, кои што се наведени во Заклучокот, како мерки кои што ќе придонесат проекциите во макроекономската рамка на Буџетот во 2004 година да бидат реализирани и мерки кои што ќе овозможат раст на земјоделското производство во 2004 година.

Од таа причина, предлагам дневниот ред на денешната седница точката Информацијата на македонскиот агрокоплекс на македонското земјоделско проиводство да биде дополнет, односно да биде четврта точка од дневниот ред пред Предлог буџетот за 2004 година, затоа што кога, ако не на оваа седница ќе можеме да им помогнеме на индивидуалните земјоделски производители, односно

она што можеме да го направиме како реална поткрепа на организација на тоа производство преку буџетот  за 2004 година. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот пратеник Марјан Ѓорчев има предлог точката 51 да биде четврта точка.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 84 пратеници, за гласале 29, воздржани двајца а против 53 пратеници.

Значи предлогот за измена на редоследот на дневниот ред не е усвоен.

Дали има некои други забелешки?

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам да го земете листингот и да се утврди кои гласале овде, а кои пратеници се отсутни, бидејќи некои и за тие отсутни пратеници гласал. Затоа што гледаме дека некој гласал за други пратеници кои не се тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа ќе го направиме подоцна.

Го ставам вака утврдениот дневен ред конечно на усвојување.

Ве молам да  гласаме.

Гласале 75 пратеници, 57 за, еден против, 17 воздржани.

Значи прочитаниот дневен ред што го прочитав е утврден како конечен дневен ред.

Одиме на првата точка - Утврдување на Предлогот на амандманот 19 од Уставот на Република Македнија .

Текстот на Предлогот на амандманот 19, Извештајот од резултатите од јавната дискусија во врска со нацртот на амандманот 19 од Уставот на Република Македнија  ви се доставени.

Извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 19.

Согласно член 207 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Макединија , Предлогот на амандманот е утврден ако за него гласале мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор министерот за внатершни работи г. Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам г. претседателе.

Почитувани пратеници,

Ќе се обидам навистина, да бидам краток затоа што после скоро девет месеци расправа во која што се беше кажано и поминати сите фази  на постапката за донесување, денеска пред вас се наоѓа Предлогот на амандманот 19 на Уставот на Република Макединија . После сите расправи во Собраниските комисии и во самото Собрание, после организираната јавна расправа со учество на сите медиуми во Република Макединија , стручната расправа во полициската академија, со најистакнатите македонски експерти од таа област, претставниците на политичките партии и усогласувањето со најголемата опозициона партија, денес пред вас го имате и терминолошки и суштински подобрениот амандман кој значи почитување на Европската конвенција за човекови права и усогласување со законодавството на ЕУ и со меѓународните стандарди. Создавање на уставен и законски основ од примена на специјалните истражни средства и зголемена ефикасност на надлежните државни институции во борбата против меѓународниот и домашниот тероризам, борбата против оргинизираниот криминал, корупцијата и зајакнувањето на безбедноста и одбраната на Република Макединија , заштита на индивидуалните човекови слободи и права со истовремено почитување и на јавните интереси на заедницата , т.е. на Република Макединија, утврдување уставен основ за донесување закон со кој ќе се утврдат условите и постапката за отстапување од правото на неповредливот на писмата и сите други облици на комуникација и тоа само врз основа на одлука на суд и само ако е тоа неопходно заради спречување или откривање на кривични дела заради водење на кривична постапка, или ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Макединија .

Сепак и покрај тоа што во  целокупната постапка постоеше широка согласност и консензус за потребата од донесување на амандманот 19 деновиве повторно дури

во собраниските комисии се појавија определени информации и дискусии дека нема потреба да се брза со донесувањето на амандманот, дека не треба да биде на денешната седница на Собранието на Република Макединија и дека треба да се одложи неговото донесување за некои подобри времиња дека постојат сомневања за неговата имплементација во праксата итн.

Почитувани пратеници ваквите забелшки навистина не држат.

Прво, за какво наводно брзање за донесување на амандманот се работи кога токму Владата, политичките партии кои го сочинуваат ова Собрание и самото Собрание и експертите веќе подолго од 9 месеци расправаа за донесувањето на амандманот и постигнаа целосна согласност за потребата од негово донесување.

Впрочем, и претходната Влада ја согледа таа потреба и имаше подготвено сличен амандман. Исто така и претставниците на Меѓународната заедница во повеќе наврати јасно укажаа на потребата и ја вклучија како обврска на Република Македонија  за усогласување на нашето законодавство со она на ЕУ со меѓународните стандарди.

Второ, во сите досегашни фази амандманот ја имаше поддршката и од опозиционите партии кои ја подржаа и иницијативата за пристапување кон промена на Уставот на Република Македонија  и нацрт амандманот, а Владата не се брза, туку само ги спроведува заклучоците од седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 10 септември оваа година со кој беше определен рок од 30 дена за јавна дискусија и дополнителен рок од 30 дена за сумирање на јавната дискусија и доставување на извештај до Собранието на Република Македонија . Тој рок истече на  15 ноември 2003 година.

Трето, токму по барање на опозиционите партии Владата прифати иако тоа не е неопходно дури и Законот за следење на комуникациите да се носи со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници за да некој не помисли дека парламентарното мнозинство ќе го злоупотреби донесениот амандман преку донесувањето на законот.

Четврто, истовремено и постапката за усогласување на законот за следење на комуникациите е веќе при крај со целосно учество и соработка со опозиционите партии, експертите, судските и обвинителските органи и со респектирање на коментарите, предлозите и сугестиите кои ги добивме од претставниците на САД на ОБСЕ  и на други меѓународни организации и институции. Впрочем, верувам дека на сите ни е цел да добиеме еден современ закон, усогласен со сите меѓународни

стандарди, затоа веднаш по прогласувањето на амандманот 19 на Уставот на Република Македонија  и по целосно усогласување законот ќе биде пуштен во владина и собраниска процедура..

Затоа почитувани пратеници, без никаква намера на било кој начин да влијаам врз вашето демократско право на дискусија би сакал да истакнам дека според мое лично мислење ова е еден од оние моменти кога треба да се донесе вистинска одлука со потребното мнозинство после широката и конструктивна расправа во собраниските комисии и самото Собрание и при покренувањето на иницијатива и при утврдувањето на Нацрт-амандманот и во јавната дискусија со притискање на зеленото копче за, ќе ја покажете својата намера и желба за усогласување и за почитување на европските стандарди и прописи. Со притискање на црвеното копче, против, ќе покажете дека само декларативно сте за евроинтеграции но во практиката работите против тие процеси. Со притискање на зеленото копче ќе покажете дека сте за зголемена ефикасност во борбата против меѓународниот и домашниот тероризам, организираниот криминал и корупцијата за зајакнување на безбедноста и одбраната на Република Македонија , а со притискање на црвеното копче ќе покажете дека сте против тие процеси. За оние пак кои ќе го притиснат жолтото копче како воздржани, не сакам ни да коментирам.

Верувам почитувани пратеници дека денеска ќе ја покажете својата современост.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре оставете вие на пратениците да одлучат. Не морате вие да им сугерирате, вие само изложете ја само јавната расправа.

ХАРИ КОСТОВ:

Верувам почитувани пратеници дека денеска ќе ја покажете својата современа проевропска ориентација и ќе ги усвоите и ќе го прогласите предложениот амандман 19 на Уставот на Република Македонија .

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г. Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас ќе ја искористам можноста дами и г-да пратеници, почитуван претседателе. Ова не е пример. Ова е еден нонсенс. Министерот на овој начин да им се обрати и на парламентарците и на еден начин се става и над парламентарната институција, врз тоа што овде повторно има правила и закони итн. Но во ова продолжение е недозволиво и соработката со опозицијата, а ние сме и дел на опозицијата и на ниеден начин не сме се консултирале никогаш дури и за оваа измена и јас не мислам дека прислушкувањето е историски момент. Напротив, е напад врз демократијата. Но малку повеќе да се надоврзам со идејата и со предлогот. Не е ништо ново да констатираме дека ние на еден начин сме прислушкувани кој помалку, а окј повеќе. Кој поради ова, а кој поради друга причина. И досегашните избори, или актуелниот избор во рамките на потребите мислам дека биле и се доволни. Но за жал, сега се врши една интервенција која мислам повторно дека е ретроградна. Зошто е ретроградна? Ретроградна е поради една причина, бидејќи со оваа формулација каде се вметнува елементот на безбедноста на државата, а не заштитата на државата, во суштина просторот за злоупотреба е многу поголем. Ќе ве потсетам на тоа дека и во бившите устави на Југославија приближно беше оваа  формулација. И во согласност со оваа формулација беше фамозниот член на непријателската пропаганда. И не е ништо за да се чудиме дека малку или повеќе ова асоцира на минатото. Повикот за европските законодавства слични на оваа или прилагодувањето на нашите закони и нашиот Устав во оваа област со тие од демократските земји не држи, бидејќи министерот малку или повеќе ќе требаше да направи и едно компаративно отсликување и да го види ова. Речиси секаде и во демократските земји е дозволено неповредливоста на поштенските пратки и слични работи кои можат да бидат како материјални докази. Но ние неможеме да дозволиме еден неограничен простор ниту на судството , значи да се прислушкуваат граѓаните, да се повредува основното право на човекот. Ние треба да знаеме дека се соочуваме со судството, бидејќи прислушкувањата се дозволува пред претходна судска одлука , ние се соочуваме со едно судство, кое за жал е и партиско, кое е и собраниско, бидејќи го избира Собранието  дури и од претседателот на државата, а да не речеме и на другите институции. Фактички ве молам се релативизира и апсолутната доверба и во одлуката на судот кога ќе дозволи прислушкување за кривични дела кои не се утврдени. Значи за кои дела станува збор? Значи фактички можното за една диверзија во основното право на

човекот, во неповредливоста на комуникацијата е евидентна. Затоа мислам дека и досегашната формулација на истражните органи, на органите на полицијата, или на слични органи има понудено можност, реална можност и доволен простор да го извршат прислушкувањето во рамките на потребите бидејќи јас не размислувам дека некој е против тоа што е современ тероризам, а посебно по 11 септември. Но формулацијата која е предложена некоенцидира во таа војна против тој тероризам. Но за жал е прислушкување кое ќе има повеќе политичка комотација внатре во земјава и не за други потреби. Ви благодарам г. претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Насуфи.

Има збор г. Трајановски Коце, а нека се подготви пратеникот Иванов Љубисав Ѕинго.

Повелете г. Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Господине претседател, почитувани пратеници, претставници на Влада,

На дневен ред е усвојување на Предлогот на Амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија. Практично, тој амандман го менува членот 17 од Уставот на Република Македонија , а со тој член од Уставот на Република Македонија се регулира по кои услови и под какви услови се прислушкува, т.е. се следат комуникациите во Република Македонија .

Имено, следењето на комуникации во Република Македонија е уставна заштита на приватноста како врвна вредност на човековите права и слободи. Секое задирање во сферата на приватноста нужно се доживува како загрозување на личноста, достоинството и слободата на човекот. Ова, меѓутоа не значи неограниченост или апсолутна неповредливост на човекваота приватна сфера. Под одредени услови оваа сфера може и да се повреди. Тоа е став и на најзначајните меѓународни правни акти што ја засегаат сферата на човековите права и слободи.

Имено, во членот 17 од Меѓународниот пакт за граѓански политички права се вели:

“1. Никој не може да биде изложен на самоволно или незаконско мешање во неговиот приватен живот, семејство, стан или преписка, ниту на противзаконити напади на неговата чест и углед.

2. Секој има право на законска заштита против таквото мешање или таквиот напад”.

Додека во членот 8 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи се вели:

“1. Секој има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, на неговиот дом и на неговата преписка.

2. Јавните власти не смеат да се мешаат во вршењето на ова право, освен кога тоа е предвидено со закон и неопходно во демократското општество во интерес на националната безбедност, јавната сигурност или економската благосостојба на земјата, а поради спречување на  нереди или криминал, за заштита на здравјето и моралот или заради заштита на правата и слободите на другите”.

Нашиот уставотворец, т.е. Уставот што е донесен во 1991 година, свесен за значењето на проблематиката на следењето на комуникациите се обидел да ја заштити таа комуникација, прогласувајки ја за недопирлива. Но, колку што човек може да има разбирање за овој став, за недопирливоста на следењето на комуникациите, толку може да го проблематизира и да ја доведе во прашање исправноста на ставот на нашиот уставотворец за апсолутниот карактер на забраната да се засега во доменот на прислушкувањето.

Уставната позиција во врска со прислушкувањето во Македонија се почесто и погласно се именвуа како несватлива. Имено и Владата од 1998 до 2002 година имаше некои обиди за менување на овој дел од Уставот т.е. за неразумен, а пред се нецелообразен или многу либерализиран. Прислушкувањето или следењето на комуникациите е апсолутно забрането, како што реков со членот 17 од Уставот на Република Македонија  и тој, со член 17, став 1, се гарантира слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на општење, а со ставот 2 на оваа одредба се допушта определено отстапување, но само по однос на писмата, но не и следењето на другите облици на комуникации така што ова останува само во случај при водење на кривична постапка и за интересите за одбраната на  Република Македонија .

Своевремено, Уставниот суд на  Република Македонија  , во 1994 година укина одредени членови од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи и упатставата за примена на оперативно-техничките средства и методи на Службата за државна безбедност како противуставни. Уставниот суд оценил дека оспорената одредба од Законот за внатрешни работи, со тоа што предвидув аможност за отстапвуање од неповредливоста на тајноста на сите

облици на општење, а не само на писмата, излегува од рамките на уставно ограничување на можностите за отстапвуање од овој принцип. Што значи дека и без уставна основа, 1994 или пред 1994 година, врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи се вршело прислушкување, што Уставнито суд тоа го има укинато.

Денеска, комуникација со телефон е далеку почеста отколку порано кога претежно беше со допишување. Има голем развој на информативните системи, голем развој на средствата и техниките за комуникација. Со вакваа регулатива уставотворецот практично ја разоружал македонската власт во борбата со тероризмот, трговијата со оружје, дрога, бело робје и други облици на криминал. И додека криминалците од ваков вид користат најсофистицирани средства за меѓусебно комуницирање, државата е упатена на најтрадиционалните средства, на нивно следење и откривање. Т.е. на државата, согласно на Уставот, т.е. на министерствата не им е дозволено да користат современи специјални истражни средства и методи  за превентивно  одбивање и сузбивање на организираниот криминал и недозволената трговија со оружје, дрога и луѓе, како и тероризам, што во последните години е многу актуелен и опасен по состојбите во државата.

Значи, не е спорно дека државата има право и потреба да се меша во сферата на приватноста, но под строго определени услови. За законитоста на тоа вмешување не е меродавен фактор дека тоа било сторено во сообразност со регулативите на земјата, туку и нешто пвоеќе. Т.е., дали таа законска регулатива е во согласност со член 8 од Европската конвенција за човекови права, затоа што Европскито суд за човекови права може една земја да ја осуди и поради стореното врз основа на сопствениот закон, доколку домашното право не е во сообразност со правилата на конвенциите.

Другите држави во Европа ова прашање го имаат ставено во мошне прецизни регулирани правни  рамки. Јас би набројал само неколку.

Имено, во членот 19 од Уставот на Грција се вели:

“Тајноста на писмата и на слободната коресподенција и комуникација од секаков вид е потполно неповредлива. Со закон се определуваат условит епод кои правосуднито орган може да отстапи од тајноста поради причини  на национална безбедност или поради основано сомневање за сторување на особено тешки казниви дела”.

Во членот 15  од Уставот на Италија се вели:

“Слободата и тајноста на коресподенцијата и на сите други видови на комуникација се неповредливи. Тие можат да бидат ограничени само со образложена одлука на судски орган и според условите определени со закон”.

Би сакал уште да цитирам како е решено тоа во Република Словенија. Имено, според членот 37 од Уставот на Република Словенија од 1991 година се веи:

“Загарантирана е тајноста на писмата и на другите средства за општење. Само со закон може да се пропише дека врз основа на одлука на суд може во оделни случаи да се отстапи од тајноста на писмата, и другите средства за општење и на неприкосновеноста на човековата личност, ако е тоа неопходно за започнување или спроведување на казнената постапка или за безбедноста на државата.

Ние, како Собрание на Република Македонија и како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, на 24.06, ја подржавме Одлуката за пристапување кон измена на Уставот и согласно на таа Одлука се изготви нацрт на амандманот на Уставот и на 10.09.2003 година се донесе Заклучок со кој што тој Нацрт на амандман се стави на јавна расправа. Споредувајки го овој текст на амандманот на Амандманот XIX со кој се менува членот 17 од Уставот на Република Македонија , може да се каже дека комплетно содејствува со решенијата предвидени во другите европски држави од кои само дел наведов.

Имено, во ставот 1 од Амандманот XIX е укажано дека се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на другите облици на комуникација. Измената тука е следна, бидејки во текстот на Уставот пишуваше дека е “тајност на писмата”, а овде “неповредливоста на писмата”, во сегашниот текст пишува дека е “облици на општење”, сега е “облици на комуникација”.

Додека во ставот 2 од Амандманот XIX “може да се отстапи од неповредливоста на писмата и другите облици на комуникација”. Новото тука, во ставот 2 е тоа што се вели дека “ може да се отстапи и при други облици на комуникација”. При ова, тоа да е сторено само врз основа на одлука на суд. Тоа беше и постојниот текст на членот 17 од Уставот.

Второ, отстапување на неповредливоста на писмата и други облици на комуникации да е под услови и постапка одредени со закон. Ова е исто така ново во вториот став од Амандманот XIX , значи се пропишува тоа да биде под услови, по стафки превидени со закон.

Трето, ако е тоа неопходно заради спречување или откривање на кривични дела, заради водење на кривична постапка, или кога тоа го бараат интересите на

безбедноста и одбраната на Републиката. Ново во овој став е тоа што се воведува и при спречување и откирвање на кривични дела, а не само при водење на кривични постапки, под еден и под два што покрајодбраната се воведува како интерес и безбедноста на Република Македонија .

Истот ака, по однос на отстапување од неповредливоста на писмата и другите облици на комуникација, ова да биде уредено со закон. Ние тоа го баравме, тоа и се оствари во овој Предлог на амандман и може да се каже дека е добро, но само , исто така, тоа со закон ќе се регулира со донесување со двотретинско мнозинство. Ние, како опозиција, баравме да биде внесен и таков став во Предлогот на амандманто и тој став е внесен, така што донесувањето на законот со кој што се следат комуникациите ќе биде донесен со двотретинско мнозинство.

Исто така, имавме работна група која што соработуваше со Министерството за донесување на законот за следење на комуникациите.

Но, кај нас постои една друга тенденција, т.е. пракса на извршната власт, так ашто имаме големо влијание на судството и тоа е нашата дилема за примената на овој амандман со кој што се менува членот 17 од Уставот на Република Македонија . Значи,нашите забелешки се во смисла на тоа под кои услови и како се применвуа овој амандман. Инаку, она што се однесвуа до текстот на амандманот, дека тој соодвествува со уставите , како е тоа регулирано со уставите на другите европски држави, и дека ние сме учествувале во сето тоа, сме ги давале нашите забелешки, тука немаме забелешка. Забелешката е во условите во кои што се наоѓа Република Македонија , и условите во кои што ќе треба да се применува овој Амандманот . Тука е основното сомневање на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г. Трајановски.

Има збор г. Ивановски, а нека се подготви г. Слободан Чашуле:

ЉУБИСАВ ИВАНОВСКИ ЅИНГО:

Благодарам господине претседателе,

Јас немам намера сега опстојно да расправам за овој Амандман затоа што јас долго зборував уште во првата фаза кога беше предложена измената на Уставот на Република Македонија .

Јас останувам на тие свои забелешки и на тие свои укажувања. Доста внимателно ги следев расправите и тука во Парламентот и пошироко, а исто така и искажувањата на најкомпетентните, така да кажам, личности од оваа област, па и од областа на науката. Очито е дека овде воглавном се третира прашањето на прислушкување од органите на Минситерството за внатрешни рбаоти по една процедура што треба да има законита форма. И, мислам дека во голема мера се постигнати, помеѓу опозицијата и позицијата, постигнат е договор по сите тие прашања.

Меѓутоа, јас сакав да укажам на една друга работа. Постојат многу начини на прислушкување, многу форми и методи. Меѓутоа, најмногу се користат за прислушкување фиксните и мобилните телефони. Барем досега таква е праксата. Дали ќе се развијат некои други системи во Република Македонија , автономни системи или други ќе се користат технички достигнувања, тоа треба допрва да го видиме за што постојат технички решенија на широк план. Меѓутоа , со овој Амандманот не е спречено прислушкувањето кое што може да го врши фиксната и мобилната телефонија во Македонија. А, ние знаеме дека постои една компанија кој ама 51% акции од фиксна и мобилна телефонија и друга компанија што е 100% приватна. Ова го кажувам затоа што во поедини земји во транзиција се води жестока расправа околу тоа дека овие компании и самите прислушкуваат за потребите на стопанската шпијунажа, особено, а и друга.

Мораше во овој Амандман во овие промени да се вградат прегради, забрани за такви можности. Можеби минситерот за внатрешни работи ќе ни одговори дека тоа ќе се направи со закон. Меѓутоа, јас лично мислам дека тоа мораше на еден начин да се ограничи и со Уставот. Праксата покажа дека телекомуникациите се поврзани со големи мултинационални компании и дека практично тие , преку стопанска шпијунажа обезбедуваат значителни средства за свои и други потреби, а не само преку стопанска, како што реков, туку и преку другата. И, би сакал, кога би можел министерот да предложи проширување на овој Амандман во тој поглед, за да се спречат таквит епојави што се сега присутни во многу земји. Еве, за тоа преку летото се водеше многу широка расправа ив о Хрватска.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Иванов.

Повелете г. Чашуле, а нека се подготви пратеникот Аднан Јашари.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам  почитуван г. претседателе, почитувани колеги,

Каде е министерот?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам министерот да влезе во салата.

(Министерот Хари Костов влегува во салата).

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Сакам и нему да му изразам поздрав.

Господине министре,

Ве замолив да се вратите тука, не оти ќе се смени нешто во тоа што ќе го слушнете и таму и овде, туку така го концепирав моето обраќање, бидејки принципиелно сум против секаков облик на контрола, да ви кажам дека, господине министре, ние не сме политички далтонисти. Ние, сино-жолтите бои како претставници и сега групирани во пратеничките групи на опозицијата ги препознавме уште 1999 година кога аплициравме и успешно ја завршивме Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а што денеска е моќно оружје и подлога на нашите натамошни аспирации за зачленвуање во Унијата , па и во критичните моменти на Косовската криза, прелеаната криза , кај нас конфликт, кај нас послужи како моќно оружје за одбрана со институционални вредностиод насилството што се користеше во политички цели. Значи, тука немаме разлика.

Нашата ориентација денеска беше потврдена и од министерката која рече дека процесите кои ние ги започнавме сега успешно се приведуваат кон некој повисок облик на приближување кон Европската унија и НАТО каде неминовно мора да влеземе заради безбедноста на НАТО, на Европа, на регионот и конечно или примарно на нашите граѓани.

Нас и овој пат нема да не збунат трите бои на копчињата, ќе знаеме точно да го притиснеме тоа што треба, кое ќе биде консеквентно на нашата политичка ориентација и принципи. Меѓутоа, кога еве јас лично се согласив да пристапиме со голем отпор кон промената на Уставот во областа на заштитата на тајноста на комуникациите попуштив заради тоа што бев убеден дека ќе донесеме закон кој ќе го ограничи прислушувањето, а не да го озакони. Тука се работи не само за семантичко синтактичка разлика, туку суштинска, принципиелна разлика.

Ние сакаме ако европска вредност на оваа држава што е и европска вредност на сите членки на Унијата, да изградиме строга контрола врз еден феномен кој е присутен во нашите животи од 1945 година. Со различни цени, со различни толкувања, но на крајот се сведуваше на едно исто, еден одреден центар без разлика дали биле во прашање државни, национални, политички интереси и имал привилегиран пристап кон нешто на кое нема право ако се претендира да се биде демократска држава.

Значи, очекувавме дека со промената на Уставот ќе донесеме закон кој ќе го ограничи прислушувањето, бидејќи ќе го направи законска категорија која ќе има толку прецизни рамки што секоја транс-гресија ќе значи сериозен престап, кривично гонење за тој што го прави. Не сум наивен, не можам да верувам, затоа се согласив да го менуваме Уставот, дека една обична забрана таа работа ќе ја заврши, беше забрането до сега, јас сум еден од тие што беа прислушувани и пред истражен судија депонирав изјава која повеќе или помалку ги застапуваше и овие принципи дека мора да се стави крај на прислушувањето. Тоа никогаш нема да биде, етички гледано, пристој ниту закон, туку само ќе биде регулирано со закон во смисла на тоа дека не ќе може секој да го прави во определувањето да се прави, ќе има пошироко учество, значи, ќе ја имаме третата власт, меѓутоа, би сакал да го видам законот кој имено, ова што со промената на Уставот го прифаќаме како полиитчко орудие во државата ќе го омеѓи и многу цврсто ќе го ограничи.

До сега имавме систем во кој прислушувањето се користеше за политички, па и во многу случаи мора да признам на колегите во Министерството за внатрешни работи, колеги во смисла на тоа што се и тие како и ние државни службеници или во служба на граѓаните, го користеле и во одбрана од криминалот, меѓутоа, користејќи го тие не можеа законски да го применат. Значи, како што е и во многу други или речиси во сите демократски држави во светот на нелегален начин собраните податоци не можат да бидат легален доказ против каков и да е злостор во оние земји кои претендираат и се, според моите скромни увидувања, демократски.

Значи, сега ние треба врз основа на слободата што ќе ја дадеме да може да се ограничи прислушувањето во смисла на тоа дека ќе се прави со строга намена и како строга намена тука доаѓаме на теренот кој мене ми остава и натаму дилеми е неговата употреба.

Ако седнеме сега овој простор кој го кодифицираме во Уставот, не сакам да кажам ниту го озаконуваме, пред малку се најдов самиот на лизгав терен со

ослободување, кодифицирање. Ако ова сега што го кодифицираме во Уставот како моќно орудие за одбрана од организираниот криминал, од опасностите да ни се појават повторно луѓе со оружје, од опасностите непријатели иако не ги гледам толку често и толку многу во онаа смисла како било некогаш кога имавме внатрешен и надворешен непријател, па поделениот блоковски свет можеше да даде право да се размислува дека постојат пошироки заговори околу оваа наша микроскопска држава, но мислам дека треба сега тој простор да го споредиме со правата што наскоро ќе дојдат пред овој Парламент кој треба да му ги дадеме на јавниот обвинител.

Јавниот обвинител ќе добие ингеренции кој треба да ги има заради тоа што досега во овој наш недоречен, недоизлезен и донедонавлезен во друг политички систем оваа наша политичка организација, сега ќе добие овластување кое му овозможува широки ингеренции во борбата против овие три зла на современото општество. Сега, ако го имаме ова оружје, ако го имаме оружјето што му го даваме на јавниот обвинител, а имаме недоградено судство каде треба да дојде до сериозни реформи, а тука сите се согласивме, затоа го усвоивме Судскиот буџет како посебна институција, значи мора да се изгради независноста, ние треба да видиме додека не ја достигнеме таа фаза на урамнотеженост на страните на спорот каде прислушувањето ќе биде користено како доказ, додека не воспоставиме рамнотежа, хармонизација и независност треба да бидеме бескрајно претпазливи во начинот на кој со закон ќе го регулираме ова што сега го поставуваме како инструмент во нашето општество.

Оттаму, вака срочен уставниот амандман сеуште ни нуди аргументи да го прифатам тој мој темелен принцип, а и колегите од пратничката група да го прифатат уставниот амандман, неговото утврдување, неговиот текст како што е притоа би сакал да спомнам, без оглед на начините на кои ќе се донесе законот кој гарантира голема улога на опозицијата ќе бидам многу помирен и многу посериозно ќе ги сватам или подлабински, а сериозно ги сваќам, намерите на Владата и коалицијата на власт да појдеме во Европската унија ако ни го понудат и законот да го видиме за да можеме на него да ги доработиме финесите, а бидејќи немавме финеси досега ни се случуваше и при забранeто прислушување да бидеме прислушувани.

Јас не велам дека тоа ќе биде така и натаму, но кога веќе постои договор да направиме европски квалитет, тогаш со фактот дека сме ја сториле работата, нема на Република Македонија да и донесеме европски квалитет, ќе и донесеме тогаш

кога ќе го направиме менувањето на Уставот пропратено со закон на европски начин.

Значи, не е спорно променувањето на Уставот, спорен не е законот. Она што треба сега да биде неспорно од страна на Владата и ценетото Министерство да го добиеме пакетот и да ја завршиме работата што побргу.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Чашуле.

Има збор министерот за внатрешни работи г. Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам претседателе, ќе се обидам накратко на она што барем од досегашната дискусија беше покренато, само да објаснам некои работи и би почнал од крајот.

Се согласувам со г. Чашуле околу дискусијата, меѓутоа, очигледно немал доволно информации досега околу соработката и околу изработката на законот.

Прво, со Уставот само создаваме простор врз основа на закон и судска одлука да се употребуваат специјалните средства. Меѓутоа, ние никако не можеме првиот чекор да го одминеме. Не можеме амандманот на Уставот да го донесеме. Како Влада не можеме во овој момент да предложиме закон на Собранието затоа што немаме уставен основ. Прво, мора да го направиме уставниот основ, па да го поднесеме законот. Меѓутоа, работната верзија на законот цело време е предмет на разгледување со сите политички партии. Независно што господинот Насуфи спомна уште при самото усогласување на амандманот текстот беше даден, имаше соработка. Сите беа повикани како партии, пратенички групи, па кој сакаше дојде кој не сакаше не дојде. Меѓутоа, ние мора да го направиме првиот чекор, да го донесеме амандманот за да имаме уставен основ на Владата и на Собранието да му предложиме закон.

Господинот координатор Трајановски спомна дека работната верзија на законот повеќе пати е доставувана до координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на самите луѓе кои од име на ВМРО-ДПМНЕ учествуваа во соработката околу законот. Доставуван е и до седиштетот на групата и во Парламентот. Според тоа, доколку господинот Чашуле сакал да го види работниот

текст на законот досега во рамките на нивната партија постоеше и можеше да се види.

Само како појаснување затоа што и г. Иванов постави едно прашање дека наводно некои провајдери на фиксни и мобилни услуги имале можност или прислушувале, што само се создава непотребна фама и страв во јавноста и фактички со овој амандман треба нив да ги ограничиме во нивното наводно прислушување.

Токму ставот 1 од амандманот е тоа ограничување и ставот 2. Значи, ставот 1 кажува дека се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и сите други облици на комуникација.

Во ставоат 2 се вели само врз основа на одлука на суд под услови и постапка утврдена со закон, во законот е кажана постапката, а и ставот 1 од Уставот сосема јасно кажува дека никој тоа не може да го врши. Според тоа, не може да врши ни било каква телекомуникациска организација затоа што таа дирекно го крши Уставот и со тоа гаранцијата од ставот 1 забрането е било какви други неовластени прислушувања да се вршат.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Дали имам право на реплика?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова беше како дообјаснување. Имате една минута контра реплика.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Ме радува што министерот споделува некои вредности за кои се залагаме сите заедно. Точно е дека, еве сега ме известија, а и самиот кажа дека законот е предложен во еден широк облик и не се работи за мојата волја да го видам или не, туку се работи за тоа како во името на граѓаните тој закон надвор од партиски преговори да влезе во системот на оваа држава, во Законодавниот дом. Не сум до крај убеден дека мора по секоја цена да се држиме до формализмите кои произлегуваат од хиерархијата на постапките промена на Устав па на Закон, ние на една седница веќе ја видовме потребата што значи дека се движиме во таа насока и на една наредна седница можеме да закажеме расправа за законот, во меѓувреме тој може, ако сакаме да појде на комисиска расправа и тогаш да му дадеме еден легален облик на тоа што го правиме надвор од Собранието. Јас не го побарав законот надвор од Собранието, бидејќи сум пратеник и сакам да го гледам тука.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Иванов и вие имате контра реплика на министерот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Јас му благодарам на министерот за одговорот, меѓутоа, знаете како е имате Устав, имате се, ама ако немате систем за одбрана, ако немате начин и форма и метод како тоа да го контролирате, тогаш како такво се одвива како процес.

Се надевам дека во Законот тоа подетално ќе се разработи и преку законот ќе се предвидат механизми за контрола на овие институции да не би вршеле прислушување паралелно со Министерството за внатрешни работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Аднан Јашари, а нека се подготви пратеникот Цветанка Иванова.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Парламентарната група на ДУИ, како што и во претходните два случаи при донесувањето на процедура околу измените на Уставот на Република Македонија и во втората фаза беа утврдени заклучоци со кои меѓу другото Владата беше обврзана да подготви текст на амандманот 19 на член 17 од Уставот на Република Македонија го поддржа и денеска ќе го поддржи овој текст. Ќе го поддржи од неколку причини кои ќе ги напомнам во продолжение.

Знаеме дека неприкосновеноста на писмата и другите поштенски пратки е дел од човековите права и слободи кои ги заштитуваат сите устави во случајот членот 17 од Уставот на Република Македонија. Овој член иако постои како уставна основа не предвидува донесување на закон кој ќе направи операционализација или практична имплементација на оваа уставна норма.

Од друга страна мнозинство на акти на национални устави на демократски држави, но и на меѓународни акти како што е Европската Меѓународна Конвенција за правата и слободите на човекот предвидуваат можност за донесување на закони кои ќе имаат не само услови, туку и процедура за прислушување особено ние сметаме дека преку овие измени треба да се создаде една правна основа за донесување на закон кој по усвојувањето на овие измени ќе биде донесен од страна на овој Парламент.

Почитувани колеги, јас мислам дека овие измени треда да се поддржат и ние како парламентарна група ќе ги поддржиме, бидејќи сме длабоко убедени дека со овие измени ќе се создаде правна основа за прислушување и ние сме свесни дека сето ова и досега беше правено иако за една ваква работа немаше правна основа.

Се надевам дека со законот кој ќе следи по усвојувањето на овие измени прашањето на прислушувањето ќе се регулира на еден дециден начин, ќе се дообјаснат сите аспекти, сите услови, но и процедурата за прислушување и во оваа насока нема да има злоупотреби. Заради тоа ние сме длабоко убедени дека прислушувањето ќе биде според процедура која законски се предвидува.

На крајот сакам да нагласам дека во 1998 година, колку што имам информација од страна на Европскиот парламент е усвоена една препорака со која се бара прислушувањето да биде во согласност со законот во еден посебен закон кој што ќе ги регулира не само условите, туку и процедурата на прислушување.

Истовремено оваа препорака усвоена од Европскиот парламент во 1998 година исто така бара од државите кои преку закони ја регулираат оваа работа да поднесуваат годишни извештаи за прислушкувањето до највисокиот законодавен дом, значи до Парламентот. Јас мислам дека прашањето на Законот ќе уследи по усвојувањето на овие измени. Лично имам работна верзија и на некој начин верувам дека многу јасно се направени не само условите, туку и процедурата. Мислам дека од овој Парламент треба да се усвои овој Предлог-текст на Амандманот 19 на Уставот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитуван господине претседателе, колеги пратеници, господине министре, мојот говор ќе биде промотивен и сакам да изразам поддршка од името на пратеничката група на СДСМ на предлогот на текстот на Амандманот на Уставот со кој што го менуваме членот 17. Зошто го правиме ова? Затоа што со усвојувањето на овој Амандман од страна на Собранието на Република Македонија се овозможува и оди во прилог на превенција и борба против криминалот и сите криминални дејствија од секаков вид. Исто така, општиот консензус што преовладува меѓу сите релевантни политички субјекти дури и кај граѓаните за зачленување на Република

Македонија во Европската Унија ја наметнува потребата од измена на членот 17, односно од усвојување на Амандманот 19.

Друга причина е приближување на нашата држава кон уставите на современите држави од Европа, а исто така со предложениот текст на предлогот на Амандманот 19 на Уставот на Република Македонија ќе се усогласиме со Европската конвенција за човекови права со што укажувам дека во уставите скоро на сите европски држави, скоро на сите современи држави постојат одредби со кои што се отстапува од правото на неповредливост на писмата и на сите други облици на комуникација како инструмент во борбата против криминалот.

Со пристапувањето кон оваа измена нашиот Устав практично ќе биде рамноправен со останатите устави на современите европски држави кои што експлицитно ја афирмираат и гарантираат слободата и неповредливоста на писмата и сите други видови на комуникација, но и ја определуваат, односно ја одредуваат можноста за отстапување од ова начело само со одлука на суд и во точно со закон предвидена и утврдена постапка.

Со оглед што веќе се наоѓаме во трета фаза од овој проект, имаше и јавна расправа и мислам дека имаше обемна и богата дискусија по овие измени. И го изразувам особено моето задоволство што сите мислења и предлози на јавноста, на експертите и на собраниските комисии и тела се земени во предвид и Предлог - текстот спореден со Нацрт-текстот на Амандманот има претрпено измени во позитивна смисла во поглед на подобрување на текстот на овој Амандман.

Да не должам многу, затоа од овие причини предлагам да го поддржиме Предлог-текстот на Амандманот, затоа што со него ќе обезбедиме правна рамка за изготвување и донесување на закон чија содржина темелно и детално ќе ја регулира оваа област.

На крајот сакам да истакнам задоволство бидејќи од сите дискусии на претходните дискутанти со мали исклучоци, јас почувствував дека има поддршка на овие измени и дека можеме да го утврдиме Предлог-текстот на Амандманот, затоа што тоа од дискусиите го почувствував. И ова е се со цел да обезбедиме уставен основа за понатаму да можеме да го донесеме законот кој што поконкретно, подетално ќе ја регулира оваа област. А самиот факт што ставот во Амандманот предвидува двотретинско мнозинство за донесување на овој закон, значи дека се отстрануваат сите оние и мали дилеми кои што беа изразени и провејуваа во дел од дискусиите на одредени дискутанти дека ќе бидат елиминирани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи господинот Жарко Караџоски се откажа од дискусија, сега е на ред пратеникот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Во овој дел на дискусијата околу потребата за измена на Уставот на Република Македонија се со цел, така да речам, да се вметнат и специјалните мерки за прислушкување. Прво, би кажал дека, не верувам дека на овие три странички како што ни реферираа МВР, или Владата во однос на јавната расправа дека толку сиромашна јавна расправа сме имале и толку единствена експертска поддршка имало да едноставно произлегува дека ние и не сме имале јавна расправа, бидејќи на ова прашање сите современи општества па и самата уставно-правна наука има дилеми околу тоа на кој начин и со кои средства може да се влегува во приватноста на граѓаните. Оттука и мојата констатација дека нашиот Устав досега го прокламираше правото на приватноста, правото на индивидуалност и лична слобода како највисок степен на заштита и беше ограничено само во еден случај во услови кога се следат преписките односно писмата. Вака како што е дефинирано правото на државата без разлика што во Законот ќе биде пропишана целокупната материја, произлегува дека тој концепт на Уставот сега го напуштаме, бидејќи ние со овој член на Уставот, Амандман, не вршиме таксативно набројување во кои области на јавниот интерес државата ќе може да ја наруши приватноста и по пат на судска одлука ќе може да го примени ова средство на прислушкување.

Денеска за информација на Владата и во развиените европски земји се води дебата по ова прашање, дури се водат иницијативи како што е во Германскиот парламент, таму либералите го отворија прашањето за укинување на ова право на државата, бидејќи и таму се поставуваат прашањата на тоа каде е границата помеѓу правото на органите за прогон и правото на сопственост каде тие се преплетуваат. Овде ако не ги наведеме кои се сферите на јавниот интерес кои треба да ги штитиме со оваа мерка ќе произлезе дека сите сме потенцијални клиенти на Министерството за внатрешни работи, бидејќи формулациите од типот дека оваа мерка може и превентивно да се користи заради спречување на кривични дела, а не се наведени, ниту се степенувани кои кривични дела, покажува дека од обична џебна кражба до

незнам што, што можат двајца сторители да договорат на телефон, или на незнам што, дека сите можат да бидат прислушкувани.

Мислам дека во Македонија аферите кои беа по ова прашање во подолг период само покажува дека нема демократска зрелост околу воспоставување на режим по ова прашање. А на тоа упатуваат и одговорите на министерот во неколку наврати дека не треба да се плашиме ние дека сегашната одредба во која има изричита забрана за примена на ваква мерка, дека таа се однесува на јавни личности, дека сепак, се прислушкува ама некои други се прислушкуваат, или за некои повисоки национални цели.

Значи, останувам на она што во Уставната комисија уште на почетокот го прокламирав како став на нашата пратеничка група дека оваа дефиниција не соодветствува со потребата за поголем степен на заштита на правото на приватност бидејќи не го дефинира јавниот интерес заради кој е можно да дојде до примена на оваа мерка прислушкување. Јавниот интерес треба да се најде во сферата на заштита на безбедноста, на здравјето, економскиот и уставниот поредок на државата. Ние и дадовме една таква стрикна дефиниција, за жал таа не е коментирана во делот на Извештајот со што само е покажан односот спрема предлозите на опозицијата. И оттука мислам дека ќе падне нивото на дискусија и по барањето аргументи околу тоа каква треба да биде дефиницијата во Уставот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Дозволете ми да го искажам ставот на Либерално демократската партија по однос на утврдувањето на Амандманот 19 кој се однесува на измена на членот 17 од Уставот на Република Македонија. Ние од самиот почеток на расправата околу измената на Уставот имавме став во правец на потполно прифаќање на аргументите за неопходната потреба од регулирање на ова навистина чувствително сензитивно прашање, бидејќи сметаме дека било каква регулација е подобра отколку простата забрана која досега ја имавме во поглед на прислушувањето, односно во поглед на следењето на комуникациите, освен на писмата. Како аргумент за тоа се и многуте афери кои ги имавме во афери на прислушување, иако тоа беше изричито забранeто.Затоа сметаме дека било каква регулација, сепак, ќе претставува еден

исчекор напред во регулирање на оваа чувствителна сфера. Свесни сме дека потребата за менување на Уставот во овој правец е неопходна и од аспект на неопходноста за нашите органи, односно државата поефикасно да се фати во костец со меѓународниот тероризам, трговијата со луѓе, трговијата со наркотични средства, корупцијата итн. како најголеми зла на денешницата.

Јас го поздравувам односот на опозицијата крајно конструктивен кон ова прашање, бидејќи во последно време во работата на комисиите бев малку зачуден од нивните дисонантни тонови за потребата од заокружување на овој процес кој неколку месеци се води и кој навистина на еден транспарентен начин со учество на сите релевантни фактори се обидуваме да го приведеме до крај. Потполно се согласувам и ја сфаќам нивната загриженост во поглед на тоа дека третата власт, судските органи сепак, се во одредена мера под политичко влијание. За тоа сме сите виновни, иако донесовме одреден исчекор, независниот судски буџет е одреден исчекор во тој правец во подигање на независноста на судството, на судската власт. Сепак, сме свесни дека треба да направиме уште многу, ако сакаме во тој правец да направиме осетен исчекор односно да добиеме стварно независна трета власт во Република Македонија. Во тој поглед ние како Либерално демократска партија веќе и размислуваме и подготвуваме одреден проект преку кој со измени во уставната и законската регулатива треба да дојдеме до суштинска независност на судската власт, бидејќи сметаме дека тоа ќе биде огромен исчекор во подигањето на нивото на демократичноста на нашето општество која навистина е неопходна ако сакаме да бидеме сериозни кандидати за приклучување кон Европското семејство.

Не би сакал да должам, сакам уште еднаш да ја изразам поддршката од страна на пратеничката група на Либерално демократската партија за утврдување на Амандманот 19 кој се однесува на измените на членот 17 од Уставот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, господине министер, ставот на ДПА го кажавме во Комисијата за следењето на работата на Агенцијата за разузнавање. Јас сакам да ги повторам аргументите и ставот на ДПА во врска со

Предлогот за измената на Амандманот 19 од Уставот на Република Македонија. Првенствено е едно настојување на предлагачите на Законот по комисиите да тие кои ќе се декларираат за овој уставен Амандман, во суштина се партии кои се борат, се утврдуваат за борба против, безкомпромисна борба против корупцијата и повредувањето на уставниот поредок. Додека ова значи според логиката, тие кои нема да го гласаат овој уставен Амандман не сакаат да се борат против корупцијата како феномен и повредата на Уставот. Јас би рекол дека овој вид на аргументација е едно разочарувачко настојување, за да се бара поддршка на некој за еден закон кој е во областа на правата на човекот. Имено, овој Закон не се однесува со утврдувањето на политичките партии, а ќе се бориме безкомпромисно против корупцијата. Ние цениме дека оваа дилема е многу наивна и мислам како аргумент ќе се отстрани од предлагачот на Законот, бидејќи една држава која сака да се бори против корупцијата и тие кои го повредуваат уставниот поредок на незаконски, неуставен начин, имаат сто механизми кои треба да ги реформираат и треба да ги употребат во насока да се борат против корупцијата и повредувањето на уставниот поредок.  Значи, сите тие кои сакаат логично да резонираат, знаат дека со еден ваков уставен Амандман, ова не значи дека ќе ставиме крај на корупцијата, или дефинитивно ќе ја сузбиеме корупцијата на силен начин. Но, оваа е една од мерките кои можат доколку се употребат така како што е напишано да помогнат во борбата против корупцијата. Но, од друга страна истиот Амандман доколку се злоупотреби, сега ќе дебатирам и за механизмите таканаречени гарантирачки за немањето можност за злоупотреба кои се лабилни и не гарантираат според мое размислување, имено истите можат да бидат и оружје за да се корумпираме. Ако имате информации за незаконски бизниси, ако сакате да ги злоупотребите, тогаш тие бизниси можат да бидат дел од тој што прислушкува.

Ние како опозиција добро е да дадеме и критички осврт на овој закон. Доколку се осврнеме само на предлогот на законот, тогаш се е во ред и се е совршено. Со покренувањето на овие дилеми мислам дека помагаме во општата атмосфера во борбата против корупцијата и повредувањето на уставниот поредок.

Друг аргумент е дека еве ова е еден закон, еден амандман кој се усогласува со ставовите на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија, имаме аспирации да се интегрираме, мислам дека овој аргумент не стои затоа што во бивша Југославија ако се анализира Уставот и многу закони беа извонредно позитивни. Ако се анализираше Уставот ќе видевме дека сите народи, сите луѓе се

рамноправни и тн. Но во фазата на имплементација на уставните амандмани од бившата југословенска федерација и неколку други закони се осведочи дека можеше да се дискриминира истото. И ова го доживеаа албанците на нивните плеќи. Значи само по себе законскиот механизам значи доколку ова го донесете тогаш состојбата е регулирана, но институциите се во прашање, носителите на институциите кои се многу значаен фактор за имплементирање на еден закон. Доколку ние речеме дека исклучително добро правниците го изготвиле овој амандман, но довербата во институциите кои го имплементираат истиот не е на убедливо ниво за да гласаме за еден ваков механизам, било и за таканаречен државен интерес мислам дека е аргумент, јак аргумент и за тиа кои размислуваат поинаку од ова.

Сега зборуваме за амандман, кој и доколку се донесе вака како што е предложен не е функционален додека не се донесе закон кој ќе ја регулира оваа област. Тој закон треба да се донесе со апсолутно мнозинство, со 81 глас. Доколку се анализираат законските решенија кои можат во оваа фаза на уставна дебата да се предвидат кои ќе бидат механизмите кои ќе ја гарантираат злоупотребата на овој амандман, значи во мнозинството од аргументите во одбрана на овој амандман се судските органи  кои ќе го оневозможат давањето на дозволи за прислушкување на луѓе кои размислуваат поинаку. Ќе повторам неколку аргументи, но имам обврска да кажам, имајќи го во предвид начинот како се избра составот на Уставниот суд имајќи го во предвид начинот како се избра судскиот совет, само со усвојување на предлозите од позицијата без да се консултира опозицијата, самото ова ние како опозиција кои не учествувавме во создавањето на овие органи кои ја следат работата на судовите, затоа што ние немаме непосредни ингеренции било во Парламентот или во Владата во работата на третата власт, тогаш ние првенствено можеме да се сомневаме дека органите кои сте ги востпоставиле и кои се над сите судски нивоа без консултација на опозијата можат да се употребат за  злоупотреби. Не не убедивте првенствено дека овие институции ќе бидат носители на имплементацијата на овие амандмани и дека се независни во нивната работа. Значи тие се еднострани. Ова е првиот дефект кој ни дава за право да се сомневаме и да ги дадеме нашите оценки за да го поддржиме овој уставен амандман. Ова е еден аргумент за кој вреди да се разговара, да се дебатира.

Од друга страна во еден извештај од Комисијата за следењето на работата на Агенцијата за разузнавање, во еден дел од извештајот е конфенционален, јас ќе кажам неколку збора од тој извештај. Таму пишува дека УБК , државната безбедност

и контраразузнавање, Управата е во рамките на Министерството за внатрешни работи има забележано во последните години дека во овој сектор, вака пишува, цитирам “во овој сектор стручњаците, старите стручњаци со големо искуство се пренесени во јавниот сектор на Министерството за внатрешни работи, додека ова Министерство сега ги враќа стручњаците, старите стручњаци со новата систематизација ги враќа на старите работни места”. Ова повторно ми дава еден сомнеж во органите кои го имплементира овој амандман дека се враќа стариот кадар. Вака ;пишува во тој извештај кој е земен од стариот сектор, во разговорите со нив.

Ова е еден аргумент за кој вреди да се разговара во врска со оваа работа, а да не зборуваме за аспектот на лојалноста на албанците врз Министерството за внатрешни работи, посебно во Секторот за разузнавање.

Сеуште господине министер како предлагачи, ние цениме дека овие рани не успеавте да ги излечите. Мислам дека еден ваков амандман и еден ваков закон кој ќе се донесе во овој Парламент за мнозинството албанци сеуште е со една резерва. Ова ви го велам со голема искреност и со еден голем страв дека сеуште не сме успеале како Влада и како држава да го покачиме нивото и довербата на граѓаните посебно на албанците, имајќи ги предвид 50-те години што е работено со нив, еден од органите што го имплементира органо за давање на државјансто затоа што сеуште луѓето се цената како опасни за оваа држава, ние как парламентарна група и како пратеници мислиме дека не е време да се донесе еден ваков амандман и покрај тоа што е во духот на усогласувањето на ставовите на Европската Унија. Мислиме дека е едно извонредно недобро време и опасно да се донесе еден ваков член не само за нашиот страв, за аргументите кои ги кажавме, туку би ви сугерирал и на вас како министер, вие како министер може да ги контролирате вашите референци, но тешко е да ја контролирате структурата која на овој начин дејствува и прислушкува во сите четири страни, имајќи предвид дека во последно време сеуште има политички затварања. Јас мислам дека нема амбиент и доверба изградена овој амандман да функционира. Туку напротив може да постигнеме спротивен ефект. Секое судење утре или задутре може да му се стави вината и на овој амаднман, кој се злоупотребува и од органите кои сеуште не постигнале да ја врати доврбата кај албанското население. Ова ви го велам на најискрен начин.

Затоа би ви сугерирал да го оставите овој амандман за ;подобри времиња, кога ќе констатираме дека Охридскиот договор, постигната е една рамноправност и

лојалност врз сите органи.Кога тие органи ќе ја постигнат лојалноста на граѓаните, затоа што често пати и од нас политичарите избрани било од Владата, било од државната администрација, често пати државата се сваќа дека е создадена над граѓаните, а не се сваќа дека сме успеале да го убедиме населението дека ние сме во служба на населението.

Значи, имаме многу дилеми кои ја утврдуват нашата сомнеш дека повеќе можност има овој закон да се злоупотреби отколку да се употреби во подобра насока. Нашата убеденост е ова што јас го гледам и ние и покрај добрата влја за да се бори против корупцијата, за да се бориме против повредувањето на уставниот поредок ние не сме убедени дека институциите и луѓето кои ќе ја носат одговорноста, злоупоребата, значи не не убедиле во независноста и нивната еднострaност и затоа како парламнтарна група ние ќе гласаме против овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г.Дика.

Молам дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој друг не бара збор го заклучувам општит претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам пратениците кои што се надвор да влезат во салата.

Преминуваме на гласање за утврдување на предлогот на Амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата)

Преминуваме на гласање по текстот на Предлогот на Амандманот ЏИЏ на Уставот на РМ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници од кои 67 за воздржани 2 и против 5.

Констатирам дека Собранието на РМ го утврди предлогот на Амандманот ЏИЏ на Уставот на РМ.

Минуваме на точката 2 усвојување на амандманот ЏИЏ на Уставот на РМ.

Според член 131 став 3 од Уставот на РМ и член 208 став 1 од Деловникот на Собранието на РМ, Одлука за измена на Уставот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Објавувам пауза, ќе продолжиме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 13,30 часот.)

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(По пребројувањето).

Почитувани пратеници, преминуваме на усвојување на амандманот.

(Пратеник бара збор процедурално како ќе гласа).

Само во име на пратеничката група може, а господинот Замир Дика кажа во својата дискусија како ќе гласа.

Повелете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас сакав пред да се гласа за оваа уставна измена да го кажам ставот на Демократската партија на албанците и да укажам во функција на што ќе биде овој закон, какви колатерални штети ќе има овој закон посебно за албанците и во целина за Македонија. Овде се разговараше многу за овој закон дека ова е во доменот на правата на човекот, дека со овој закон се бориме против корупцијата, се бориме против криумчарењето шверцот и тн.

Јас би сакал да изнесам неколку аргументи овде пред вас во функција на што ќе биде овој закон. Пред да се инсталира овој амандман во Уставот на Република Македонија имаме големи и разни манипулации со истражните постапки. Имаме големи манипулации со судовите, каде и со претпоставки и на хипотетичен начин се

констатира виновникот. Ќе ги спомнат случаите на Сопот, случајот на Авни Ајети и многу други случаи, кои на хипотетичен начин се инсталирани од судските механизми, кои без аргументи констатираат виновник. Би сакал да зборувам само со факти, дури и обвинитеот на Авни Ајети беше толку смешен и банален, тој констатираше...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте како ќе гласате, господине Матоши, имате три минути.

РУЖДИ МАТОШИ:

Да, тоа ќе кажам. Се констатира дека обвинетиот се сликал со Хашим Тачи, се сликал со Фатмир Асани и тн., додека овие судови, овие истражни постапки никогаш не констатирале и не констатираат како е убиен војникот на НАТО во сред бел ден со камен од граѓаните на оваа земја.

Значи, и со овие прислушкувања и со овој закон сеуште се трудите да ги осакатите албанците и на различни начини тие да ги казните и обвините со разни начини кои вие ги знаете и како што знаете, сте работеле веќе 50 години.

Затоа, парламентарната група на ДПА ќе биде против манипулациите и против инсталацијата на овие закони, наспроти албанските граѓани посебно и во целина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Чашуле, процедурално како ќе гласаат.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господие претседателе.

Јас ќе побарав и по гласањето збор за да му честитам на господинот министер. Ние сепак ги препознавме боите на Европската Унија и ќе гласаме за промена на Уставот, не оти ни кажале туку оти тоа е наше цврсто убедување. Имено, да се спречи ваквото погрешно толкување. Знаете што, ние го менуваме Уставот и на тоа ќе инсистираме во сета фаза на изготвување на законот, за да го забраниме прислушкувањето кое сега нелегално се прави, да му дадеме законска рамка и да го овластиме единствено за тоа мериторниот суд, кој се надевам дека ќе биде самостоен, а ќе работиме на тоа да му оствариме што пошироки рамки судовите да бидат самостојни и само си нивна дозвола ќе може ова што досега се прави на

разни начини и надвор од сите цивилизирани односи во светот, надвор од Уставот, надвор од законите, да го ставиме еднаш во перспектива. Тоа е тоа што Унијата го бара од нас. Не бара од нас да направиме некој формален гест, бара од нас да ја спречиме злоупотребата на темелното право на граѓанинот и човекот, а тоа е тајновитоста.

Затоа, ние ќе гласаме за промена на Уставот, со намера господине министер да ве држиме за збор, прво, дека до крај ќе бидеме вклучени во процесот на подготовки на законот, да не биде законот заложник на двотретинското мнозинство, туку заложник на квалитетот кој е нужен, дека ќе се бориме тој да биде што порестриктивен во однос на користењето и максимално против злоупотребата со ригорозни и драконски казни.

Имајќи предвид дека Република Македонија може заради мешањето на вредностите да биде последна на листата на земји кои се вклучуваат во глобалната борба против тероризмот, ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа за промената на Уставот и ќе го задржи правото како опозиција до крај да се бори за подобрување на законот, со кој ова право ќе се забрани, т.е. регулира.

(Пратеник бара процедурално).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не може процедурално, затоа што општата расправа заврши.

Господиное Талат Џафери во име на пратеничката група сака да каже како ќе се гласа.

(Реагирање од пратеник).

Не може, расправата заврши.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседателе.

Иако претходно беше кажан во една форма ставот на ДУИ од аспект на измените на Уставот, во дел од членот 17 јас уште еднаш сакам да повторам дека ние ќе гласаме за овој предлог, со една порака многу јасна до јавноста дека во ниту една форма во овој момент, свесни за политичката одговорност, не гласаме за проект кој ќе биде на штета на граѓаните, а најмалку на штета на албанците. Токму заради фактот што во овој момент, кој што не е објаснето јасно со посебен закон, придонесе и влијаеше оваа празнина во 2001, 2002 година да се злоупотреби како

тема на незаконско прислушкување на кое беа изложени граѓаните на Република Македонија кој помалку, кој повеќе, без да ги делиме дали се албанци или другите, или останатите.

Во оваа насока, ние сме свесни за можните злоупотреби, но со законска определба се предвидува јасна процедура за одговорноста за она, ако се злоупотреби законот, врз основа на измените на Уставот.

Уште еднаш ќе речам, свесни дека ова е во корист на граѓаните, ние ќе гласаме за измените на Уставот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Според член 131 став 3 од Уставот на РМ и член 208 став 1 од Деловникот на Собранието на РМ, одлука за измена на Уставот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на усвојување на амандманот 19 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 19 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

За Предлогот на амандманот гласале вкупно 85 пратеници, за гласаа 80, нема ниту еден воздржан, а пет гласаа против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот 19 на Уставот на Република Македонија.

Прогласувањето на амандманот 19 на Уставот на Република Македонија, согласно член 131 став 5 од Уставот на Република Македонија и член 209 став 1 од Деловникот на Собранието на РМ, Собранието донесува одлука за прогласување на амандманот 19 на Уставот на Република Македонија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлагам Собранието да ја донесе следната одлука:

Врз основа на член 131 став 5 од Уставот на Република Македонија, Собрането на седницата одржана на 26 декември 2003 година донесе Одлука за прогласување на амандманот 19 на Уставот на Република Македонија.

Се прогласува амандманот 19 на Уставот на Република Македонија што Собранието на Република Македонија го усвои на седницата одржана на 26 декември 2003 година.

Предлогот на одлуката за прогласување на амандманот 19 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 85 пратеници, за гласале 80, воздржани нема, а против гласале пет.

Констатирам дека Одлуката за прогласување на амандманот 19 е донесена.

Завршивме и со ова.

(Аплауз).

(Коментар од некој пратеник).

Затоа што сепак е Устав, а Устав е највисок акт.

**Преминуваме на следната точка од дневниот ред:**

- **Предлог на буџет на Република Македонија за 2004 година.**

Господинот Никола Апостоловски, процедурално.

(Реакции од пратеници).

Веќе е пријавен господинот, ве молам и вие пријавете се дека барате збор процедурално.

Повелете, господине Фатмир Асани процедурално.

Одете на место. (Му се обраќа на пратеникот Апостоловски).

Значи останува само господинот Замир Дика.

Повелете господине Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседател, јас протестирам во име на парламентарната група на ДПА зошто не им давате на пратениците можност да се декларираат како ќе гласаат. Ако механизмот на гласање за нашите гласачи на екранот има 80, а нема пет, ние сакаме јавно да се декларираме еден по еден по три минути како ќе гласаме.

Затоа, господине претседател, кога станува збор за еден многу значаен закон кој пред 10 минути не требаше да се донесе дека немаше над 80 гласови и по консултациите македонскиот блок позиција-опозиција одлучи да донесе еден ваков амандман, ова прашање отворено е против албанците, против поранешните војници на ОНА, кои сега ќе се казнат со касети.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Замир Дика, имаше општа расправа и вие можевте да го искажете својот став за гласање или негласање. Кога се јави господинот ујди Матоши, тоа беше во име на пратеничката група, па според тоа јас не најдов за потребно секој поединечно во име на пратеничка група да се изјаснува. Тоа можевте меѓу себе да се договорите.

Повелете господине Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Имајќи ја предвид законската обврска Буџетот да се донесе до 31.12.2003 година, потребата од ефикасна работа со цел непречено функционирање на платниот систем, а во интерес и на граѓаните на Република Македонија, сакам на почетокот на претресот по оваа точка расправата и донесувањето на Буџетот на Република Македонија, дискусијата на пратениците да изнесува 10 минути, а на координаторите на пратеничките групи 15 минути.

Овој предлог го засновам на член 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и за овој предлог барам подршка од 10 пратеници.

(Реакција на повеќе пратеници).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Полека.

Право на секој пратеник е со поддршка од 10 пратеници да предложи.

(Реакција на пратеничката Којзеклиска со зборовите "пред да дадете, процедурално барам збор").

Почекајте, процедурата во никаков случај не е прекршена, зата што се повикува на членот 83.

Го ставам на гласање предлогот за употреба на членот 83.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

(Реакции).

Ве молам да гласате, па после ќе ви одговорам на тоа процедурално.

(Реакции).

Гласале 58 пратеници, од кои 57 за, нема воздржани и еден против.

Ве молам да го утврдиме бројот на присутните.

Повелете процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Очигледно огромна ви е желбата да ја замолчите опозицијата. Ние впрочем можеме по 10 минути тука да излегуваме и да молчиме, изгледа тоа ќе биде најголемата одбрана што можеме да ја пружиме за Буџетот.

Инаку нашите дискусии се со цел, бидејќи тука е министерот, да кажеме како ќе дискутираме за Буџетот за да се прифати нешто од тоа. Меѓутоа, на ваков начин и со кршење на Деловникот - бидејќи претседателе сега ќе барам пауза од половина час за да се симне стенограмот и да се види дека вие не ја отворивте точката на дневен ред. Тука пишува многу јасно и чисто - по предлог на претседателот или еден пратеник чие барање го поддржуваат најмалку 10 пратеници на почеток на претресот. Кој претрес вие отворивте, на кој почеток? Толку се возбудивте, толку ви беше голема желбата да не замолчите со 10 минути, што дури не знаете кога во луфта го направивте тоа. Мислам дека за Буџетот не смеете да ја ограничувате дискусијата. Ние немаме толкав број на дискусии за да може тоа да не се донесе пред Нова Година. Меѓутоа, на 10 минути да ограничиш еден пратеник да дискутира за буџет кој можеби има 200 страници, кој што има илјадници ставки навистина не е вред. Ова е јасен пример како се злоупотребува мнозинството во Парламентот.

Барам пауза од половина час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Стенограмот да се симне во меѓувреме.

Давам пауза од 15 минути.

(Паузата отпочна во 15,25 часот).

Па паузата седницата продолжи со работа во 16,,15 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Продолжуваме со четвртата точка, како што најавив, Предлог-Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2004 година, со буџетите за 2004 година на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија , Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Заводот за вработување на Република Македонија, кои согласно член 3 е од Законот за буџетите, се составен дел на буџетот на Република Македонија за 2004 година, како и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Го молам министерот за финансии, господинот Никола Поповски да го презентира Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Повелете господине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

Благодарам претседателе.

Сметав дека ми беше должност повторно да се јавам, со оглед на тоа што јас побарав пауза, бидејќи сметам дека се прекрши член 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија во кое се вели дека на почетокот на претресот по поодделно прашање може да се бара колку ќе се дискутира. Гледајќи ги стенографските белешки што сега ги добивме, гледам дека Вие не сте го отвориле претресот. Значи, само преминуваме на следната точка. Вие требаше да кажете дека Вие го отварате претресот. Според тоа, не беше во ред. И второ, процедурално, сметам дека не беше процедурално, бидејќи се јави господинот Апостоловски, деловнички. По член 83, тој се јавува деловнички а не процедурално.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Господине Трајановски , јас мислам дека процедурата е запазена.

Но, во врска со претресот би сакал само да прашам, на кој претрес мислите, општ, претрес по текстот на Законот, или претрес по амандманите.

Претрес по точка на дневен ред процедурално и деловнички е коректно направено, бидејќи јас ја отворив претресот и спомнав која е следната точка на дневен ред, Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2004 година. А, велам дека ние имаме повеќе претреси, општ претрес, претрес по текстот на законот и претрес по амандманите. Затоа сметам дека забелешката околу процедуралната грешка, не е во ред.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Почитуван господин претседател, почитувани пратеници.

Дозволетеми на почетокот на моето излагање најнапред да ве поздравам и да ви посакам плодна и успешна работа, со цел да го донесеме Буџетот на Република Макеоднија, за 2004 година и неговите пропртни акти, во името на општо добро на сите нас во државата.

Пред да почнеме со дебата за нашата економска и буџетска политика за наредната 2004 година, дозволетеми накратко, сосема накртко, да се осврнам на состојбите со кои се соочуваме во моментов и кои се еден вид претпоставка за тоа како ќе се довижи нашата економија во идната година.

Само да потседам дека оваа година ќе ја завршиме со следните индикатори:

- економски раст од околу 3%, колку што беше и проектирано со макро-економската политика за оваа година;
- со ниска и стабилна инфлација од околу 1,2% до 1,3% на годишно ниво, мерено преку трошоците на живот;
- со буџетски дефицит од околу 1%
- со стабилен девизен курс на денарот;
- со девизни резерви кои обезбедуваат покритие на четворо месечниот увоз на стоки во нашата држава;
- со умерен степен на надворешна задолжнест, кој се движи под 40% од БДП
- со значително намалени каматни стапки на банките и
- со прифатлива и успешна контрола на јавните расходи и натамошна имплементација на политика на економска либерализација и отвореност на нашата економија кон глобалната економија во светот.

Ваквите позитивни индикатори за случувањата во нашата економија треба и понатаму да добијат поддршка во наредната година, преку мерките на нашата политика, затоа што и добро се остваруваат.

Но, дозволетеми да укажам и на проблемите кои се јавуваат во нашата економија и со кои проблеми ќе треба да се соочиме.

Се надевам, ќе се сложите дека централните проблеми кои и понатаму ја потоваруваат нашата економија, останувaат да бидат ниското ниво на домашното штедење, ниското ниво на странски дирекни инвестиции, постојано високото негативно салдо на трговскиот биланс кој досетигнува околу 17% од БДП и други проблеми од таков карактер.

Особено сакам да ги потенцирам превисокат  невработеност и нивото на сиромаштијата на државата.

Последните податоци покажуваат дека бројот на невраобтени го допре нивото од 390.000 во нашата држава, на 1 декември. Не е исклучено, воопшно не е исклучено и сцентарио во кое таа бројка набрзо да ја достигне и психолошката бариера од 400.000 невработени. Овој проблем веќе очигледно
станува неподнослив за сите нас и пристапот за неговото решавање мора да биде многу комплексен во иднина.

Едно е сосема сигурно. Проблемот со невработеноста на среден и на долг рок нема да може да се решени, доколку не обезбедиме високи и одржливи стапки на раст на нашата економија на еден долг период. Токму затоа и една од основните цели на нашата политика за идната година е да се забрза постојниот раст и да креираме реален пораст на БДП во 2004 година, од најмалку 4%. Доколку тоа го постигнеме, а со оглед дека во оваа година планираното го достигнавме, ве убедувам дека тоа ќе го постигнеме и во идната година, затоа што за тоа ги имаме сите претпоставки. Тогаш во 2005 година и понатаму, ќе можеме да оствариме и повисоки стапки на раст кои на среден род нема да бидат помали од 5%, и со стоа ќе се направи значително стабилизирање на економијата, а ќе се создадат и услови за брз раст на вработеноста и запирање на растот на невработеноста, проследено и со нејзино апсолутно намалување.

Веднаш да кажам дека ваквата политика, проследена со политика на одржување на ценовната стабилност, одржување на крусот на денарот во однос на еврото, на сегашното ниво, како и понатамошна висока координација помеѓу фискалната и монетарната политика, ќе бидат пропратени со наша понатамошна соработка и со финансиските институции од меѓународен карактер.

Во 2004 гдона и понатаму контролата на јавните расходи од страна на Владата, ќе остане една од нашите прироритетни задачи. Врочем тоа можете да го видиде и од буџетот. Нивото на ифнлацијата ќе се одржува во висина од 2,8%, при што едновремено проектираме дефицит во централниот владин буџет од 0,9%,

релативно низок дефицит и дефицит на општиот владин буџет, кои, знаете е заедно со фондовите, во БДП од 1,5%. Разликата помеѓу 0.9% и 1,5% е исклучително сместена во буџетот на Фондот за патишта кој го имате, исто така пред вас и тоа заради исклучително високата инвестициска активност која ќе се одвива во овој сектор во идната година и е базирана на кредитирање од странство, со закони кои овој Парламент ги донесе во текот на минатата година.

Владата, во соработка со Народната банка ќе продолжи со политика на поддржување на девизните резерви, на соодветно ниво, кое ќе обезбеди покритие на четворомесечниот увоз. Заради редовно сервисирање на обврските спрема странство ќе продолжиме со целосна исплата на доспеаните обврски и по основ на главница и по основ на камата, кон странските кредитори, а едновремено ќе го одржуваме нивото на долгот кон странство, на нивото под 40% од БДП.

Предвидено е продолжување на реформите во јавната администрација, со темпо кое економски и социјално може да се издржи, а тоа значи дека во наредната година ќе се продолжи во преструктуирање на админситрацијата, но и со нејзино намалување од 4%, едновремено водејќи сметка за обврските кои произлегуваат за нашата држава, од уставните амандмани од 2001 година и од политиката на наше натамошно интегрирање  во ЕУ и НАТО, кои предизвикуваат соодветни обврски во буџетот.

Дел од реформите ќе бидат насочени и кон натамошна либерализација на економските и финансиските односи со странство, но и кон реформи во здравствениот и пензискиот ситем, за што дел од законските решенија веќе се преддвас, па некои од нив дури и на смата седница, заедно со буџетот.

Почитувани пратеници,

Заради остварување на оваквите цели, Владата, се надевам и со вашата поддршка ќе поддржи со развој на приватниот сектор и предприемачките иницијативи, што е клучен фактор за динаминизирање  на економијата.

За таа цел Владата ќе промовира бројни мерки и активности. Сите нив ќе можете да ги видите во макроекономската политика, документ што од денеска ќе ви биде доставен на увид.

Исто така, ќе следат и мерки што ќе придонесат за поголемо зголемување на извозот од нивото на пораст на увозот. Тие мерки исто така се наброени во макроекономската политика на Владата за 2004 година и нема на нив подетално да се задржувам.

Посебно внимание ќе се посвети на зголемување на штедењето и кредитирањето на приватниот сектор, што заедно со странските инвестиции и кредитните линии што се насочени пред се кон инфраструктурните објекти, ќе придонесат за динамизирање на развојот и тоа во висина од 50% од зацртаниот раст на бруто домашниот производ од 2%, само врз таа основа.

Почитувани пратеници,

Нормално дека се поставува прашањето дали политиката, дизајнирана во Буџетот на Република Македонија за 2004 година е соодветна на ваквата макроекономска политика и на ваквите цели на Владата во идната година? Можам со сигурност да одговорам дека тоа е така. Преку Буџетот овие политики ќе бидат фокусирани на создавање на услови за намалување на активните каматни стапки што ќе го зголеми просторот за кредитирање на претпријатијата од страна на банките.

Ќе се обезбеди простор за финансирање на реформските активности, спроведување на уставните амандмани од 2001 година, како и на процесот на интеграција со Европската унија и со НАТО.

Ќе се обезбеди финансирање на редовните функции на државата и редовната отплата на долговите на државата во наредната година.

Ќе се обезбеди, исто така, финансирање и кофинансирање на развојни инвестициони проекти, заедно со странство или домашни.

Ќе се обезбеди фискална консолидација на среден рок, со што почнуваме или е веќе почнато и ќе се обезбеди платнобилансна поддршка на македонската економија.

Реализацијата на овие цели на фискалната политика ќе се обезбедат со даночна политика која нема да претрпи промени во однос на 2003 година. Во поглед на висината на даночните стапки и вкупното даночно оптоварување кај обврзниците во Република Македонија. Но, треба да се укаже дека некои промени по сила на закон ќе стапат на сила на 01.01.2004 година, а се закони донесени во претходната година. Пред се, ќе настане драматично или понатамошно намалување на вкупното царинско оптоварување заради прилагодување на стапките на царината кон Светската трговска организација или, еве само да дадам едно кратко појаснување, во овој момент според увозот во последниве месеци царинската стапка на царината во Република Македонија изнесува околу 3,8%. Значи, тоа е глобалното

оптоварување на таа структура која се остварува во последниве месеци и можете да видите колку е таа ниска и либерализирана.

Понатаму, има промена кај данокот на додадена вредност, која е зацртана уште од април минатата година и која само стапува на сила кај становите и промена кај акцизата на автомобилите, која исто така стапува на сила на 1 јануари. Надвор од овие зацртани однапред промени во даночните стапки или царинските стапки, Владата не предвидува во текот на наредната година.

Имајќи го предвид сето тоа, оценето е дека приходите во 2004 година ќе достигнат ниво од 57 милијарди и 65 милиони денари, што во однос на планираниот бруто домашен производ претставува зафаќање од околу 21% од централниот владин буџет, или вкупната јавна потрошувачка со фондовите и со општините околу 32,08% од бруто домашниот производ. И, тоа е намалување за еден процентен поен во однос на 2003 година.

Дозволете ми во продолжение да соопштам и некои поконкретни бројки околу предлогот на буџетот за 2004 година.

И покрај зголемувањата на одделни расходи на перманентна основа во текот на подолг изминат период на пример платите и трансферите до социјалните фондови, вкупните расходи на Централниот буџет во 2004 година, без отплатата на домашни  и странски кредити и обврзниците изнесуваат 59,5 милијарди денари, односно незначително зголемување од 0,5% во однос на 2003 година, што е во согласност со определбата на Владата на Република Македонија за рационално однесување.

Предложениот Централен буџет обезбедува целосна и редовна исплата на платите на буџетските корисници. Бруто масата за исплата на плати изнесува 20,94 милијарди денари или околу 1/3 од расходите, што на нето основа претставува задржување на истото ниво од 2003 година. Во овие расходи, да потенцирам, дека се вклучени и промени кои ќе настанат во 2004 година, а тоа се дополнителни ефекти од вработување на 600 припадници на заедниците, кои се сега во соработка со Европската унија во постапка на едукација, вработувања на 546 лица во Министерството за одбрана во насока на исполнување на стандардите за членство во НАТО. Се работи и за Рамковниот договор и за професионализација на Армијата, ефектите од реформата на јавната администрација, кои ги соопштив, реформата во Министерството за одбрана, согласно Законот за служба во Армијата на Република

Македонија кој е донесен во текот на оваа година од вас и други ефекти. Сето тоа е содржано во таа бројка.

Со оглед на неповолната структура на расходната страна на Буџетот, најголемиот дел од товарот на фискалната консолидација во 2004 година ќе го поднесат таканаречените дискрециони трошоци, пред се, трошоците за стоки и услуги во сферата на буџетската потрошувачка. Оваа категорија на расходи се планира во висина од 7,5 милијарди денари, што во суштина претставува незначително зголемување во споредба со 2003 година. Но, доколку се иземат трошоците за претстојнит и претседателски и локални избори во оваа година, кои се инцидентен трошок, тоа би значело намалување на трошоците за стоки и услуги во текот на 2004 година.

Со предложениот вкупен буџет се обезбедува редовна и навремена исплата на пензиите во Република Македонија. Вкупниот износ на исплата за нето пензиите изнесува 25,7 милијарди денари, ако можете да споредите повеќе од администрацијата што троши, што е 1,9 милијарди денари повеќе во однос на 2003 година. Во 2004 година ќе продолжи исплатата на заостанатите 8% на пензионерите. ќе продолжи исплатата на заостанатите 8% на пензиите односно на пензионерите, исплатата на заостанатите 48% на пензионерите од Министерството за внатрешни работи, како и исплата на пензиите на семејствата на загинатите припадници на безбедносните сили и сите други намени кои со закон се утврдени.

Обезбедена е редовна исплата на надоместоците на невработените и на социјално загрозените семејства, исплата на детскиот додаток и на другите социјални надоместоци, согласно законските обврски на државата кон овие категории на граѓани. Дополнително, заради рефундирање на придонесите од страна на државата, по обврските преземени со законот за поттикнување на вработувањето или таканаречен “Бранков закон”, обезбедени се дополнителни половина милијарда денари, врз основа на ефектите од бројот на вработените во оваа година, а кои ќе се пренесат и во 2004 година. Дозволете, тука само да ве информирам дека очекуваме ефектот од тој закон на 2004 година во текот на оваа 2003 година до крајот на годинава уште неколку дена да биде од прилика 10.000 вработени, кои врз основа на тој закон ги користат бенефициите. Со оглед на тоа дека започна од април, можеме секој од нас да извлечеме оцена за успешноста на тој закон.

Во Буџетот се обезбедени дополнителни 155 милиони денари за финансирање на расходите на сеуште постојната категорија на внатрешно раселени лица, кои после две или три години по завршувањето на воената криза во Република Македонија и понатаму, како што можете да видите, значително го оптоваруваат Буџетот со расходи за нивното сместување.

Во Буџетот се обезбедуваат и 1 милијарада и 100 милиони денари за финансирање на надоместоците за невработеност за лицата од претпријатијата со загуби, кои остануваат без работа. Оваа бројка е последната толку висока бројка и од 2005 година очекуваме по овој ефект, по овој однос ефектот во Буџетот да почне да се намалува.

Средствата за реформа на јавната администрација се предвидени во износ од 922 милиони денари, односно двојно повеќе споредено со 2003 година. Ваквото зголемување се должи на определбата на Владата на Република Македонија за стрикно намалување на бројот на вработените во државните органи за 4%, како и спроведување на реформите во Армијата на Република Македонија, согласно Законот донесен оваа година од страна на вас почитувани пратеници.

Исто така, е обезбедено кофинансирање на инвестициони проекти, финансирани од странски донации и кредити и враќањето на данокот на додадена вредност и акцизите.

Имајќи предвид дека сите однапред наведени обврски се согласни со сегашните или проектираните законски решенија и истите претставуваат исклучително голема алокација на средства во Буџетот за 2004 година, сакам да ве замолам да имате предвид дека тие средства произлегуваат од законски обврски на оваа држава и практично е невозможно да трпат измени по пат на амандмани.

За финансирање на инвестициони активности во централниот буџет се предвидени 6,2 милијарди денари. Меѓутоа, покрај овој износ во делот на сопствените приходи обезбедени се и дополнителни извори за финансирање од данаторско и кредитно потекло во вкупен износ од дополнителни 3,2 милијарди денари, а во Фондот за патишта се обезбедени 1,9 милијарда денари. При тоа треба да се има предвид дека зборуваме само за буџетскиот опфат на изворите за финансирање на инвестициите. Средствата што се обезбедуваат од други извори, се разбира дека се вон од оваа бројка.

Во 2004 година буџетскиот дефицит на централниот буџет, како што кажав ќе изнесува 0,9% од планираниот бруто домашен производ, или околу 2,45 милијарди

денари. Вака утврдениот дефицит во однос на планираниот бруто домашен производ за идната година е за 0,5% поени понизок во однос на 2003 година, или за една третина во проценти.

За финансирање на дефицитот во идната година ќе бидат обезбедени странски донации во вредност од 2,3 милијарди денари и странски кредити во износ од 2,7 милијарди денари.

Имајќи го предвид намалениот обем на надворешното финансирање во 2004 година, покрај очекуваните приходи по основ на приватизација на државниот капитал и по основ на повлекување на депозити од државата кај Народната банка на РМ, како дополнителен извор за финансирање на дефицитот и обврските по надворешно и домашно задолжување, планирано е за прв пат во нашата држава издавање на краткорочни државни записи во висина од 2 милијарди денари, кои ќе ги финансираме со 120 милиони од Буџетот или со стапка од 6%. На ваков начин ќе се обезбеди навремено и неинфлаторно финансирање на јавните расходи во текот на 2004 година, а исто така, со емитувањето на краткорочните државни записи ќе стекнеме услови и искуство после 2004, тоа е 2005 година, се ориентираме и кон издавање на долгорочни државни записи што ќе бидат значаен инструмент за финансирање на Буџетот, но исто така и елементарен услов за да почнеме со реформа на пензискиот систем, согласно на Законот за капитално финансирање на пензискиот фонд. Без такви обврзници практично ќе биде невозможно да го воведеме вториот фонд, како што знаете сите или вториот столб. Од тој агол гледано, краткорочните државни записи можат да се т ретираат и како мерка на подоготовка на промена на системот на финансирање на пензискиот систем.

Покрај спроведувањето на планирана рестриктивна фискална политика во 2004 година, Министерството за финансии ќе продолжи со редовно сервисирање на обврските и во земјата и во странство. За отплата на долговите подомашни обврзници и по странски кредити предвидени се 9,4 милијарди денари, од кои 7 милијарди денари на име главница и 2,4 милијарди денари на име камата на овие обврски. Во овие рамки, покрај другото, обезбедена е целосна исплата на ануитети од обврзниците за таканареченото старо девизно штедење во висина од 3,1 милијарда денари и обврзниците за денационализација во висина од 230 милиони денари.

За да се обезбеди проектираното ниво на потрошувачка ќе бидат спроведени повеќе мерки, меѓу кои и измена на некои од законите што ги регулираат даноците,

меѓутоа, без промена на нивните стапки, инспекциските надзори и сузбивањето на сивата економија во РМ.

Контролата на вработувањето, почитувани пратеници, кај буџетските корисници и пошироко кај јавниот сектор и понатаму ќе остане под ригорозна контрола од страна на Владата.

Ќе се изменат постојните законски акти со цел да се укинат: Фондот за земјоделство и Фондот за води, дел од нив се и на оваа седница и н ивното интегрирање во рамки на ресорните министерства, а во насока на консолидирано управување со јавните расходи во оваа сфера. Вие знаете дека Буџеетот оваа година е пропратен, наместо со буџети на 7, со буџети само на 4 фондови.

Доследно ќе се спроведуваат и законските решенија и процедури во однос на јавните набавки, со цел да се оневозможи создавање на неизмирени обврски и поголема контрола и транспарентност на трошењето на буџетските средства. Веќе во текот на јануари или на првата наредна седница, до Собранието ќе биде доставен целосно нов Закон за јавни набавки усогласен со директивите на ЕУ и со препораките на другите меѓународни финансиски или други организации со кои соработуваме или во кои членуваме. Воглавном, со СТО и Светскаста банка.

Почитувани пратеници,

Наспроти актуелната економска состојба, екстерниот и огромниот интерен долг на државата, истоштеноста на нашето стопанство, но и на населението за плаќање повеќе за јавните трошоци на државата и понатаму притисокот за поголеми буџетски расходи врз Владата се огромни. Владиниот одговор на таквите апетити за ширење на буџетската потрошувачка е дека на ова ниво на приходи не е можно да се зголемуваат расходите на Буџетската политика.

На крајот на ова кратко излагање, веројатно и вие си го поставувате прашањето, врз основа на таков буџет, дали овој буџет има развојни, социјални компоненти или дел од нив. Веројатно одговорот е дека ги има и едното и другот.

Иако расходите за капитални инвестиици се на незавидно ниво, сепак нивната реализација е значителен импулс за стопанството во 2004 година, а нашата политика ќе биде во идните две години, колку што преостануваат после 2004 година на оваа Влада, да го зголемиме ова ниво на трошоци во Буџетот за дополнителни 50% од средствата во 2004 година.

По однос на прашањето дали Буџетот е насочен кон остварување на Уставната дефиниција на РМ дека таа е и социјална држава на што особено не посетуваат сите социјално загрозени лица и семејства, одговорот е дека и овој Буџет е доволно “социјален”, со оглед на тоа што близу половината од вкупнит износ на расходи во Буџетот се насочува кон тн. социјални трансфери: пензии, невработени, социјално загрозени семејства, детски додатоци, хендикепирани итн., солидарно обештетување на имателите на девизни заштеди од поранешниот систем и други трошоци по тој основ.

Доколку пак се постави прашањето дали Буџетот ја следи политиката зацртана од ова Собрание? Во смисла на тоа дали води сметка за политижката рамноправност меѓу етнижките ззаедници, дизајнирана според уставните амандмани, укажувам на слендото:

И покрај сите финансиски ограничувања што ги имаме во РМ, овој буџет обезбедува напредок на тој план. Имено, Владата на Република Македонија согласно сопствнеиот Акционен план се обврза да обезбеди средства за негова примена врз следните принципи:

(1) Недискриминација и правична застапеност на заедниците во јавната администрација;

(2) обезбедување на образование и употреба на јазиците;

(3) развој на децентрализираната власт чии ефекти особено ќе се почувствуваат од 2005 година па натаму;

(4) исполнување на сите процедури во општеството, согласно со изменииот Устав;

(5) непречено изразување на етничкиот идентите.

Реализацијата на предвидените политики нема да ги доведаст во прашање Буџетските цели на Владата на РМ и обврскирте преземени со аранжманот со ММФ.

Впрочем, вкупното остварување на политиката за кое што зборував од страна на Владата и Министерството за финансии ќе биде следнено во текот на идната година на дневна основа. Владата е одлучна оваа политика и овој Буџет да ги реализира, бидејќи длабоко верува дека тие наскоро ќе почнат да даваат видливи резултати.

Дозволете ми на крајот да ја соопштам и намерата на Владата на РМ, за конципирање на политиката до крајот на нејзиниот мандат во ваквата насока. Во наредните три години ќе се забрзаат структурните реформи во економијата;

реформите во јавната администрација односно на целиот јавен сектор; ќе се редизајнира буџетската потрошувачка и ќе се промовираат идруги мерки.

Веќе во првата половина на идната година за оваа цел ќе покренеме иницијатива за склучување на нов аранжман, после овој стен-бај аранжман што завршува, за продолжено финансирање со ММф на тригодишна основа, односно до крајот на мандатот на оваа Влада што ќе овозможи водење на подолгорочна политика од страна на Влдата, но се разбира и соодветна подолгорожна поддршка од страна на ММФ и другите меѓународни финансиски организации но и земјите партнери кои даваат,  несомнено, добра и доволно добра поддршка на Република Македонија за таквата нејзина политика во овој дел, исто и за ориентацијата што ја изнесов во ова свое обраќање.

На крајот почитувани пратеници, заради сето ова што го наведов ве повикувам да расправаме за Буџетот и да го прифатите предложениот буџет на Владата на Република Македонија.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пријавен е г. Жарко Караџоски, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, реагирам процедурално затоа што навистина ни јас ни мојата пратеничка група, а верувам и сите други пратеници навистина не знаеме како да продолжиме да работиме.

Прво, мене воопшто не ми е јасно што всушност изгласавме, дури не ми е јасно ни што беше предложено.

Ако го имате стенограмот од она што вие го зборувавте ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го имам, се извинувам, по тоа прашање ние расчистивме. Се извинувам г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, не е воопшто расчистено. Вие кажавте дека за предлогот гласале 58 пратеници од кои 58 за, нема воздржани и еден против. Ве

молам да го утврдиме бројот на присутните, не кажувате колку има присутни и давате збор процедурално. Не констатиравте која одлука ја донесовте. Прочитајте го стенограмот, не е завршена работата. Тоа е една работа.

Вие го ставивте на гласање предлогот на употреба на членот 83 и ако вие сметате дека е тој усвоен,г-динот министер го прекрши тој член односно вие го прекршивте. Да ви го читам членот 83.

По предлог од претседателот или од еден пратеник (реакција од место) г. Томиќ има потреба и те како баш вие како правник не треба да суфлирате. Или еден од пратениците чие барање го поддржуваат најмалку 10 пратеници на почетокот на претресот по одделно прашање.

Собранието може да одлучи пратеник по исто прашање да може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот на актот или на материјалот во траење од 15 минути. Почитуваниот министер зборуваше 25 минути, ако е предлагач, во името на Владата. (реакција од министерот Поповски).

Е, сега г. Поповски да бевте претседател со вас ќе полемизирав, вие сте сега министер, дозволете да полемизирам со претседателот.

Еве што претседателот стави на гласање. Тој стави: “го ставам на гласање Предлогот за употреба на членот 83”. Ние гласавме за членот 83 и неговата употреба, читајте го стенограмот. Тоа е едната работа која не е во ред.

Втората работа г. пратеник Никола Апостоловски предложи селективна примена на членот 83. Тој предложи дискусијата на пратениците да изнесува 10 минути, а на координаторите на пратеничките групи 15 минути.

Што вие претседателе ставивте да се гласа, што ние всушност изгласавме и дали воопшто нешто изгласавме. Во стенограмот, кој е составен дел на записникот утре, друг ден, тоа е документ врз основа на кој ги базираме сите одлуки, немаме констатирано ни дали во Собранието имало 61 пратеник што е основен број за да една одлука биде валидна, не констатиравте дали одлуката е усвоена, не ставивте предлог тоа што предложи пратеникот, туку го ставивте членот 83. Навистина апсолутно правен хаос.

Јас почитуван претседателе од вас барам да кажете , ова е стенограм, ништо не измислувам, како ние понатаму да работиме , дали е прекршен Деловникот со оглед да е отпочната расправата со експозето на почитуваниот министер за да знаеме понатаму како да работиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завришија вашите три минути процедурално.

Многу е јасно за што ние гласавме, ве молам, јас го давам објаснувањето, многу е јасно за што ние гласавме и многу е јасно колку беа присутни во салата (реакција од страна на пратеникот Караџоски). Ние продолжуваме по членот 83 по Деловникот,расправа по буџетот. Ве молам, ве молам (во ист момент повеќето од пратениците креваат рака и бараат процедурално).

Кој друг бара процедурално?

Јани Макрадули е на ред.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Правниците можат да го прочитаат убаво стенограмот каде вика дека овој предлог го заснова на член 83 од Деловникот, но правниците знаат и да читаат, изгледа.

Се јавувам процедурално, почитуван претседателе ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г. Макрадули, кога г. Караџоски зборуваше никој не го прекина, ве молам за елементарна почит кон пратеникот кој е овде, ве молам , ве молам.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, се јавувам процедурално, се повикувам на член 64 став 4 “Седницата на Собранието се одржува  во времето од 10,00 до 17,00 часот со пауза од еден час за ручек ако Собранието за одделни седници поинаку не одлучи “, барам да се изјасниме денеска да работиме по предвидениот рок максимум до 20,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас морам предлогот на г. Јани Макрадули ..

Повелете г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине Макрадули добро читате, но само една реченица, читајте понатаму па ќе видите колку е јасно.

Г-дине претседателе во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам да ни се објасни по кој член од Деловникот и како ќе работиме понатаму, а додека тоа добро го изанализирате и проучите, барам пауза од еден час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие добивте пауза за стенограмот, можам да ви дадам пауза ако го барате стенограмот од излагањето на министерот, а јас доста јасно кажав .

Во ред, продолжуваме со расправата. (многу од пратениците креваат рака и бараат збор)

Ве молам, пријавете се за процедурално.

Прво, предлогот на пратеникот Јани Макрадули го ставам на гласање да се работи до 20,00 часот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно лгласале 64 пратеници, 57 за, нема воздржан, 7 против.

Со тоа е усвоен предлогот да се работи до 20,00 часот.

Повелете г. Коце Трајановски процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, мислам дека имаме право да знаеме како ќе работиме. Јас го читам деловникот и навистина сум во недоумица дали се ограничени дискусиите или не се ограничени.

Под број 1, многу е значајно тоа, бидејќи министерот како предлагач согласно членот 83 го надмина тој термин и според тоа ние треба да знаеме, Караџоски праша два пати и треба да ни објасните. Во стенограмот никаде не пишува дека има доволен број на пратеници за да може предлогот да биде усвоен. Никаде и не се констатира.

Второ, барам пауза од еден час од добивањето на стенограмот на министерот за финансии, значи одкако ќе го добиеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За ова ќе ви дадам пауза, нека се симне стенограмот, ве молам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Од добивање на стенограмот еден час.

(многу од пратениците бараат процедурално)

(пауза е дадена во 16,50 часот)

(Седницата продолжи во 17,50 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе продолжиме со работа. (реакција од страна на пратениците бараат да се соберат повеќе пратеници, бидејќи во салата нема доволен број).

Јас реков точно еден час ви давам пауза.

Повелете процедурално г-ѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакала уште еднаш од претседателот на Собранието на Република Македонија да утврдиме до каде стигнавме со денешната седница. Затоа барав процедурално.

Значи, г. Никола Апостоловски, го читам неговиот стенограм .”Благодарам г. претседателе, почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Имајќи ја во предвид законската обврска буџетот да се донесе до 31.12.2003 година, потребата од ефикасна работа, со цел непречено функционирање на платниот систем, а и во интерес на граѓаните на Република Македонија , сакам на почетокот на претресот по оваа точка расправата и донесувањето на буџетот на Република Македонија , дискусијата на пратениците да изнесува 10 минути, а на координаторите на пратеничките групи 15 минути.

Овој предлог го заснивам на член 83 на Деловникот на Собранието на Република Македонија и за овој предлог барам поддршка од 10 пратеници”.

Потоа имаме реакција од пратеници, од претседателот Љупчо Јордановски..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прочитајте од кого е реакцијата.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Претседателот рече почекајте процедурата во никаков случај не е прекршена затоа што се повикува на членот 83 и сега доаѓа клучниот момент “го ставам на гласање предлогот за употреба на членот 83”.

Претседателе, членот 83 е веќе во Деловникот и Деловникот е стапен на сила и ние работиме по овој Деловник. Значи, вие го немате ставено предлогот на колегата Никола Апостоловски така како што го предложил во стенографските белешки, туку го ставивте употреба на членот.

Тоа е првата грешка што ја имате направено.

Втората грешка ви е што дури сега ги доставивте стенографските белешки од експозето на министерот за финансии потоа велите” гласале 58 пратеници од кои 57 за, нема воздржани, еден против.

Ве молам да го утврдиме бројот на присутните, повелете процедурално г. Коце Трајановски”.

Дали ние го усвоивме предлогот на г. Никола Апостоловски со оглед на тоа што вие веќе му дадовте збор на министерот за финансии кој имаше свое уводно експозе.

Ве молам, барам да ми го толкувате ова што го имаме во стенографските белешки и да го средиме хаосот во овој дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе го средиме хаосот, ќе објаснам и тука ќе завршиме со процедуралните прашања.

Ние го гласавме членот 83. Така ли? Така беше, прашањето го ставам на гласање предлогот за употреба на членот 83. (реакција од страна на пратениците).

Ве молам бидете парламентарни затоа што навистина по деловникот можам да одземам збор.

Членот 83 вели: “На предлог од претседателот или од еден пратеник чие барање го поддржуваат најмалку 10 пратеници”, а тоа се утврди дека има 10 пратеници “на почетокот на претресот” и тоа го расчистивме “ пооделно прашање Собранието може да одлучи пратеникот по исто прашање да може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот на актот или материјалот во траење од 15 минути”.

Што е тука нејасно? (реакција од страна на пратениците).

Чекајте, чекајте сега. Ве молам, значи го гласавме членот 83. Така ли е? (реакција од пратениците дека членот 83 е веќе во Деловникот изгласан) не, примената на односно предлог за употреба на членот 83. Тоа е во ред.

Гласале 58 пратеници од кои 57 за, нема воздржани, еден против.

Ве молам да го утврдиме бројот на присутните и тука пратеничката група односно опозицијата почна да биде бучна.

Бидејќи не е утврден предлогот, валиден документ е листингот. Јас го добив листингот валиден деловнички документ е листингот. Присутни се 94 пратеници, 58 гласале вкупно од кои 57 за, еден против.

Точно е дека по овој член 83 предлагачот има 15 минути и точно е дека две-три минути точно 18 минути (реакција од пратениците велат дека експозето на министерот траело 25 минути) тоа е измерено. Како претседател јас му дозволив да се искаже, бидејќи е буџет во прашање.

Спрема тоа, ве молам, јас дадов објаснување, се е деловнички и сите работи се јасни. Листингот е тука колку беа присутни, тоа е проблемот околу неконстатирање колку беа присутни, се знае што е гласано членот 83 и спрема тоа ние ќе продолжиме понатаму со расправа по буџетот по воведното излагање на министерот.

(многу пратеници бараат процедурално).

Ве молам по ова прашање, бидејќи го разјаснив 100 пати неможам да разјаснувам, нема процедурално.

(бараат процедурално за друга работа)

Блаже Стојаноски , процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, јас се јавив процедурално уште пред паузата, сакав да искажам неколку работи кои се однесуваат на примената на Деловникот затоа што согласно членот 85 од Деловникот на пратеникот кој сака да говори за повреда или неправилна примена на Деловникот претседателот му дава збор штом ќе побара. Говорот на овој пратеник неможе да трае подолго од три минути и по говорот на пратеникот претседателот на Собранието дава појаснување. Тоа е единственото што го баравме пред оваа пауза, меѓутоа, тоа не го добивме, го добивме по оваа пауза. Тоа е една работа.

Втората работа што сакам да ја кажам е примената на член 83. Тука се бараше примена на член 83 пред отварањето на претрес по прашањето на буџетот на Република Македонија што значи мора првин да се отвори претрес за потоа да може на почетокот на тој претрес да се побара вакво гласање.

Од друга страна гласањето се изведе по однос на ова прашање пред да се изјасни опозицијата, изгледа целта беше да се замолчи опозицијата по секоја цена

заради некакви партиски договори кои се направени во штабовите на СДСМ и неговите коалициони партнери.

Меѓутоа, не сакам да навлегувам во тие работи, јас единствено барам да се почитува членот 85 од Деловникот на Република Македонија  и да му се даде на пратеникот кој сака да говори за повреда на процедура да зборува во оној момент кога ќе побара збор, а не тогаш кога тоа му одговара на опозицијата или на претседателот или на потпретседателите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Блаже Стојаноски вие процедурално ги кажавте работите на кои сега е одговорено. Ве молам,неможам по тие прашања да дадавм збор за процедурални прашања.

Ве молам, одговорено е и за претресот, одговорено е сега по ова, ве молам, ве молам. Ве молам, неможеме да полемизираме, вашето процедурално го завршивте, седнете на место.

Нема повеќе процедурално.

(повеќе пратеници се бунат и бараат процедурално).

Повелете г. Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Благодарам господин претседателе.

Бидејки со мнозинството гласови на позицијата се одлучи да дискусиите трајат до 10 минути, јас ќе се обидам во рамките на тој термин и да ја заклучам мојата дискусија. Мислам нема да бидам многу долг.

Почитувани пратеници, г. минситре,

Буџетот е еден од основните акти на државата или финансиски инструмент со кој што се планираат приходите и трошоците на државата за период од една година. Затоа, Буџетот претставува акт што е многу  комплексен. Планираниот Буџет за 2004 година, според мене има многу недостатоци и не е многу рестриктивен во многу сегменти од општествениот живот. Овој Буџет, за мене е неприфатлив и ако не се поправи , ќе биде неприфатлив. Првенствено во овој Буџет се предвидуваат минимални средства посветени за инвестиции со што ќе се обезбедеа нови работни места.

Во елаборацијата на Буџетот од страна на минситерот, меѓу другото тој рече дека се обезбедени средства за вработување на околу 600 админситративци во државната администрација и околу 500 како нови офицери во АРМ. Се подразбира, од немакедонската заедница. Овој број што се планира да се вработи во иднина, незнам колку е во споредба со 3% од порастот на вработувањето, општо, во Макеоднија, како што е планирано во Буџетот или оваа бројка е во овие 3%?

Ако го имаме превид Охридскиот договор и другите уставни одредби за пропорционално опфаќање на населението што е немакеоднско во државната администрација во Републикава, предвидените средства за оваа цел ниту од блиску не се доволни. Исто така, врз основа на Акциониот план на Владата беше предвидено да во 2003 година се вработат 3400 припадници на немакедонските заедници. Се подразбира мнозинството албанци. Овие податоци ги кажа и г. Муса Џафери. Овој План, за жал, не успеа, затоа што досегашните вработувања од страна на оваа Валда, да зборувам за албанците, во однос со тие што се одстранети од работните места, е помал.

За 2004 година беше потребно во Буџетот да се предвидат многу повеќе средства за исполнување на обврските што останале од 2003 годиа и обврските што се преземени за зголемвуање на вработувањето, според некоја забрзана динамика во 2004 година. Покрај ова, во Буџетот, ми падна во очи нешто друго, дека и тие малку средства што се предвидени за инвестиции во разни форми се посветени повеќе за другите делови на територијата на Република Македонија отколку за Западна Макеоднија. Нешто што остава простор за разни сомнежи.

Поради недостик на финансиски средства или поради манипуалции што ги прави оваа Влада и понатаму заостануваат работите во градење на зградата на Гимназијата “Зеф Љуш Марку” во Скопје и Средното медицинско училиште во Тетово, како и многу други објекти, училишни од образовното образование во албанските населби. За третиот универзитет во Тетово иако е речено дека се предвидени 1,5 милиони евра во Буџетот, врз основа на сликата што ни е претставена тука, овие средства не фигурираат никаде. Бидејки сега се зборува за Буџет за 2004 година, а од друга страна набрзо ќе се усвои закон за новиот универзитет во Тетово, неопходно би било да се предвидат средства не само за трошоците што треба да ги има тој универзитет, туку и за објектите и за исполнување на другите услови за да се престане со обвинвуање дека се узурпирани државни објекти за потребите на овој универзитет.

Во Буџетот не се предвидуваат средства ниту за грижа за инвалидите од војната и за семејствата што се во тешка економска состојба кои во текот на конфликот во 2001 година ги изгубија своите најблиски, кои беа носители на семејната економија.  Во недостиг на грижа од страна на државата за оваа категорија на граѓани, свои граѓани многу активисти, дури и учесници припадници на албанската партија во Влада продолжуваат да собираат средства во дијаспората за овие случаи што ги спомнав. Нема ништо лошо во тоа што се собираат средства, ако се посветат на тие што имаат потреба. Меѓутоа, се подразбира дека многу често се случува тие средства да се злоупотребат.

Мислам дека оваа појава треба да се прекине. Значи, оваа практика не треба да продолжи натаму, затоа што нашите иселеници имаат свои проблеми и мислам дека тие до сега доста придонеле за ова општество. Ние тука треба да се ангажираме, меѓутоа основното едро треба да го носи оваа Влада, треба да се ангажираме за еднаков третман на сите граѓани кои имаа последици од конфликото во 2001 година, независно дали се работи за македонци, албанци, бошњаци, турци или некои други.

Во согласнсот со ова што го кажав, на дневен ред на оваа седница го имаме и Предлогот за донесување на закон за посебни права на припадниците на безбедносните сили во  Република Македонија  и на члeновите на нивните семејства. Јас се надевам дека овој Предлог на закон ќе биде подржан со што ќе се исполни обврската на оваа Влада за еднаков третман на своите граѓани во Република Македонија . Затоа и било потребно да се обезбедат средства за оваа категорија на граѓани.

Во Буџетот за 2004 година не се предвидуваат средства за исполнување на обврските, другите законски обврски што се  надоврзуваат на Охридксиот договор. Овде мислам на финансиски средства потребни за обезбедување сообраќајни знаци на други табли што треба да се обележје освен на макеоднски како службен јазик и на службениот јазик на населението што е над 20% во таа населба, на таа територија каде што живеат, на магистралните патишта и на територијата. Во врска со ова на една од седниците во Парламентот посветени на пратенички прашања поставив прашање до минситерот за транспрот и врски зошто досега , и покрај постоење на Закон за обезбедување на сообраќајот, што е усвоен на 22  мај 2002 година не се исполнува оваа законска обврска? Одговорот на минситерот, се разбира, одговорот го имам во писмена форма, е дека не се обезбедени средства во

Буџетот за оваа намена. Бидејки во Буџетот за 2003 година не се обезбедија средства за оваа дестинација , сега е моментот бидејки разговараме за Буџетот за 2004 година, да се издвојат средства за реализација на оваа законска обврска.

Во недостиг на овие средства што требале да бидат опфатени во Буџетот, со цел да помогнам во исполнување на оваа законска обврска сум подготвил еден амандман, што се надевам дека Валдата ќе го усвои. Со ова е запознат и заменикот минситер за финансии кој учествуаше на седнциата на Комисијата за одбрана и безбедност, каде што еден примерок од одговорот на бившиот минситер за транспорт и врски во врска со ова прашање го добив. Се надевам дека минситерот или Валдата ќе ги подржат и другите амандмани што ги подготви парламентарната група на ДПА и што се во врска о унапредвување на албанскиот јазик, а исто така и во врска со образованието на албанците, високото образование на албанците што произлегува како обврска од Охридскито договор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарма г. Халими што се државте точно до времето.

(Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија бара збор).

Повелете, ако сте предлагач, според Законот имате право.

СИМЕОН ГЕЛЕВСКИ:

Ќе Ви го цитирам Законот, Закон за судски буџет, член 8 став 4:

“Претседателот на судскиот буџетски совет го застапува делот на средствата за судски буџет, судска власт од Буџетот на Република Македонија на седница на Владата. Кога се усвојува Предлогот на Републичкиот буџет на Република Македонија и пред работните тела и на седницата на Собранието кога се донесува Буџетот на Република Македонија”.

Ве молам, барам збор да го презентирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Како предлагач имате 15 минути, повелете.

СИМЕОН ГЕЛЕВСКИ:

Убав е поводот и штета е да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, повелете.

СИМЕОН ГЕЛЕВСКИ:

Благодарам.

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, уважени членови на Владата, Министерството за финансии, меѓутоа тоа е најважно, момент.

Дозволете ми да го изразам моето големо задоволство од можноста да се обратам до сите вас од името на Врховниот суд на Република Македонија и од судството во целина во Република Македонија, со добра намера и добра мисла за нешто значајно, за нешто мошне важно и убаво што се случи во Република Македонија , а тоа е донесување на Законот за судски буџет во септември оваа година.

Собранието на Република Македонија во овој состав и Владата на Република Македонија имаа одважност и доблест да предложат, а пратениците да донесат закон со кој што ќе овозможат првична финансиска автономија на судството во Република Македонија . Им честитам на храброста на Владата, на Министерството и вам дргаи пратеници што го донесовте овој мошне значаен закон.

Од 1 јануари 2004 година отпочнува нова позиција на судската власт во Република Македонија , нејзината уставно-законска независност и самостојност ќе има но и ќе добие економско-финансиска димензија, покрај политичката. Всушност, тоа е тој двоен политички и економски сублимат што му е потребен на судството за да може да застане цврсто на свои нозе, самостојно и независнои во вистинска смисла на зборот да ја остварува својата уставна функција.

Почитувнаи пратеници,

Судската власт во Република Македонија ја вршат судовите и тоа Врховниот суд на Република Македонија, трите апелациони судови во Скопје, Битола и Штип и 27 основни судови. Тие се самостојни и независни, а пресудуваат врз онсова на Устав, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Тие ја обезбедуваат примената на правото и заштита на човековите права и слободи и правната сигурност и создаваат услови на секој човек да може да живее безбедно, во рамките на примената на правото.

Во остварувањето на воеи високи цели судовите се врзани единствено за Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори. Сублиматот на судската

функција се состои во примена на правото на конкретни случаи. Основен уставен принцип за нашето судство дека е тоа самостојно и независно, според член 8 на Уставот на  Република Македонија , но , почитувани пратеници, тоа не е доволно. Имено, само да се пропише на ниво на принцип, туку е потребно и во реалните односи судската власт да е самостојна и независна. Потребнис е суштински гаранции и заштитини механизми.

Всушност принципот на независно судство е оснв за оценка и преоценвуање на една држава дали во неа има владеење на правото и дали е застапена правната држава, па во таа смисла еден од нашите кардинални услови за идната европска интеграција.

За судството, во вистинска смисла да биде самостојно  и независно, покрај политичкиот апсект, а тоа е судскиот мандат да трае , ние тоа го имаме обезбедено, судиите да уживаат имунитет, судските одлуки да се задолжителни и т.н.,потребна е и финансиска самостојност, материјална сигурност и безбедност во вршењето на судската функција. Што ќе рече економси солиден статус и материјална база за успешно и ефикасно раотење. Но, ние живееме во едно кризно време, во едно преодно време во време на големи потреси и промени во државата и тоа во основите на општествено-политичкото и економското битие на системот. Ова е време на крупни промени, уставни, амандмански, законски, системски, со далекусежни политички и социјални поместувања во општеството, приватизации, стечаи, социјални потреси, обврски од Рамковниот договор, криминал, антикорупциски  определба и т.н. и т.н.

Справуањето со овие проблеми во генерлна политичка смисла го чини Владата и Парламентот. Но, конкретизација и чиста и правна фактичка реализација е во судството и во извршувањето на судските одлуки. Ако е така, а така е , за да судството успешно одговори на големиот број судски предмети, минатата година имавме милион и 200 илјади предмети, а успеавме да решиме само 50%. Оваа година сигурно ќе бидат повеќе овие предмети, па за да можеме  да дадеме разврска на конфликните состојби, бидјеки на суд се оди кога има конфликт, на судството мора да му се помогне и со промена на законска регулатива, во смисла на забрзување на процедурите, организационо преструктуирање на судството и персонално зајакнување. Но, исто така мошне е значајна и финансиската помош да му се помогне на судството и преку овој нов предлог на судски буџет да се обезбеди

нормално функционирање и вршење на судската функција, како и да отпочнеме со неопходно потребните и реформи и промени во идната 2004 година.

Судовите треба да си ги решат своите персонални, ние имаме многу персонални проблеми. 37 судии не се избрани во текот на овој период. 147 имаме во администрацијата. Понатаму се потребни структурални промени, техничка модернизација, обврски што произлегуваат од Рамковниот договор, едукативни обврски и т.н. Затоа сметам дека Законот за судски буџет е само мал исчекор до постепеното финансиско осамостојување, бидјеки сепак немавме доблест кога го носевме законот во Парламентот, точно да го утврдиме процентот од Буџетот и да ги утврдиме сигурните извори за алиментација на судството.

Но, за тоа е и ова усогласување, па ако сакате и ова мое обраќање на кое што инсистирав да се обратам и до Валдата, а сега и до Вас почитувани пратеници, за да имате разбирање за потребите на судството, оти стабилно судство е равенство за стабилна држава и битен услов за европска интеграција.

Тргнвуајки од реалните потреби на судството ние предложивме за идната 2004 година висината на износот да биде околу милијарда и 500 милиони. Лимитот што беше определен беше на милијарда и 69 милиони. На првото усогласување во Министерството за финансии, пред околу месец дена успеавме да го убедиме Минситерството за извесно покачување од 100 милиони, но од предлогот што беше презентиран од Владата не бевме наполно задоволни. Во нашето образложение дадовме солидни аргументи и укажаме на следното:

Во нашиот Предлог-буџет е засметан сега и Буџетот на Републичкиот судски совет.

Понатаму , отпочнвуањето на реформкиот зафат во судството, персонален, оргаизационен и технички пристап во модернизацијата на судството, дека ни е потребно стабилно финансирање за да може успешно да функционир асудството.

Исполнвуање на низа неподмирени обврски што ги има судството во врска со своите материјални трошоци за да на крај се зголеми ефикасноста, ажурноста во работата на судовите.

Сакав да напоменам, тоа го дадов и во изјавата во работата на комисиите дека во нашиот предлог судски буџет воопштно не се интервенира во сверата на платите и личните доходи, бидејќи тие остануваат на ниво на 2003 година со еден мал исклучок за оние специфични работни места, судска полиција и други. Затоа овој предлог-буџет е поголем, заправо кои се зголемените ставки? Зголемени се

ставките за модернизација и одржување на информативниот систем, понатаму за образование и едукација на кадрите, бидејќи тоа е законска обврска од 2%, оперативни и фукционални трошоци и ПТТ услуги.

На крајот од моето обраќање почитувани пратеници на Собранието на Република Македонија, би сакал да укажам дека Владата на Република Македонија имаше одредено разбирање да помогне за да успее проектот за независен судски буџет со фактичко зголемување од 15 до 20%. Меѓутоа, сакале ние, или не сакале, почитувани пратеници на Собранието сепак, од основа ќе треба да се промени досегашниот лимитирачки однос кон судството. Со пофлексибилен однос кон судскиот буџет со новата финансиска политика што вие треба да ја креирате и материјалната поддршка, верувајте ќе има и реформи во судството, ќе има ефикасно и ажурно судство и стабилно финансирано судство и притоа ќе има можност Република Македонија со судскиот систем да се интегрира со стандардите на ЕУ. Тоа е клучниот аргумент, но и човековите права и слободи во кои се колнеме и кои зафаќаат една третина од нашиот Устав а за да се тие заштитат и обезбедат судството треба да има и капацитет тоа да го стори. Со предлогот на судскиот буџет кој е пред вас, почитувани пратеници ние правиме исчекор. Мора да се покаже доблест и разбирање за судската власт и за нејзиниот иден буџет. На судството му е потребна финансиска поддршка за да може успешно да отпочне развојниот концепт. Новиот предлог за буџет на судската власт во себе содржи и политичка компонента која треба да ја обезбеди Парламентот, Собранието. Вие ќе треба да ја поддржите, затоа што новиот судски буџет преку новата буџеткса политика треба да оствари стабилно судство во Република Македонија како услов за европска интеграција, но и како услов за остварување на човековите права и слободи утврдени со Уставот на Република Макеоднија. Сума сумарум ние добивме финансиска поддршка за успех на новиот концепт на фунансирањето на судството. Се разбира, изнесовме бројни и основани аргументи, па затоа наидовме и на разбирање. Сакам да го искажам моето големо задоволство и да им оддадам признание пред се на Министерството за финансии, на господинот Кокаровски и на министерот Поповски, исто така на Владата на Република Македонија, а и на Собранието на Република Македонија и очекувам да го поддржи и усвои судскиот буџет, односно буџетот за судската власт како што е предложено во анексот во предлогот на буџетот. Благодарам и се извинувам ако претерав, мислам дека не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

И јас исто ви благодарам и ако почесто настапувате ќе се навикнете на фолклорот и колоритот во Собранието.

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ

Почитуван претседателе, јас сакам на почетокот да ви кажам баш во насока на ова што сега ме опоменавте дека треба да зборувам 10 минути, дека јас како пратеник на опозиционата ВМРО-ДПМНЕ и другите мои колеги од ВМРО-ДПМНЕ пратеници сметаат дека одлуката што е донесена, фактички не е донесена, затоа што ниту е констатирано дали има доволен број на пратеници кои што согласно член 92 каде што стои дека Собранието може да одлучува ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број пратеници, значи гласале 58 пратеници, тоа е наведено од страна на претседателот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Се извинувам господине Блаже Стојановски, вие си го трошите времето, ве молам дискутирајте за буџетот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ

Јас кажувам дека моето време неможе да биде ограничено затоа што ова Собрание нема донесено валидна одлука за ограничување на тоа време. И затоа сакам да искажам дека независно од она што вие го кажувате тука, ние и како пратеничка група и како партија ВМРО-ДПМНЕ ќе излеземе во медиумите и дефинитивно ќе ја искажеме сета оваа фарса што се прави тука, затоа што се зборува за некаков легитимитет во донесување на одлуки..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

По втор пат ве опоменувам да се држите до предметот на расправата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ

Благодарам претседателе. Одиме со дискусијата која што сакав да ја кажам. Добро е што тука е претседателот на Врховниот суд. Јас целосно го поддржувам донесувањето на законот за посебен судски буџет. Меѓутоа, тоа треба да се

однесува и на јавното обвинителство сугурно и треба да се оди во правец на целосно самостојно одлучување на судиите и на судските органи кои што треба навистина да водат сметка за квалитетно трошење на тие средства и остварување на нивните функции согласно Уставот и законите кои што се однесуваат на таа проблематика.Меѓутоа, што да зборувам во ова ограничено време од 10 минути кое што не го почитуваме. Ако сакате да ги експлицирам моите ставови за овие 10 минути, јас навистина неможам тоа да го направам и да имам вон човечки способности, затоа што за 10 минути неможе да се елаборира буџет кој што е од 200 страни само ставки и подставки. А тоа ако не знаете колеги, тоа претставува навистина круцијална материја и тоа претставува начин, модалитети и насока во која што се трошат средствата на граѓаните и тоа токму оние граѓани за кои што тука седиме, кои не плаќаат сите нас и во чие име и за чие добро, општо добро и за доборото на државата треба да се трошат овие средства. Меѓутоа, токму вие со вашето гласање сакавте да им го ускратите нивното право да се информираат детално за тоа на кој начин треба да се соберат овие средства и на кој начин треба да се потрошат овие средства, за кои цели и каква корист тие ќе имаат од тоа. Меѓутоа, факт е дека вие не сакате да им биде тоа презентирано на граѓаните, затоа што сигурно дека не сакате да слушнат дека за социјалните трансфери средствата не се во мера во која што би требало да бидат, затоа што не можете да видите дека Македонија е во една вистинска социјална катастрофа и дека опстојува во исклучително тешки услови. Во вакви услови, во услови на екстремна невработеност, на стагнирачки плати токму социјалните трансфери треба да заземаат значаен дел од средствата. Меѓтутоа, што им нудите вие? Отворено ќе ве прашам, дали средствата за детски додаток се на нивото на кое што треба да бидат? Не се . Дали средствата за заштита на мајките и децата се на нивото на кое што треба да бидат? И тие не се. Дали средствата за помош на социјално загрозените лица кои токму овој премиер ги избрка од работа се на задоволително ниво? Се разбира дека не се. Дали средствата за помош, или подобро кажано за обештетување на лицата прогнувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност се на некакво ниво? Оние лица кои не се штедеа и загубија голем дел од своето здравје по затворите за да добиеме државност, средства за нив не се обезбедени. Дали има доволно средства за помош на семејствата на загинатите бранители кои отидоа на браникот на татковината за да вие сега управувате со нашите судбини. Меѓутоа, ненадоместливо се прави

штета со определувањето на смешни суми средства кои што се наменети за вакви намени. Меѓутоа, средствата кои што се определуваат за земјоделството се никакви. Земјоделците се доведоа скоро до питачки стап, тоа беа истите оние луѓе кои денес мрзнеа токму пред ова Собрание, затоа што им се уништи родот, не им беше откупен родот, или не беше субвенционирано нивното производство. Меѓутоа, за тоа Владата не се грижи, нивните семејства и цели региони од Македонија на овој начин се претвораат во пустини. Меѓутоа, никој не може да се стави во позиција на ограничувач на правата на граѓаните, да биде санкционер на нивните права. Никој не може да се затскрие со ограничување на дискусиите на 10 минути кога се одлучува како и каде ќе ги троши парите на сопствените избирачи. Тоа се докажува со овој обид за ограничување на дискусиите, меѓутоа ова не претставува ништо друго, туку само чекор кон едноумието и кон оној систем со кој што се збогувавме пред 10 години. Навистина ова претставува една максимална несериозност пред се на парламентарното мнозионство, затоа што се доведе целото Собрание во своевиден цајтнот за донесување на овој буџет, затоа што навистина се постави на дневен ред само 5 дена пред започнувањето на календарската година за која што е наменет. А од друга страна дискутиравме 10 дена дење и ноќе за Малоречанскиот универзитет кој што стана приоритетно државно прашање, а на прославата на неговата 10 годишнина се слушаше само албанската химна и се вееше само албанското знаме. Значи, во вакви услови неодложната обврска за навремено донесување на буџетот, сметам дека ќе го намали квалитетот на анализата на овој буџет од сите аспекти кои што се во врска со него што неминовно ќе доведе до намалување на квалитетот на самиот акт, затоа што ние нема да бидеме во можност да ги дадеме нашите аргументи во овој правец. Со тоа се остава впечаток дека ова значи инстантно протуркување на овој закон што слободно може да биде наречен економски устав на земјата за период од една година. Тоа е во чиста спротивност со терминот транспарентност кој оваа Влада многу упорно сака да го форсира и да го употребува, меѓутоа во реалноста тоа апсолутно не држи. Меѓутоа, би сакал да искажам два аргументи кои што се однесуваат во однос на овие работи. Знаеме дека буџетот е јавен и најбитен преглед на сите приходи и расходи кои ги остварува државата за период од една година, особено расходите се многу битен елемент, бидејќи се работи за средства за задоволување на одредени и разновидни потреби. Ти потреби се сервисираат од приходите кои се собрани од граѓаните и правните лица што подразбира дека граѓаните треба и мора да знаат каде ќе се трошат

нивните средства. Меѓутоа, тоа отсуствува. Во буџетот се предвидени раздели, програми, категории, ставки, подставки и тоа е во ред ако ја земеме во предвид неговата формална компонента. Меѓутоа, тие категории се премногу општи, премногу генерични во најмала рака неразбирливи за популацијата која е надвор од економските текови на ова општество. Да земеме се разбира условно дека еве и тоа е во ред. Меѓутоа, од тие причини Владата треба да понуди програми и планови за трошење на средствата од буџетот. Тие планови и програми треба да бидат разработени до најмалата точка и запирка, поединечна ставка од кои ќе можеме да видиме која е намената на овие средства. Или ако зборуваме илустративно треба да се знае дали парите ќе бидат наменети за набавка на ваков, или онаков намештај, или вакви, или онакви стипендии ќе се дадат, колку и колкави трансфери за детски додаток ќе имаме, дали ќе се набават компјутери, или средтвата ќе се наменат за некои други намени и.т.н. Исто така, треба да биде земен во предвид и временскиот аспект, односно интервалот на трошење на тие исти средства во кој месец ќе се троши толку, во кој квартал ќе се извршат тие трошења и тие набавки и на тој начин тие планови и програми треба да го поткрепуваат буџетот есенцијално и притоа да ја отстранат можноста за било какви злоупотреби и сомнежи кои можат да се јават во врска со трошењето на јавните финансии.

Владата за жал такви документи не ни понуди што значи дека очигледно нешто се крие, или во најмала рака буди сомнеж за евентуални девијации. Во секоја европска земја тоа не е така. Затоа, кој е факторот во ваков временски цајтнот по секоја цена без да се води сметка за интересите на граѓаните и функционирањето на државниот апарат да биде изгласан на ваков начин овој буџет. Меѓутоа, ние како пратеничка група ќе бидеме приморани да го изгласаме буџетот за 2004 година со сите негови намерни и ненамерни пропусти и фалинки, или како што некој милува да каже: фабрички грешки.

За потсетување, Владата на ВМРО-ДПМНЕ секогаш со предложените буџети нудеше и програми и планови за извршување на расходите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Господине Стојановски, вашите 10 минути истекоа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ

Само уште малку, кратко имам да завршам ако може?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Вашите 10 минути истекоа. Да се држиме до изгласаното.Ве молам, деловникот вели, 10 минути. Завршивте со вашето време. Јас затоа ве опоменав да не го трошите времето непотребно, да разговарате за буџетот.

Процедурално има госпоѓа Ганка Самоиловска Цветанов.

ГАНСКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека членот од Деловникот со кој се ограничува дискусијата на пратениците на 10 минути, не е изгласан, бидејќи постапката апсолутно не беше запазена . Второ, доколку сте толку принципиелен претседателе, во членот стои многу прецизно дека и предлагачиот има право на излагање од 15 минути. Тогаш зошто не го прекинавте министерот. Каков е тој селективен пристап во примената на членот од Деловникот кој всушност и не е изгласан и усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Госпоѓо Самоиловска, околу тоа го расчистивме

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА

Не, не го расчистивме претседателе, апсолутно не го расчистивме. Зошто не го ограничивте министерот за финансии во неговото излагање од 15 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Тоа го објаснив.

ГАНСКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА

Објаснете ми, ве молам, вие сте должен во согласност со Деловникот после мојата процедурална забелешка да ми дадете објаснување, зошто не го предупредивте министерот и не ја ограничивте неговата дискусија. Ве молам, чекам објаснување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКА

Тоа го објаснив.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВСКА

Зошто не го ограничивте, не го опоменавте за неговата дискусија. Сакам да ми се даде објаснување за селективниот пристап во примената на овој член од Деловникот. Дали селективната примена или рестрикцијата се однесува само за пратениците од опозицијата? Ве молам, чекам објаснување, како што чека и целата македонска јавност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Тоа го објаснив. Се извинувам, јас не мислам да се враќам на процедурални работи кои што ги расчистивме.

Објаснувањето беше дадено.

Има збор господинот Абдилаќим Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ.

Благодарам господине претседател, буџетот преставува едногодишен план за финансиирање на функциите и обврските за секоја држава. Вообичаено годишното оценување,в реднување се прави за фискалната година од 12 месеци која што почнува од 1 јануари до 31 декември и вреди само за фискалната година за која што и се усвојува. Подготвувањето на буџетот се прави врз основа на оценувањата за приходите и трошоците за одредени цели. Буџетот треба да биде сеопфатен за реализација на функциите во државата кои што ги содржи правните аспекти, економските, социјалните и политичките аспекти. Правниот аспект произлегува од правните односи кои што се раѓаат меѓу разни субјекти кои што се ангажирани во подготвителните фази, потоа, во фазата на усвојувањето и реализација на буџетот. Овие односи се претходно дефинирани и затоа не претставуваат некое недоразбирање. Економскиот аспект претставува, или подобро речено во повеќето случаи претставува конфликт меѓу определувањата и програмите на политичките партии кои што учествуваат во подготвувањето на буџетот. Воопшто, економскиот аспект на буџетот се гледа во можностите за постигнување на одредените економски цели, макро-економската стабилност со посебен нагласок на развојната компонента на буџетот. Социјалниот аспект пред се се гледа во предвидените средства за решавање на социјалните права на граѓаните и оваа компонента во буџетот на Република Македонија е во доминантен начин, значи присутна е на доминантен начин. Политичкиот аспект исто така има големо значење во буџетот

посебно во земјите во транзиција и во земјите каде политичките опоненти имаат предрасуди, значи дијаметрално спротивни цели кои што исто сакаат да ги реализираат. Засновајќи се врз ова може да се види дека буџетот е многу значаен проект за политиката и стратегијата на една држава.

Затоа во текот на проектирањето на Буџетот треба да се имаат предвид и да се определат приоритетите со кои што ќе може да се надминат значи одредени ситуации и во кој момент истите или ќе се решат. Кои се приоритетите во овој случај. Сигурно е имплементацијата на Охридскиот договор, правичното застапување на сите етнички заедници, капиталните инвестиции, како што се инвестиции во инфраструктурата кои што влијаат на директен начин на подобрување на животот, финансирање на високото образование за етничките заедници кои што се над 20% од општиот број на населението, апликација во Европска унија и реформите во Министерството за одбрана и во Армијата, реформите во администрацијата, пораст на вработувањето значи смалување на сиромаштијата и така со ред. Исто така, треба да се нагласат и целите на фискалната политика, на макроекономската рамка, основата на политиката за буџетот како и финансиските опасностите кои што може да се предвидат во подготвителната фаза на буџетот. Имајќи го предвид фактот дека приходите за буџетот воглавном доаѓаат од граѓаните, правните лица и економските субјекти, тогаш оттука произлегува и обврската да овој проект, значи буџетот треба да биде транспарентен и тоа транспарентното треба да биде во текот на буџетирањето, во текот на финансиските извештаи во ревизијата, конкурирањето во текот на јавните набавки. Тоа што ние сакаме да го нагласиме во овој момент на фаза на усвојување на буџет е употреба, значи рационално употребување на буџетските средства, иако имаме предвид како ги имаме предвид двата извештаи на Заводот за ревизија за 2001 и 2002 година каде што имаше констатација на злоупотреба на финансиските средства како и искористување на тие средства, финансиски средства за разни цели, тогаш треба да се ангажираме сите да овие феномени се изгубат, се отстранат или да се намалат повеќе.

Ова што го кажав значи погоре, е тоа што и се случило на минатата влада а тоа што и се случило на оваа влада во текот на овој мандат гледано од искористеноста на буџетските средства е низок коефициент на искористување на буџетските средства кои што се проектирани за капиталните финансирања. Мислам дека ова не треба да се толерира, за да се случи повторно оваа буџетска година,

затоа што државата треба да биде примарен инвеститор и потоа да се бараат инвестиции од приватниот сектор и меѓународни инвеститори.

Ова исто така влијае и во реализација на проектираните параметри во реализирање на Буџетот како што се бруто општествениот производ, макроекономските параметри и така по ред, засновајќи се на тоа што е проектирано во Буџетот и од воведниот збор на министерот за финансии се гледа јасно дека Владата е решена за реализација на макроекономската политика, за што има поддршка и од меѓународните финансиски институции.

За да не должам повеќе, бидејќи со образложенијата што се дадоа и во многу други податоци за Предлог-буџетот за 2004 година, јас ќе завршам и ќе изјавам дека ние како парламентарна група на Демократската унија за интеграција ќе гласаме за усвојување на Буџетот.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Марјан Ѓорчев а нека се подготви господинот Михајло Георгиевски.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер и други претставници на Владата на Република Македонија,

Предлог-буџетот за 2004 година претставува финансиска рамка на потрошувачката на државата т.е. јавната потрошувачка и како и во 2003 година и претходните години, макроекономската рамка и постигањата за овој буџет во 2003 година кој што беа направени во тој дел, се детерминанти за предлозите во ставките, разделите, потставките кои што изгледа навидум само како сувопарни бројки изгледаат, меѓутоа во основа со своите 32 и повеќе проценти зафаќање од бруто општествениот производ, 59 милијарди денари значат огромна потрошувачка и на таков начин многу влијаат врз севкупното живеење на граѓаните на Република Македонија.

И при овој буџет јас искрено се надевав дека министерот за финансии како нов министер за финансии има повеќе доблест да предложи економски концепт макар за малку ќе беше различен од оние економски концепти кои што години на ред ги гледавме тука, еве и во ова Собрание на Република Македонија каде што неколку

сидра на макроекономската политика проектираа стопански раст, проектираат стбилност на македонската економија, проектираа ниска инфлација,
скромен надворешно-трговски дефицит, меѓутоа во пракса во овие 12 години самостојност Република Македонија е сеуште далелку од нивото на бруто општествениот производ во 1990 година, што мораме да го земеме како реперен, пред промена на системот, пред промената на производниот однос во Република Македонија.

Притоа кај мене се наметнуваат две основни дилеми. Пред се околу дефицитот во буџетот. Дали преголемата грижа за јавните расходи, преголемата грижа за дефицитот во 2002 конкретно бил 3,1 бруто општествениот производ, во 2003 1,6 предвиден, во 2004 предвидуваат 0,9% од бруто општествениот производ, тоа е некаде околу 40 милиони евра. Дали таа грижа за тој дефицит не оди во некоја крајност која што години на ред, десет години по ред, ја дестимулира инвестиционата и секоја друга активност на реалниот сектор во Република Македонија, а реалниот сектор во Република Македонија е тој кој што трпат сите, најпрво оние што работат во јавниот сектор ги задоволуваат потребите на севкупното општество а потоа и самите си обезбедуваат плата. Тој реално економски сектор врз неговите плеќи паѓа билансирањето години по ред, тој реално економски сектор во овој момент издржува близу 390.000 невработени, се познати на Државниот завод за статистика, околу 186.000 пензионери, над 120.000 вработени кои што примаат плата од задоцнување од три до шест месеци и на таков начин полека но сигурно ние уште нешто утврдувме дека со пропаѓањето и затворањето на многу капацитети, како што се рудниците “Саса”, “Злетово”, “Тораница” и ред други капацитети кои што ги затвараме по диктат или по нашето основно убедување, по различни видувања кој како размислува, во секој случај крајот е тоа дека ние ги уништивме големите системи и доаѓа до ред втората дилема што со продукцијата на она што ваков концепт, макроекономски концепт ни нуди. Кој е крајниот продукт. И фактите се немилосрдни, независно дали сакаме да ги погледаме, несакаме да ги погледаме фактите се немилосрдни. За сите овие десет години од работењето на било која Влада на Република Македонија. Невработеноста расте од 1990 година наваму. Достигна, министерот го прочита тоа, дури ќе ја достигне психолошката бариера од 400.000 невработени до крајот на годината сигурно. Што тоа значи. Тоа значи дека ние во основата, во фундаментот на проекцијата грешиме. Зошто ни е мал трговски дефицит. Заради преговорите со

ММФ, за да останат уште 40.000 невработени, за да ги рестриктираме јавните расходи, за да немаме инвестициона активност во услови кога заради она што се случи во Република Македонија, заради опкружувањето немаме инвестиции, едвај достигнуваат 25 милиони евра во оваа година? Дали зголемувањето на сиромаштијата во Република Македонија по извештајот УНДП говорат, и ребалансот на буџетот кога беше поранешниот министер за финансии, господинот Петар Гошев дека сиромаштијата расте во Република Македонија. Тогаш невработеноста беше 383.000 сега невработеноста 393.000. По 10.000 квартално невработеноста расте. Трговскиот дефицит кој што е проектиран на 15% од бруто општествениот производ уште еднаш на крајот на годината како што беше проектиран минатата година, 18% ќе падне. Затоа што тој со деветти месец, со 30.09.2003 беше 740.000 милиони долари. Тој ви гарантирам дека ќе достигне бројка од 900 милиони долари. Тој е далеку, далеку, далеку над предвидувањата од 15%. Штом имате таков трговски дефицит, толку огромен трговски дефицит, нешто е болно воопшто во македонската економија и таква економија не ќе може консеквентно да издржи ваква буџетска проекција. Тоа е кај мене дилема која што се повторувала  од година во година. Зошто ние слепо следиме еден концепт кој што велиме дека макроекономски ја стабилизира македонската економија, го таргетираме девизниот курс на денарот, убаво е ако ја постигнеме стапката на инфлација, ама зад сувопарноста на бројките постои, да речеме во тој систем феетишкиот карактер на стоката. Зад бројките стојат луѓе, и тие се крајните оценувачи на состојбите во Република Македонија. Тие луѓе се тие 400.000 невработени, тие луѓе се тие 30% од населението 600.000 или повеќе иљади жители на Република Македонија, тоа е остварениот дефицит кој сигурно 900 милиони долари во 2003 година, и тешко ќе можеме таа проекција 15% од бруто општествениот производ, ако нашиот бруто општествен производ е околу 4 милијарди евра, тоа треба да биде 600 милиони евра, тешко ние тоа ќе го оствариме со ваква економија, економија во која што само со доброто работење на “Југохром”, се отвори “Југохром”, па челикот во “Макстил” добро се продава на американскиот пазар, заради тоа Електростопанство добро работи и со три капацитета и доброто работење на “ФЕНИ” простете, ние успеавме да постигнеме раст на општествениот производ од 3%. Зошто? Затоа што немаме споредбена база. Ништо друго не работи. Кажав не работата рудниците за олово и цинк, не работи “Силика” не работи Металски завод “Тито”, не работат икс капацитети, а веќе тука се проектираат структурни реформи во десет предвидени претпријатија, девет се од

агрокомплексот, во услови кога Фондот за земјоделство го укинуваме, субвенции нема, следиме еден ригиден курс, повторно, рестриктивна фискална и ригидна кредитно-монетарна политика. Едноставно дилеми кај мене постојат и како поранешен член на Влада и како поранешен и сегашен член на Парламентот и утре ќе постојат како поранеш член на Парламентот, што е тоа што нас не тера секогаш да следиме еден ист концепт, иако морам да го пофалам тука министерот во делот на она што претставува конечно еднаш да можеме депозитот на Владата во Народната банка на Република Македонија да го користиме за продуктивни цели. Тука пишува за јавни инвестиции, ама кај се тие јавни инвестиции, тука не гледам во буџетот. Дали јавни инвестиции 484 милиона денари од “Телеком” кој што го продадовме за огромна бројка од над триста и дватриесет милиони денари. Каде се тие инвестиции што треба македонскиот граѓанин да го почуствува сега. Немаме одговор зошто не ги користиме парите од “Телеком” имобилизирани се девизните резерви, тие со 1% или 1,5% камата се имобилизираат во банките во Европа и во светот, граѓаните се отпуштатаат од работа, луѓето осиромашуваат, си трпат, а ние тука дискутираме дека ќе направиме добар буџет.

Од финансиска гледна точка нема проблеми околу буџетот, во делот на користењето на депозит во Народнта банка и во делот на емисија на краткорочни хартии од вредност, тоа е во ред, но зошто не се оди похрабро, зошто наместо 2 милијарди не одиме со 4 милијарди, зошто не одиме на тоа сите 100 милиони евра кои беа депозит во Народната банка да го искористиме и не само за инфраструктура оти инфраструктурата веднаш не дава плод. Таа е долгорочен проект ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓорчев, истекоа вашите десет минути.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Не се истечени господине претседателе, уште една минута.

Едноставно сакам да кажам дека секогаш за овие години иста ни е целта само растојанието се зголемува, се подалеку сме од целта, чекорењето е се подолго како таа Зенонова теорија, на отсечки го мериме и поблиску сме до НАТО и Европската Унија, ама македонскиот народ осиромашува од година во година и без политичка димензија дискутираме, едноставно економскиот концепт што Република Македонија го избра и оваа година, според мене по мое длабоко убедување, е промашен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Георгиевски, а нека се подготви пратеникот Емилија Костадинова.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседтеле, почитувани дами и господа пратеници, членови на Владата,

Донесувањето на годишен буџет на една држава е многу важен и битен момент во државата. Од него зависи во голема мера развојот или опаѓањето на одредени дејности во државата, што претставуваат битен елемент во нејзионото функционирање. Тој претставува еден вид регулатор на општествените потреби, или двигател на општествените сили. Средствата од буџетот се собираат од народот и се наменуваат за општите потреби на народот и државата.

Годинашниот буџет , дами и господа, е функционално рестирктивен во одредени дејност, а тоа е враќање назад на одредени дејности, наместо да се движи напред, што е интенција на секое прогресивно општество. За причините околу намалувањето на буџетот и за моето видување како да се поправи сета оваа економска положба, што се рефлектира и во буџетот, ќе кажам малку подолу. А сега, почитувани пратеници, сакам да го свртам вашето почитувано внимание околу буџетот во областа на културата, образованието и науката, области кои многу добро ги знам, бидејќи целиот работен век го поминав во нив.

Овие области сите знаеме дека се битен фактор во општеството. Од нив зависи каков развој ќе имаме во државата, образованието ги дава кадрите, науката мислата и решенијата, а културата духот, без кој општеството би било збир на примитивци. Токму овие битни области во овогодишниот државен буџет во одредени ставки неправилно се намалени во споредба со минатогодишниот буџет. Така на пример, во финансирањето на дејност во областа на културата се намалени во издавачката дејност, библиотекарството, културно-уметничките ставки, а пак на исто рамниште стојат заштитата на спомениците на културата, поддршка на младите таленти и сл.

Почитувани дами и г-да, мислам дека овде нема човек кој што размислува со својот ум да го оправда намалувањето на средствата наменети за издавачка дејност и библиотекарството, кога се знае дека издавачката дејност и библиотекарството, односно книгата и извор на сите знаења. А секое нејзино намалување, макар и

симболично е штетно. Издаваштвото и библиотекарството мора да одат само напред. А што можам да кажам за стоењето на место на средствата за заштита на спомениците на култрурата?

Ние Македонците во светот можеме со гордост да се пофалиме дека нашите предци во невреме, во ропство создале прекрасни цркви и манастири, мостови и други градби, изнапишале прекрасни книги и создале разни уметнички дела, безбројни фрески, икони и др. а нам ни останува во ова време на самобитност и слобода само да ги заштитиме и зачуваме. Еве, и тоа не го правиме како што треба, туку и од тоа скратуваме и недоволно и споро го заштитуваме. Скратени се и средствата и во културно-уметничките манифестации, иако се знае дека оваа година треба да има повеќе културно-уметнички манифестации, со кои ќе се одбележи 60 години од АСНОМ и други значајни настани.

Образованието е едно од најбитните фактори во општеството, а секогаш кај нас било на опашката, па дури и сега во овој буџет, во ставката за основно и средно образование, високото образование, науката и научните институции е намалено во однос на минатогодишниот. Дали може, г-да и дами пратеници да оди едно општество напред со намален буџет во овие суштински области и институции, како што се образованието, науката и мноштвото институти, каде што се создава високообразовниот кадар, кој треба да го покрене општеството во сите сфери на неговото живеење. Потоа науката и научните институти, каде што се создава научната мисла за минатото, сегашноста и виза за иднината. На овие прашања мислам дека одговорот е јасен - нема напредок без образование, наука и култура. За сите овие прашања имам поднесено амандмани и ќе бидам среќен ако се прифатат, а со тоа барем малку нешто ќе се ублажи.

На крајот, почитувани дами и г-да пратеници сакам да го кажам моето општо мислење по буџетот. Како што гледаме буџетот за оваа година е рестриктивен, при што одредени области се враќаат назад, што е штетно за општеството. Ние треба да одиме напред, за да можеме да се доближиме до средно развиените земји во Европа во одредени области што се финансираат од буџетот и само така можеме да се надеваме дека еден ден ќе влеземе во ЕУ. Тоа мора да се постигне не со рестриктивен туку со стимулативен буџет во одредени области во државата. Овде сега се наметнува прашањето зошто буџетот е рестриктивен, односно намален. На секој од нас ни е јасно дека нема пари. Причина за немање пари во државата, почитувани дами и г-да, има многу, како на пример транзиција в о општеството,

недомаќинско работење, криминал и др. Но како да се дојде до повеќе средства во буџетот? Како што моментално стојат работите, почитувани дами и г-да - никако. Зошто никако? Затоа што изворите на буџетот, а тоа е пред се стопанството и вработените луѓе моментално се наоѓаат во тотална летархија, дисхармонија, замреност и дистимулативност.

Тоа е последица во доволна мера од неинвентивноста и неспособноста на Владата. Таа наместо да изнаоѓа механизми за стимулирање на стопанските субјекти, изнаоѓа разни причини за некакви ревизии, контроли и разни други заплашувања поради, наводно, спречување на криминал, а се со цел да им се убие и онака слабата волја за преземање на било какви поголеми производни ефекти и бизниси, плашејќи се дека ќе бидат осудени за криминал или несовесно работење. Тоа е од една страна, а пак од друга страна, Владата директно или индиректно го форсира работничкото незадоволство од наводно лошата и неправилна приватизација, што доведува до разни штрајкови, неработење и уништување на и онака слабите стопански организации, а со тоа се одвраќаат и странските инвеститори и претприемачи. Овде во доволна мера се виновни и бавните и корумпирани судови, што предметите ги влечат со години и на тој начин се уништува стопанството.

Сосема на крајот, почитувани дами и господа пратеници, сакам да укажам дека единствен начин за побогат буџет и воопшто за просперитет на народот и државата е стимулирање на приватниот сектор и продуктивно вработување во истиот. Тоа може да се постигне само со квалитетно и стабилно кредитирање и либерализирање на старите бирократски односи, отворајќи можност за странски инвеститори и развојни иницијативи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Емилија Костадинова, а нека се подготви господинот Џевдет Насуфи.

Пред тоа, реплика има господинот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата,

Мислам дека колегата Георгиевски, иако заедно го гледавме буџетот за култура на Комисијата за култура, каде што изразивме согласување дека буџетот во

културата не е рестриктивен туку има благ пораст од 2%, очигледно дека денес грешно се чита буџетот во културата, со оглед на тоа што има благ пораст. Минималните стапки на намалување на буџетот во библиотекарството, во издавачката дејност се за сметка на воведување на нова ставка во буџетот за култура, а тоа е ставката за невладини организации, каде што за прв пат се издвојуваат 10 милиони денари и со тоа покажуваме дека стануваат партнер на невладините организации кои пополнуваат еден значаен сегмент со проекти во сферата на културата. Тоа сакам да се знае.

Инаку, во некои ставки, како што се ликовната и музејската дејност, потоа сценската и уметничката дејност, имаме пораст на средствата за овие дејности.

Исто така, сакам да кажам дека за прв пат по долг период во културата се издвојуваат средства за капитални објекти во културата. Оваа година ќе се изгради спомен дом на културата во Велес, град кој ја задолжил македонската култура, македонскиот дух и македонската културна и духовна архитектоника заради личностите што ги дава. Се завршува реконструкција на покривниот дел на Македонскито народен театар, се завршува амбициозниот проект реконструкција на Драмскиот театар. Ако сето се собере и одземе, ако се согледа реалниот пораст на средствата во културата за 1,8%, сепак имаме благ пораст и овие средства во културата се доволни за еден издржлив или одржлив културен развој во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Георгиевски, една минута контрареплика.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ

Јас зборував таму каде што е намален во издавачката дејност и библиотекарството и дека стои на исто место, кај заштита на спомениците на културата. Ако не си го прочитал Буџетот отвори го и види го таму, па ќе ти биде јасно, бидејќи таму е намалено, а овде стои на исто место. Јас сега е инсистирам кај министерот тоа да се зголеми, бидејќи не води назад, а книгата рековме дека е извор на сите знаења. Без тоа, се оди назад, тоа ми е зборот. Наместо тој да се бори за зголемување на Буџетот, бидејќи тој е член на таа Комисија за култура, тој се задоволува со тоа што е. Комисијата за култура и секој културен и умен човек овде

треба да се бори за поголема ставка во културата, науката и образованието. Тоа сакав да го кажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Емилија Костадинова, а нека се подготви господинот Џевдет Насуфи.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседател,почутуван министре и заменик министре,
почитувани колеги пратеници,

На денешната 50-та седница на Собранието на Република Македонија , како точка на дневен ред, го имаме секако еден од најважните документи за разгледување кој секогаш предизвикува големо внимание при крајот на годината, како кај буџетските корисници така и во јавноста.

Како ќе биде скроен државниот буџет за наредната година зависи од многу моменти! Тој треба да задоволи повеќе политики и цели, а пред се, макроекономската, фискалната, развојната, социјалната и стабилизационата. Треба да ги задоволи и апетитите на поодделни буџетски корисници кои секогаш се поголеми од реалните можности за нивно целосно покритие. И сега, како да се биде мудар, претпазлив, да се излезе во пресрет на барањата и потребите на буџетските корисници, да се води сметка да не се нарушат нивните основни функции, а од друга страна да се исполнат условите што ги бараат строгите правила поствени од ММФ и Светската банка, се со цел да можеме да ја добиеме нивната финансиска поддршка која ни е толку потребна.

Резултатот од сите тие договарања, усогласувања, кроења и прекројувања е предлог-буџетот што денес го имаме пред нас за расправа.

Почитувани пратеници,

Што констатирав разгледувајќи го истиот, и Анексот даден со него а имајќи го во предвид и воведното излагање на министерот.

-Во сферата на макроекономската политика се оди кон постепено создавање услови за заздравување на националната економија и можности за стопански раст, не сензационален, но умерен;

-Проектиран е реален пораст на БДП од 4% што е остварливо имајќи го предвид дека во 2003 година при затечена полоша состојба во домашната економија се оствари пораст од близу 3% ;

-Граѓаните не треба да стравуваат од нови даночни зафаќања бидејќи во оваа сфера ќе нема промени и полнењето на буџетската каса ќе се одвив од истите извори како и во 2003 година, што е сега на изминување;

-Проектирана е ниска стапка на инфлација од 2,8% мерена преку индексот на трошоците за живот, што делува смирувачки имајќи го предвид искуството од некои поранешни времиња каков психолошки притисок врши високата стапка на инфлација на стопанските субјекти и граѓаните;

-Приоритет се дава на инвестициите во јавната сфера односно во инфраструктурата, што ќе овозможи стварање услови за привлекување странски инвестиции и поттикнување на приватната иницијатива:

-Социјалната компонента на Буџетот и оваа година е силно изразена што укажува на тоа дека сеуште сме држава на социјални случаи:

-За да барем донекаде се ублажи таа состојба, да се намали високиот процент на сиромаштијата и невработеност, планирана е скромна стапка на пораст на вработеноста од 3% се разбира со превземање на мерки и активности таа да се оствcovered, што ќе биде успех да се сопре тој негативен тренд;

-Државната администрација и во 2004 година ќе биде на удар и намалување од 4%, но истовремено и зголемување односно прием на ново вработени за исполнување условите од Рамковниот договор, за што во Буџетот се предвидени потребните средства;

-И преостанатите 12 големи загубари носат значителни средства од Буџетот, но тоа е процес кој е започнат и мора да се заврши, враќање назад нема:

-Непланираните зголемувања на платите на јавната администрација веќе предизвикуваат негодувања, реакции и закани со штрајкови, конкретно веќе најавениот од просветните работници. Сигурно дека на сите тие вработени им е тешко да опстанат со примањата што ги имаат. Но секако, уште потешко им е на тие што се без работа и кои што немаат никакви примања. Мерките на Владата треба да бидат насочени најповеќе во тој правец, за решавање на тој најтежок, најгорлив проблем во домашната економија.

Во овој Предлог-Буџет се внесени и некои технички измени во концепцијата на Буџетот, па и организациски измени во смисла на престанк на самостојното

функционирање на некои фондови и нивно припојување кон ресорните министерства се со цел за порационално и контролирано користење на средствата, потоа намалување на производите што ќе се чуваат во Биорото за стокови резерви, а аналогно на тоа и намалување на средствата што тоа Биро во претходниот период ги користело и како најголема новина, самостојниот судски буџет;

-Министерот за финансии најави уште една новина а тоа е емитување на државни обврзници за финансирање на дефицитот. Со оглед на тоа што се нема искуство во таа сфера, ефектите ќе треба да се пратат со цел да се оцени дали за во наредниот период ќе се створат услови за емитување на долгорочни обврзници за финансирање на буџетскиот дефицит:

-Со креирањето на Буџетот не се испуштени и стратешките приоритети на Република Македонија односно:

-Натамошно усогласување со стандардите на НАТО со цел во 2006 година да можеме да го добиеме толку посакуваното членство, трошоците за таа цел се калкулирани во проекцијата на Буџетот за 2004 година:

-Предвидени се и неопходните трошоци за поднесување на членство во Европската Унија:

-Како неопходни калкулирани се и трошоците кои и понатаму произлегуваат од Рамковниот договор (нови вработувања во полицијата, армиојата, образованието).

Разгледувајќи ги табеларните прегледи по ставки и потставки, ќе дадам краток коментар на цифрените показатели.

- Како најпрво,видливо е едно стабилизирање на буџетската потрошувачка:

-Благ пораст на приходите од 2% во споредба со 2003 година и незначително зголемување на расходите од 0,5%:

-Ова е една позитивна тенденција на смирување порастот на вкупните буџетски приходи и расходи по нивниот екстремен пораст во 2001 и 2002 година;

-Позначителен пораст кај приходите има данокот на добивка од 10% што е позитивно ако се успее, затоа што ќе даде позитивен сигнал дека некои субјекти работат рентабилно и со добивка;

-Персоналниот данок се проектира со пораст од 5,5% што ќе значи поголемо дисциплинирање на даночните обврзници за пријавување на вработените, за да го добиеме тој проектиран пораст;

-Данокот на додадена вредност има планиран пораст од 4% поради тоа што во претходната година, мислам на 2003 која веќе изминува, промените во даночните стапки стапија на сила од 1.04. А 2004 година нивниот ефект ќе биде во текот на цела година:

-Акцизите бележат пораст од 4%;

-Намалување се забележува крај проекцијата на неданочните приходи за 12% и капиталните приходи за 9%, но нивното учество во вкупната структура на приходи е понезначително (7,5% заедно со неданочните и капиталните приходи);

На расходната страна, како што веќе напомнав, се задржува истиот обем на расходи, како во 2003 година, со поголем пораст на тековните расходи од 1,6%.

Ќе ја прескокнам анализата на расходите за да го запазам времето. Ќе спомнам само дека капиталните расходи се на исто ниво како во 2003 година, со мал пад од 2%, односно во апсолутен износ од 6,2 милијарди денари или 10% од вкупните расходи.Тука би нагласила дека Владата треба да ги превземе сите потребни мерки да не ни се случи исто како во 2003 година кога тие средства што беа планирани останаа неискористени и се направи ребаланс на Буџетот.

Крајниот резултат од така проектираниот буџет за 2004 година што ни се нуди на усвојување со вкупни буџетски приходи од 57милијарди и 65 милиони денари...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Емилија, истекоа десетте минути, ве молам.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Добро.

Само да се изјаснам дека со оглед...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, 10 минути истекоа, димензионирајте се во тие 10 минути.

Господинот Слободан Даневски има реплика, повелете три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дали и репликите се намалени, така гласавте или си оди нормално?

Мислам дека не е упатно да го спомнуваме тука Гранковиот синдикат за образование. Инаку, пораката му се преќа на Ванчо Муратовски, претседателот на Синдикатот и ако беше тој вистински лидер на Синдикатот, друго ќе се дискутираше. Од тука му се испраќаат пораки дека тој не е тоа што треба да биде и затоа ни се случуваат такви работи, тој брани други работи. Сега да не му даваме оценки на претседателот на Синдикатот, бидејќи не е место во Парламентот, но тој работи во друго време и во други услови, така што и денес бевме на понижување во Парламентот - нас пратениците сите не караат, кој како ќе дојде ќе не кара во Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, во однос на кој став од дискусијата реплицирате?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На членот 62 од Уставот на Република Македонија! (Смеење).

Во однос на она што колешката зборуваше за Гранковиот синдикат за образование, кој најави дека ќе има штрајк, на почетокот реков претседателе, меѓутоа, вие не ме следевте доволно и ми земавте сега точно минута и 20 секунди. Ова ќе го компензираме. Не е добро, не е ни упатно реков Синдикатот да се спомнува од говорницата, затоа што тој е во друга функција, а ова што му се праќа порака на Ванчо Муратовски да биде уште подисциплиниран го прифаќам, вред, нека му е честитка за Нова Година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика за госпоѓа Емилија Костадиноа.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Моето искажување во дискусијата беше во смисла на тоа дека ние ги разбираме потребите на сите административни работници за поголем пораст на нивните лични примања, но дека исто така треба да имаме разбирање при таква маса и армија на невработени што ги имаме во државата дека приоритет треба да се дава на тој проблем, а воопшто мојата дискусија не беше во смисла на тоа да му

се праќа некаква порака на синдикалниот лидер. Во ниеден момент воопшто не сум помислила на тоа, а ниту на цитираниот...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Џевдет Насуфи, а нека се подготви господинот Илија Србиновски.

ЏВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Денешната седница почна со една одлука и  несоодветна коалиција што се однесува до амандманите, па продолжи со една неприродна одлука за самата демократија, бидејќи да му се одземе збор или да му се ограничи зборот на парламентарец - нема поголем атак врз нив. Затоа, не би сакал ова да се повтори во овој Парламент.

Буџетот како акт на една држава има посебно значење, бидејќи во суштина во него се одразува и развојната политика, социјалната политика, се гледа стандардот на работниците, на работните луѓе и на граѓаните.

Но, мислам дека од почетокот да го нагласам тоа дека овој буџет во суштина, треба да отслика, да рефлектира едно дејствување или една активност, која следи, имено, на оваа седница, утврдена сега, а што е децентрализацијата. Дали овој буџет рефлектира во децентрализацијата на власта или условно да речеме во деконцентрацијата на надлежностите на централнта власт. За жал, и по структурата и по содржината не го изразува ова. Ова е посериозната забелешка, за да можам да ја упатам за овој буџет, што импликациите што произлегуваат, имено, од оваа активност што ја очекува Македонија од овој буџет, значи, не произлегуваат. Бидејќи, пренесувањето на надлежностите или деконцентрацијата условно на централната власт, сега не се пренесени ниту со основниот буџет, ниту со анекс буџетите на трите други фондови, а и на судскиот фонд.

Друга карактеристика на буџетот е намалувањето на буџетите, а ова е неоспорен факт, сега и министерот го признава тоа, но во една ваква состојба, во која што се наоѓа Македонија, со едно ниво на ваков стандард, намалувањето на буџетот паралелно со отстранувањето од работа на 4 илјади вработени, од друга страна имаме еден перманентен пораст на цените, стандардот е сериозно загрозен и ова е неоспорен факт. Ова е еден друг значаен недостаток на буџетот. Но,

повторно ќе се сконцентрирам поради времето во три компоненти, кои треба да ги опфати во себе овој буџет.

Првата компонента е политичката компонента.

Втората е социјалната.

Третата компонента е развојната компонента. Социјалната компонента, нагласи министерот, таа е присутна, но не е колку што треба да биде присутна. Вие знаете дека регистрите на социјалната помош се редуцирани, износот исто така е редуциран. Затоа, иако оваа компонента не ја содржи сам социјалната помош, да кажеме дека социјалниот елемент го вклучува во самиот себе во многу мали количини од конкретната помош и потреба што ја има Македонија. Додека, што се однесува до износот што се доделува и условите на зголемување на цените и паѓање на стандардот, се разбира, и овие износи се релативизираат како социјална помош.

Развојната компонента се споменува, министерот спомна 6 милијарди денари, јас не сум сигурен дека тие се толку, но да претпоставиме дека се толку. За една држава во транзиција и неразвиена, тоа е минормно. Една надворешна компонента има толку инвестиции. Но, ќе се сконцентрирам повеќе во политичката компонента. Политичката компонента од една едноставна причина, затоа што ние сме свесни дека политичката стабилност е предуслов за многу други нешта, да не речеме, за се, што може да се развива нормално и на мирен, тивок начин. Но, за жал, оваа компонента се дезавуира најмногу.

Поради времето, ќе почнам со образованието и тоа токму во високото образование. Тука сме ги предвиделе некаде, ако не се лажам, со математиката, со оглед дека сум правник, некаде 16 милиони евра. Во овие 16 милиони евра, всушност, треба да се предложи и финансирањето на третиот универзитет или универзитетот во Тетово. Тоа е закон, кој сигурно треба да дојде во парламентарна постапка. Јас овде ги имам, а и сите ги имате во буџетот сликите, отсликувањата, расходите, дестинациите, намените на овие средства кои се предвидени за високото образование. Ве молам, видете, забележете, анализирајте каде е овде тетовскиот универзитет. Текстуално, овде сакам да се сконцентрирам, бидејќи има многу недоразбирања и во јавноста и меѓу нас овде, не може да се постави трпезата без храна. И овде е нашата цел, нашето инсистирање дека никој нормален човек не може да ја поддржи една ваква институција, но тој треба да се проследи со соодветни средства. Образованието, што се однесува како образование, е

заобиколен со буџетот, бидејќи нема зголемување во споредба со буџетот од минатата година, а потребите се зголемени. Ова сите го признаваме, посебно парламентарното мнозинство го признава ова. Ве молам, каде се средствата? Има зголемување на буџетот, Министерството за одбрана дури 10-15% има зголемување Министерството за комуникации над 30%, царините над 10-15%, екологијата над 15% зголемување на буџетот, а сега кога треба да изградиме универзитет зошто не предвидуваме 10-15% зголемување на буџетот во образованието, токму на ставката која се однесува на високото образование. Сега, ќе ја спомнам и културата. Културата ги има предвидено некаде околу 1 милијарда и 300 милиони денари мислам за функциите во самата култура. Тие ќе бидат околу 21 милиони евра. Видете ја структурата на расходите или ставките, потставките итн. Ја имате издавачката дејност, издавачката албанска дејност некаде со над 100 илјади евра не учествува. Ја имате библиотекарската дејност, исто така и таа е минормна со 50 илјади сигурно над 50 илјади не може да функционира. Од друга страна имаме филмска дејност итн. Во суштина, ниеден или 2% од средствата не се трошат за албанската култура.

И, да заклучам, бидејќи не сакам да правам проблеми со претседателот на Парламентот, бидејќи пред јавноста ќе излеземе недемократски. Не може да стане збор за рамноправност и кохезија, доколку во буџетот немаме рамноправност, еднаквост, а да не ги спомнам трошоците и расходите и таму состојбата е катастрофална. Тоа што се пренесени неколку лопати, бетонски лопати во неколку училиште, тоа е ирелевантно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате збор г. Србиновски, а нека се подготви господинот Аднан Јашари.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе,

Овие кратки десет минути за буџетот сакам да имам повеќе време да поразговарам, меѓутоа, не знаев кој ресор да го заземам во тој дел од буџетот, па реков да проговорам за дел од земјоделството за буџетот, сакам да кажам за овие намачени земјоделци, кои денес измрзнаа овде пред платото на Собранието, па никој не ги заферма, па ниту некој ги покани на разговор. Со тоа сакам да кажам дека народот во Република Македонија постојано осиромашува, посебно се на удар

на земјоделците нивните семејства и животот на село. Трудот на земјоделецот е обезбеден.

Имаме Влада, најверојатно, единствена во светот што не се грижи за своите земјоделци. Некој заборавил кој го храни овој сиромав народ. Некој го заборавил производителот на пченица, некој ги заборавил производителите на тутун, на сончоглед на шеќерна репа, пченица и на разни други земјоделски производи, нема премии, нема регреси, нема субвенции, нема заштита на домашното производство, а што имаме. Имаме зголемен данок на ДДВ од 5 на 18%, имаме скапи репро материјали, ѓубрива, хемиски препарати, скапи ветеринарни услуги, скапа механизација, со еден збор скапи давачки и зголемени трошоци.

Владата нема јасна аграрна политика и поддршка за стратешкото производство, што претставува азбука за секоја стабилна држава. Ако вака продолжи, ќе немаме ниту земјоделци, ниту сточари, ќе бидат затворени и живинарските фарми, а исто така им се заканува клуч на врата на производителите на месо и на месната индустрија. Накратко што може да се каже? Како стојат работите во овој економски мошне значаен сектор за државата, аграрот. Пченицата имаше цена од 13 денари за килограм, а денес таа има цена од 7 или 9 денари и згора на тоа сеуште не е целосно платена. Сите сме сведоци дека лебот веќе поскапува. Зошто поскапува, се знае. Откупена е пченица 7 денари, а увезуваме 14 денари, па јасно е тоа дека сето тоа е пак на земјоделецот по грбот. Денес пченицата има цена, реков, 9 денари, државата ниту со прст не ја помогна есенската сеидба. Треба ли да зборуваме за тутунот, златното лисје во Република Македонија се откупи со просечна цена од 75 денари за килограм, наспроти двојно поголемата цена што ја имаше претходната Влада пред една година. Сончогледот веќе на земјоделските полиња ќе го немаме во Република Македонија. Нема организиран откуп и на редица други земјоделски производи. Зголемени цени на сите репро материјали.

Почитувани пратеници,

Во првите 10 месеци од доаѓањето на новата Влада во Република Македонија поскапе греењето за 20%, железничкиот превоз за 11%, струјата поскапе за 7,2%, лековите за 6,8%, средствата за лична хигиена поскапеа за 3,8%. И, покрај сето ова, сепак, инфлацијата во Република Македонија остана на ниво од само 1%. Како е тоа можно? Едноставно, целиот товар беше поднесен од страна на земјоделците чии производи поефтинија за повеќе од 8%.

Владата на Република Македонија наспроти реалните штети кои го зафатија македонското земјоделство предизвикани од невремето што ја зафати Македонија во 2003 година не донесе одлука за исплаќање на надоместок на производителите на градинарските култури, на овоштарски, полједелски земјоделски производи.

Субвенциите во земјоделството во 2003 година беа лимитирани од страна на Владата на Република Македонија на 685 милиони денари, што е околу 400 милиони помалку, отколку во 2002 година. Тоа значи дека во 2002 година субвенциите од страна на државата кон македонските земјоделци беа 1085 милиони денари, а во 2003 година 685 милиони денари. За иронијата да биде поголема во 2004 година Владата предвидува субвенции за македонските фармери да бидат дополнително намалени за околу 390 милиони денари.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство сеуште нема исплатено средства на земјоделците за пченицата и тутунот од 2001, 2002 и 2003 година, а наспроти големото производство на јајца, млеко и млечни производи и месо од страна на македонските фармери, Владата на Република Македонија, сепак, постојано одобрува увоз на овие производи од други држави.

Почитувани пратеници, претставници на Влада, за да можеме да излеземе од оваа криза, земјоделците можат да излезат во која се западнати, само ако се обезбеди буџетска поддршка за нивото производство. Република Македонија е претежно аграрна земја, а со предложениот буџет за 2004 година, практично, нашата Влада ја сече гранката на која седи државата. Во буџетот за 2004 година, мора да имаме предвидено средства за загарантиран откуп и премија за тутунот и пченицата како стратешки производи на македонскиот аграр. Државата мора да обезбеди средства за исплата на регреси, на семенски материјал, минерални ѓубрива и хемиски препарати, што мораме да ги обезбедиме овие средства.

Почитувани пратеници, поддршка за произведувачите на добиточната храна, тоа мора да се обезбеди, затоа што увозот на истата го прави производството на земјоделските производи поскапо од самиот производ. Обезбедувајќи ги земјоделците на овој начин, ќе обезбедиме услови, македонските земјоделци да бидат конкурентни на европските пазари, затоа што, почитувани колеги, тоа мора да биде основа за нашиот пробив на европскиот пазар. Тоа ќе го сториме само ако предвидиме повеќе средства за поддршка на земјоделците. Вака, оставаме огромен број од нашето население, кое најредовно си ги подмирува своите обврски кон државата да биде селективно уништувано и доведено во состојба, наместо тие да ја

поддржуваат и да бидат развојна компонента на државата, тие ќе станат социјални случаи, кои покрај сите можности кои аграрот во Република Македонија ги нуди.

Почитуван претседателе, дали имам уште време да зборувам?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате точно уште три минути и 10 секунди.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Материјалот јас си го оставив на маса и немам потреба да го земам, ќе ви кажам дека, навистина, оваа Влада не нуди ништо кога ќе ви кажам дека пченицата се плаќа 7 денари, ако 1 хектар се произведе до 3 илјади тони, 3 илјади килограми по хектар пченица. Ќе ви кажам каде се трошоците на земјоделецот. Ако се плати по 7 денари, 3 илјади колограми по 7, тоа се 20 илјади денари. Е, сега, зошто на работ на ивицата земјоделецот останува. Прво, ќе кажеме дека за основна обработка на 1 хектар чини 5 илјади денари, за семенски материјал чини 5 илјади денари, тоа се 10 илјада денари. За ѓубрива чини 5 илјада денари, тоа се 15 илјада денари, за жетва 5 илјада денари, тоа се 20 илјада денари. За репро материјали 5 илјади, тоа се 25 илјади и за заштитни средства 5 илјади, тоа се 30 илјади. Е, сега, каде е тука човечкиот труд за овој хектар што ќе се вложи, тоа е некаде околу 35 илјади денари, а вие господа, му давате 20 илјади денари за 1 хектар. Исто така, за производството на шеќерна репа, исто е и за производството на тутунот итн.

Минатата Влада, нашата Влада на ВМРО-ДПМНЕ беше способна и беше вредна даде цена од 140 илјади денари по килограм за тутун. Вие, сега, господа, давате цена од 75 денари по тутун. Каде е таа премија од 30 денари по килограм. И, сега, ако ви направам пак една споредба за тутунот, да ви кажам, дека едно четворочлено семејство се занимава со тутун, ако тоа произведува, да речеме, од 500 до 800 килограми по хектар. Верувајте дека тоа четворочлено семејство е уништено. Вие сите сте сведоци дека тоа е така, меѓутоа, не сакате да го признаете. Владата мисли дека може без јадење да се живее. Не, сите кога ќе си одиме дома, ќе побараме вечера, а таа вечера за да ја имаат, треба земјоделско производство. Затоа, Владата треба да си обрне внимание дека земјоделството, аграрот претставува главна гранка за развој, главна компонента за развој на државата. Тоа Владата не го чини, ниту го има на ум. Затоа, сакам да ви докажам дека оние мачни земјоделци, кои се занимаваат со тутун наутро потта ги јаде, лута роса ги јаде, на

ручек им се лепат рацете, цел ден се зафатени со тој тутун, за да произвде 500 до 800 килограми тутун и на крајот да земе 40 илјади денари. Дали тоа се пари. Овие 40 илјади денари ова четворочлено семејство со тутун од 800 килограми, го прашувам министерот дали ова семејство ќе преживее и дали тој ја познава оваа тематика што значи. Тоа значи смрт на земјоделците, нема живот за земјоделците. Почитуван претседателе, вие знаете дека ја утнавте работата, за 10 минути ништо не се кажува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Аднан Јашари, а нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседател, почитуван министер за финансии и заменик министер, почитувани колеги,

Буџетот, како што знаеме се усвојува во период кој што начелно трае една година и во таа година треба да се направи планирање на приходите кои што се собираат и на расходите. Приходите и расходите во буџетот треба да бидат еквилибрирани, затоа што начелото на буџетскиот еквиливалер е од основните начела на буџетскиот систем. Согласно на ова начело во Предлог буџетот кој што ни понуден за 2004 година се предвидени општи приходи во висина од 57 милиони денари, додека расходите се 59 милиони денари, што подразбира дефицит од околу 2,440 милиони денари.

Што се однесува на структурата на општите приходи, најголемо учество во реализирање на овие приходи, нормално ќе има данокот на додадена вредност и акцизите од кои се очекува да се реализираат приходи од 65,5% од даночните приходи. Другиот дел на приходи ќе се реализира од други даночни форми, како персонален данок, данок на добивка и други извори на јавни приходи, како што се приходи од административните такси и приходи од капитал, кои, сигурно ќе се реализираат од продажба на станбените објекти во државна сопственост.

Што се однесува до општите расходи, најголемиот дел во 2004 година ќе ги содржат расходите кои ќе бидат 89,6%, капиталните трошоци ќе бидат во висина од 10,4% од општите расходи кои се предивени во Предлог буџетот. Во тој правец, во рамките на општите расходи, каде се и расходи за плати и компензации,

се предвидени средства за вработување на 600 административци, 36 во Министерството за одбрана. Во тој правец, како информација сакам да нагласам дека во Разделот што е за развој на стратешки приоритети на Министерството за образование, предвидени се и средства  за финансирање на универзитетот во Тетово.

Во Предлог буџетот за 2004 година, во рамките на тековните расходи има пораст во однос на 2003 година. Овој пораст се однесува на трансфери во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, во висина од 10,5%, што е резултат на тенденција за хармонизирање на пензиите со порастот на платите во 2003 година и предвидувањата за пораст на платите во 2004 година. Исто така имаме пораст и кај трансферите што се посветени на социјалната сфера, иако овде врз основа на предвидените параметри по овој Предлог буџет, овој пораст е 0,8%.И, мислам овие измени во социјалната сфера се во врска со пораст на расходите за детски додаток што во споредба со 2003 година се предвидува да порастат за 5,5,%.

Општите расходи врз основа на реформит во јавната админстрација за 2004 година се планирани во висина од 922 милиони денари, во споредба со 2003 година, речиси се двапати поголеми. Овој пораст мислам дека е резултат на оваа Влада, за намалување на бројот на вработени во државните органи за 4%, како и реализирање на реформите во Армијата на Република Македонија, согласно Законот за служење во Армијата на Република Македонија.

Земено општо, мислам дека параметрите на кои се заснова Предлог буџетот за 2004 година се основнит столбови на макроекономската рамка и се во врска со тенденцијата на пораст на бруто општествениот производ за 4%, намалување на процентот на инфлација, со што се очекува во 2004 година инфлацијата да биде 2,8%, тенденцијата за тековно консолидирање фискално консолидирање, смалување на каматната стапка и тн. Сите овие параметри, сугурно, ќе влијаат на порастот на инвестиционите активности, интензивирање на структурните реформи, обезбедување на конкуренција и тн. Меѓу овие начела се надевам дека ќе успееме да ја намалиме невработеноста, која за жал во моментот е многу висока.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот Коце Трајановски има реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Репликата се однесува на претходниот дискутант.

Претходниот дискутант наведе дека за 2004 година се планираат 600 нови вработувања, за припадниците на заедниците во Република Македонија кои ќе треба да бидат вработени во администрацијата т.е. во Министерствата на Република Македонија.

Јас би прашал дали има спецификација во кое министерство колку треба да бидат примени и од која националност, бидејќи јас немам такви сознанија. Доколку претходниот дискутант има такви сознанија, би требало да ни ги каже за да ги знаеме.

Инаку, бидејќи Буџетот за 2004 година се прави по министерства, а не сумарно на ниво на Република Македонија, овие вработени ќе треба да примаат плата од соодветните министерства. А јас, гледајќи го Буџетот, не можев да најдам никаде ставки кои ќе бидат за овие нови вработувања. Според тоа, би требало да знаеме овие 600 вработени кога ќе бидат вработени и во кои министерства, од која националност ќе бидат вработени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Јашари, една минута.

АДНАН ЈАШАРИ:

Изгледа дека колегата Коце Трајановски не го прочитал добро образложението на Буџетот зас 2004 година во кој јасно и децидно се кажани овие 600 службеници кои треба во 2004 година да се вработат во државната администрација. Меѓутоа, со оглед на тоа што во разделите што се предвидени во Предлог буџетот за државната администрација, не се евидентирани овие приходи, затоа што се работи за вработувања кои ќе следат во иднина и со како што не се предвидени приходи и во разделите за високото образование, за финансирање на тетовскиот универзитет, затоа што, како што сите знаеме законот за основање на тетовскиот универзитет не е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Добро е што колегата го спомна тетовскиот универзитет и би сакала да го прашам, по неговата дискусија незнам кој став беше, меѓутоа тој рече дека во стратешките програми во Министерството за образование и наука се предвидени финансиски средства за универзитет во Тетово.

Сега би сакала да го прашам колегата, а воедно и министерот за финансии, од кога стратешка цел на Владата на Република Македонија стана легализацијата на тетовскиот универзитет и барањето на средства од Буџетот за негова легализација, а не претставува стратешка цел намалување на невработеноста или економски пораст на производот во Република Македонија, со оглед на тоа што самиот министер во неговото експозе вели - “Последните податоци покажуваат дека бројот на невработени го допре нивото од 380.000 невработени во нашата држава на 1 декември”.

Јас навистина не можам да ја разберам стратешка цел, тетовски универзитет и стратешка цел, психолошка бариера од 400.000 невработени. Таму знак на еднаквост не смее да постои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Јашари, имате една минута за реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

За жал, колешката која реплицираше, сакаше преку реплика да врши политички маркетинг за својата политичка партија, најверојатно и за себе.

Што се однесува до тоа што јас го реков, би сакал да ја упатам на страна 125 од Предлог буџетот, да ја прочита и да види што пишува на таа страница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуган претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Најнапред дозволете ми да го искажам својот протест поради тоа што ни се скратува можноста да дискуртираме слободно, неограничено. Морам да го искажам својот протест бидејќи во 10 минути, навистина, еден ваков обемен материјал треба доста време прво да се размисли што да се каже и за тоа ќе поминат 10 минути, а камоли да се каже нешто.

Меѓутоа, оваа идеја и не е така лоша. Еве јас како претседател на Комисијата за финансирање и буџет, во иднина и не би било лошо да ја применувам, а можеби уште подобро да не ги држиме седниците. Но, целта, почитувани колеги, за сето ова што денес се случува и не е да работиме поекономично и поефикасно, туку целта е, очигледно, не само тоа да се замолчи опозицијата, туку и да се скријат вистинските факти за она што денес носиме, а што носиме, најдобро е во тој период од 10 минути да не може да искажеме што донесуваме. Целта е значи да се скриеме под плаштот на тие 10 минути и да нема што да се критикува, додека ние се помислиме.

Меѓутоа, главно што да се каже за буџетот, ако земеме да го анализираме по сите оние ставки и така натаму, немаме време ниту една ставка да елабориваме и мораме да се задржиме во глобала.

Можеби најдобрата карактеристика на буџетот е тоа што апсолутно, дури и во многу мали црти се разликува од минатогодишниот. Погледнете го образложението на Владата на Република Македонија. Образложенијата одат во правец, овде незначително се разликува, ваму имаме незначител пораст, онаму имаме незначително намалување, процентите се од 1,2% и тн., па некаде до 7% до 8% каде варира, нешто зголемено, нешто намалено, во глобала и паричната маса на вкупните приходи и паричната маса на вкупните расходи се движи тука. Планираниот дефицит 0,9%, од прилика е тука. Значи, ништо посуштински не се разликува од она што го гледавме минатата година.

Сега некој ќе праша, па добро, почитувани пратеници од владиното мнозинство, па зошто го сменивте Петар Гошев или зошто ви беше потребен нов министер ако овој буџет не се разликува од минатогодишниот. Значи, истата политика ја тераме, а човекот настрада невин. Дури тој претходен министер во масата на вкупните приходи го немаше данокот на додадена вредност со зголемена ставка, затоа што дури во април го донесовме тој закон. Нашиот сегашен почитуван министер ја има таа привилегија данокот на додадена вредност да го наплаќа од 1 јануари, затоа што ние сакале или не, мораме да го донесеме пред Нова година.

Значи, не ја гледам логиката поради која мораше да имаме такво разрешување. За тоа морате серизоно да размислите, затоа што ако во следната година предложите ваков буџет, ќе мора и овој министер да си оди, нели, логично е така. Сега разликата е во тоа што проекцијата на буџетот, овде имаме сега најави дека ЦДП ќе порасне за 1%, значи ќе одиме на 4%, инфлацијата ќе ја задржиме на 2,8% наспрема трошоците на живот, вработувањето ќе го зголемиме дури за 3%, ама главно во приватниот сектор, а затоа пак ќе отпуштиме 4% во јавната администрација. Колку е тоа во бројки, верувајте ми, еден министер велеше не ја знам математиката во проценти и бројки, па на крајот отиде во офсајд, да не испадне сега и друго. Несакам да се занимавам со бројки, меѓутоа, проценти можам да кажам.

Во основа не ни ветува ништо во поглед на вработувањето, како е кажано 4% во приватниот сектор не е ништо, а 4% во администрацијата е нешто. Дури и вчера го слушав министерот на телевизија, кажа дека тој тренд тешко ќе можеме да го запреме. Бројката од 400.000 можеби ќе оди уште погоре. Но, ако се следеше тоа пак наназад со години, ние денес ќе имавме администрација спрема европски стандарди, или, кој знае колку отпуштени, затоа што во приватната иницијатива, во инвестициите во Република Македонија, очигледно сме на последно место. За да имаме вработување мораме да имаме инвестиции. Во недостиг на тоа, нели, главниот број на вработени се во јавната администрација. Сега пак главен број на невработени излегува од таму. Од друга страна немаме вработување. И таа бројка, нормално е, министре, дека ќе расте. Значи, приказната е, се е исто како лани, меѓутоа има една новина. Прв пат ни се случува во буџетот, после 12 години амандмански интервенции од пратениците на албанскиот блок, кога постојано ни бараа по разни основи пари за тетовски универзитет, пари за тетовски универзитет, ние тогаш кажувавме, независно кој беше министер, како да ви дадеме пари кога немаме законска основа. Еве како колеги, и сега се даваат пари, нема законска основа. Дури и непостои тетовски универзитет, нели. Не го донесовме законот. Нема законска рамка.

(Нема пари)

Предвидени се пари, читајте го образложението, таму пишува дека се предвидени. Јас го читам она што е кажано во образложението од Владата на Република Македонија. Зборувам за плати на вработените во тетовски универзитет. Тоа е во образложението на Владата. Значи, кога има вработени има и универзитет, или можеби ќе вработиме во нешто непостоечко. Официјално е така.

Значи, оваа пракса очигледно ќе оди понатаму. Не се плашите, не беше целта опозицијата да се замолчи, целта беше да се скријат нашите слабости, нели. Вие почитувани пратеници од мнозинството, пак го имавте ветувањето од нашиот претседател дека ние сме свесни и не плашете се, нема постојано да ни се случуваат маратонски седници. Тоа од време на време. Меѓутоа за буџет сме свесни дека треба да се донесе. Немавте потреба со ограничување, дај ќе ги запреме да не зборуваат, за да не кажеме овде сега некои работи што можеби не треба.

Значи да го повторам она истото што го кажав. Сакале или не, мораме да се согласиме дека овој буџет не нуди ништо ново. Јас само ќе нафрлам некои работи да видите дека не нуди ништо ново. Ако не е така, повелете, немојте да молчите како риби, јавете се и вие, слободно.

Значи, ако не е така, како тогаш почитувани пратеници ќе објасните дека не се издвоени доволно средства за болните на кои им е потребна дијализа, за болните од дијабетис кои чувствуваат недостаток од основниот препарат и кој ги одржува во живот, тоа е инсулинот.

Зошто почитуван министер и почитувани пратеници од парламентарното мнозинство не му објасните на овој народ зошто нема пари за студентите, за учениците, за стипендиите, за кредитите, за довршувањето на спортските сали, за борба против болестите од зависност. Ајде објаснете им на родителите на учениците во основнит училишта зошто нема пари за делење не бесплатни учебници, нели според ветувањата не некогашниот, сегашниот премиер, зошто нема пари за поттикнување на инвестициите кои по аналогија ќе доведат до отворање на нови работни места, на тој начин да ја исполните и вашата обврска, да не ја заборавате, за вработување на по еден член од секое семејство. Зошто не се издвоени пари за заштита на Дојранското езеро, нели тоа е бисер на Република Македонија, за приоритети, за животната средина.

Господине министре, објаснете им на граѓаните како може да има пари во секое Министерство за купување на мебел и тоа доста големи суми, а да нема пари за поддршка на земјоделието кое е очигледно во колапс. Зошто да нема пари за подигање на споменик на загинатите бранители, како најмала сатисфакција за нивните жртви. Можеше и тоа да се предвиди. Се разбира дека одговор на ова нема да добијам, одлучивте да се покриете зад оние 10 минути разговор и дискусии, со тоа што на овој или на оној начин на нас ќе ни биде скратено правото да можеме да искажеме нешто повеќе. Инаку, ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски, поминаа точно 11 минути од вашето излагање.

За реплика се јави министерот за финансии.

Повелете, имате три минути за реплика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во консталација на односи кои настанаа, се разбира дека немам право да дебатирам по се она што се изнесува. Со оглед дека дадовте и на други право за реплика, веројатно тоа право го имам.

Искрено да ви кажам малку сум разочар од фактот дека претседател на собраниската Комисија за финансии и буџет, толку лапидарно и површно навлезе во анализа на буџетот, повеќе, претпоставувам маркетиншки отколку што се обидува да даде конструктивен придонес. Меѓутоа, морам да демантирам. 95% од тоа што го кажа не е точно. Сега ако почнам да набројувам, нема да имам 10 минути да набројувам, зошто нема за лекови, зошто нема дијализери. За сето тоа има пари во Буџетот, само колку да биде запознаена јавноста.

На пример зошто нема пари за заштита на Дојранското езеро. За Дојранското езеро е формирано и јавно претпријатие и пари за јавни претпријатија за буџет знаете дека не се обезбедуваат.

Сега ако продолжам да демантирам дали има пари за училишта и тн., мислам дека ќе отидеме далеку. Едноставно, сакам да потврдам дека пари за сето тоа има.

И уште да кажам толку дилеми што се јавуваа во врска со универзитетот во Тетово, дека, ако се донесе законот од ваша страна, почитувани пратеници во Собранието, парите ќе се активираат во буџетот. Ако законот во Собранието не го донесете, пари за тој универзитет во буџетот нема да има. Тоа е чиста работа и со тоа не треба да се оптоварувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Карџоски имате дна минута за контрареплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине министре, за толку време колку што ни дозволи парламентарното мнозинство, навистина незнам што да кажам, освен тоа што вие

констатиравте, нели, во најголемиот дел, кажавме маркетиншки, како што вие го нарековте, меѓутоа го кажав во глобала нашиот став.

Сега, зошто нема пари, вие кажавте дека за се има пари. Јас би бил среќен, не само јас, туку и сите македонски граѓани. Тогаш излегува дека ние сме богата држава, за се имаме пари, а состојбата во државата, ако го гледате спрема она што народот го чувствува е далеку од сиромаштија. Кога за се има пари, не гледам тогаш зошто и училиштата и студентските домови и студентскиот стандард е во таква состојба во каква што е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Со тоа ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 20,оо часот)